**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**
**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА И АРХЕОЛОГИЈА**

ISSN: 1857-7342

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2011

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА И АРХЕОЛОГИЈА

**Издавачки совет**
д-р Саша Митрев
д-р Кирил Цацков
д-р Кирил Барбареев
д-р Зоранчо Малиниов
д-р Звонимир Николовски
д-р Трајче Нацев
м-р Александар Донски
м-р Оливер Цацков
м-р Верица Јосимовска

**Редакциски одбор**
д-р Кирил Цацков
д-р Зоранчо Малиниов
д-р Звонимир Николовски
д-р Трајче Нацев
м-р Александар Донски
м-р Оливер Цацков

**Главен и одговорен уредник**
д-р Кирил Цацков

**Единица на Универзитетот**
Институт за историја и археологија

**Јазично уредување**
Даница Гавриловска-Атанасовска
(македонски јазик)

**Техничко уредување**
Славе Димитров
Благој Михов

**Печати**
Печатница „Европа 92“ - Кочани
Тираж - 300 примероци

**Редакција и администрација**
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Институт за историја и археологија
ул. „Крсте Мисирков“ бб
п. фах 201, 2000 Штип
Р. Македонија

## СОДРЖИНА

**м-р Александар Донски**
ВОВЕД ... 7

**д-р Тодор Чепреганов, д-р Ѓорги Чакарјаневски**
МАКЕДОНИЗМОТ ВО ВРЕМЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ... 9

**д-р Кирил Цацков**
НЕОДМИНЛИВАТА ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ВО ШТИП И ВО ПРИЛЕП ... 17

**д-р Ѓорги Малковски**
ПРОПАГАНДИТЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ ВО ВРЕМЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ... 25

**д-р Силвана Сидоровска-Чуповска**
ПРОСВЕТАТА ВО ШТИП ВО ВРЕМЕТО НА ПРЕРОДБАТА ... 31

**д-р Александар Илиевски**
ПЕДАГОШКО-АНДРАГОШКАТА ДЕЈНОСТ НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ... 41

**д-р Михајло Георгиевски**
ПРОСВЕТИТЕЛСКИТЕ ПОГЛЕДИ НА КРАТОВСКИОТ УЧИТЕЛ ДИМИТАР ПОП ЈОСИФОВИЧ, СОВРЕМЕНИК НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ, ИЗНЕСЕНИ ВО НЕГОВИТЕ РАКОПИСИ ОД 1858 И 1869 ГОДИНА ... 51

**м-р Дора Јурукова**
ЗНАЧЕЊЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ЗА УЧИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА ... 57

**д-р Наташа Котлар-Трајкова**
МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ И ПЕТКО РАЧОВ СЛАВЕЈКОВ ... 61

**д-р Билјана Ристовска-Јосифовска**
ИСТОРИСКИТЕ ПРЕСЕЛБИ ОД МАКЕДОНИЈА ВО ОБЛАСТА ТУЗЛУК ВО БУГАРИЈА
(втората половина на XIX и почетокот на XX век) ... 67

**проф. Трајче Мицески, спец. Роберт Конески, дипл.теолог**
ЕДУКАТИВНО-МЕНАЏЕРСКО-ЛИДЕРСКИТЕ ОДЛИКИ НА ДИРЕКТОРОТ НА НАРОДНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ПРИЛЕП (1874-1877) - ЈОСИФ КОВАЧЕВ.................................................... 73

**д-р Зоранчо Малинов**
ФОЛКЛОРНИ И ЕТНОГРАФСКИ МАТЕРИЈАЛИ ПУБЛИКУВАНИ ОД ШТИПЈАНИ КОН КРАЈОТ НА XIX ВЕК ........ 85

**д-р Снежана Јованова-Митковска**
НЕКОИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА „ЗВУЧНАТА МЕТОДА“ НА КОВАЧЕВ ........................................................................... 97

**д-р Александар Трајановски**
НАРОДНООПШТИНСКИ И ПЕДАГОШКО-БОГОСЛОВСКИ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА КОН СРЕДИНАТА НА XIX ВЕК (ПО ПРИМЕРОТ НА УЧИТЕЛСТВУВАЊЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ, Д. МИЛАДИНОВ, СЛ. ДИНГОВА, К. ШАПКАРЕВ И ДРУГИ) ..........................................................................109

**д-р Валентина Миронска-Христовска**
УЛОГАТА НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ВО МАКЕДОНСКАТА ПРОСВЕТНА ТРАДИЦИЈА ..........................................................123

**м-р Елена Јосимовска**
УЧИЛИШТАТА ВО ШТИП ПРЕД И ПО ЈОСИФ КОВАЧЕВ ..........133

**м-р Ванѓа Димитријева**
ЈОСИФ КОВАЧЕВ И ЗНАЧЕЊЕТО НА НЕГОВАТА ЛИЧНОСТ ВО КУЛТУРНОТО ПОЛЕ НА МАКЕДОНИЈА................................137

**м-р Ирена Китанова**
ЕТИЧКО-ЕСТЕТСКИТЕ СЕГМЕНТИ ВО БУКВАРОТ НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ......................................................................141

**Донче Ефремов, Емилија Коруновска**
ЈОСИФ КОВАЧЕВ И НЕГОВОТО ВРЕМЕ.....................................145

**м-р Оливер Цацков**
ЈОСИФ КОВАЧЕВ - УЧЕНИК И УЧИТЕЛ...................................151

**м-р Ленче Насев**
ПОГЛЕД КОН ЖИВОТОТ И ДЕЈНОСТА НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ – ИСТАКНАТ МАКЕДОНСКИ ПЕДАГОГ И РЕФОРМАТОР ОД ШТИП ........ 155

**Иван Котев, Милена Цацкова**
ПРЕРОДБЕНСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО И УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА АРСЕНИ КОСТЕНЦЕВ ........ 163

**м-р Верица Јосимовска**
ДЕЛАТА НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ И ВРЕМЕТО ВО КОЕ ГИ СОЗДАВАШЕ ........ 175

**м-р Кире Филов**
РАЗВОЈОТ НА ПРОСВЕТНАТА ДЕЈНОСТ ВО ШТИП ПРЕД, ЗА ВРЕМЕ И ПО ЈОСИФ КОВАЧЕВ ........ 179

**Лидија Камчева**
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И НЕГОВОТО УЧИТЕЛСТВУВАЊЕ ВО ШТИП ....... 185

**м-р Марија Коцева**
ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА УЧИТЕЛИ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА ........ 191

**ВОВЕД**

На 29 октомври 2010 година, во организација на Институтот за историја и археологија (ИНИСА) на Универзитет „Гоце Делчев“ се одржа Научен симпозиум посветен на животот и делото на Јосиф Ковачев, еден од најистакнатите штипски и македонски мислители и педагози. Симпозиумот „Јосиф Ковачев и неговото време“ започна во 9.30 часот, кога во Градската црква „Св. Никола“ во Штип се одржа панихида посветена на Јосиф Ковачев. Настанот беше свечено отворен во 10 часот, во конференциската сала на Ректоратот на Универзитет „Гоце Делчев“, со говор на деканот на Педагошки факултет и раководител на ИНИСА, проф. д-р Кирил Цацков. По него, свој говор на тема „Просветителската дејност на Црквата низ вековите“ одржа надлежниот митрополит брегалнички г. Иларион. Во својот говор, митрополитот ја истакна важноста на просветителството во Р. Македонија низ историјата, улогата на црковните училишта во ширењето на писменоста во Македонија, значењето на Јосиф Ковачев, втемелувачот на современата македонска педагошка мисла, како и важноста на првиот универзитет во Македонија, „Св. Климент Охридски“. Како што истакна митрополитот, „*главната цел на православните училишта била да ја утврдат и зајакнат православната вера и православниот духовен живот за на тој начин да го сочуваат македонскиот идентитет, писменоста, културата и јазикот*“.

Свој говор на Симпозиумот одржа и ректорот на Универзитетот, проф. д-р Саша Митрев, кој го истакна значењето на Универзитетот „Гоце Делчев” како единствена јавна високообразовна установа во источниот дел на Република Македонија, која има „*посебна национална одговорност во сферата на едукацијата, научните истражувања и промоцијата на новите европски вредности во изградбата на општество втемелено на знаење*“. Освен ова, во врска со темата на Симпозиумот, ректорот истакна дека „*дејноста на Ковачев има трајно значење за образованието во Македонија, затоа што образовниот процес на овие простори и во нашиот град успешно продолжува и по него и по примерот на основаното училиште во Ново Село се отвораат нови училишта и во други градови во Македонија*“.

Потоа почна промовирањето на трудовите и материјалите подготвени за Симпозиумот. Беа претставени вкупно 27 трудови од учесници од неколку градови на Република Македонија. На крајот беа донесени заклучоци, со што овој прв симпозиум организиран од Институтот за историја и археологија при УГД успешно ја заврши својата работа.

М-р Александар Донски

УДК: 37.014.5(497.7)
(091)„18„

проф. д-р Тодор Чепреганов
Институт за национална историја - Скопје
д-р Ѓорги Чакарјаневски
Институт за национална историја - Скопје

## МАКЕДОНИЗМОТ ВО ВРЕМЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ

Формирањето, односно одвојувањето на општините како основни самоуправни институции во Османлиската Империја од системот на патријархиската структура, отворањето училишта на народен јазик, воведувањето на црковнословенскиот јазик во црквите наместо грчкиот, издавањето учебници на македонското „наречие” и сл. ја претставуваат основната содржина на т.н. црковни борби на македонското граѓанство за народносно диференцирање (еманципирања) од грцизмот, како почетен пробив на идејата на македонскиот елемент како посебна народносна единка во словенскиот свет.

Во стопанскиот живот на Македонија, особено во трговијата, доминирале грчкиот, влашкиот и еврејскиот елемент. Грчкиот и влашкиот елемент биле тесно поврзани со црквата, па така доминирале и во општествениот живот, кој бил раководен и насочуван од Грчката црква и имал грчка содржина. Просветата, каква-таква, имала главно грчки карактер. Таа, во прво време, се развивала во голема мера стихијно, но во првата половина на XIX век, по ослободувањето на Грција, започнала да добива организиран карактер. Во јануари 1844 година, во Грчкиот парламент била прокламирана познатата државна политика за создавање „Голема Грција” (т.н. „мегали идеја”). За постигнувањето на таа цел, Атина и Фенер ги впрегнале сите свои сили, а нивниот материјален извор бил грчкиот капитал во Турција и во Грција, пред сѐ крупниот.

Македонското граѓанство, со својата појава, заинтересирано за стекнување свои економски и општествени позиции во земјата, морало да поведе борба и да го истисне од стекнатите привилегии, пред сѐ во чаршијата, грчко-влашкиот елемент. Тоа можело да го направи преку директна конфронтација со Грчката црква, под чија капа, согласно со привилегиите што ги имала добиено од султанот, се наоѓал не само општествениот туку во значителна мера и економскиот живот на православното население со различно етничко потекло. Таа, уште пред создавањето на грчката држава, преку специјална директива побарала од своите потчинети институции да ги шират грчката писменост и просвета меѓу сите православни народи на османлискиот Балкан. А тоа значело, преку системска работа, грци-

зирање пред се на македонското православно население како доминантен елемент во Македонија.

Први што се се спротивставиле на елинизаторската политика на Вселенската патријаршија биле Димитар Миладинов, Григор Прличев, Јордан Хаџи Константинов-Џинот и др.

Започнатиот отпор против великогрчката политика на Патријаршијата постепено прераснал во движење на голем дел од македонскиот народ, чија основна цел беше извојување на сопствена црква, просвета, култура. Основното барање на македонското антипатријаршиско движење беше обновата на Охридската архиепископија, укината во 1767 година. Бидејќи таквото барање немало изгледи да биде прифатено, граѓаните на Кукуш во текот на 1859 година ги прекинале односите со Патријаршијата и го признале за свој верски главатар римскиот папа, создавајќи унија со католичката црква. Со тоа го стекнале правото да го употребуваат мајчиниот јазик во црквата и училиштата без да бидат променети православните догми во богослужбата. И Кукушката унија и т.н. Втора унија (1873–1874), која имаше поширoки димензии, иако беа религиозни институции, во својата суштина имале национално-политичка содржина.

Црковните борби, кои истовремено се воделе и во Бугарија, завршија со прокламирањето на султановиот ферман (28 февруари 1870 г.) за формирање нова црква – Бугарска егзархија. Во административните граници на Егзархијата, покрај бугарските епархии, била приклучена и една македонска – Велешката епархија. Членот 10 од ферманот предвидувал, преку двотретинско изјаснување на верниците, да можат и други епархии да се приклучуваат кон новата црква. Тоа, малку подоцна, се случило со Скопската и со Охридската епархија. Но еве што во однос на ова пишува во в. „Македонија” од 23 јуни 1870 година: „Ферманот кога излезе од милостивите раце на Н. В. С. А. претставуваше голема утеха за Бугарите кога се видоа сместени во нивните епархии; но таа висока милост не беше дадена само исклучиво за Бугарите, туку истото се вети и за Македонците преку 10-тиот член, според кој, ако си ја покажат сите или две третини желбата ќе успеат да се присоединат кон Бугарската црква. Но пред да се соединиме, мислиме и сметаме дека ни е должност да ги прашаме и да ни кажат - како ќе пастируваат, според евангелската заповед ли или како до денеска што ни пастирувале грчките владици тирански и деспотски? Зашто, како што ни мириса уште отсега, ќе да навала кон тој пусти деспотизам. Па затоа не е срамота да ни кажат оти така ќе биде, барем да не си ја бувтаме главата суетно, па најпосле поголеми главоболија да имаме, прашања македонски.[1] Истата година, во ноември, во едно писмо од Ресен

1) Единъ гласъ за всичка Македонія, „Македонія”, IV, 60, 23. VI 1870, 1-2. Црковниот

(30 ноември 1870 г.) до в. „Македонија” пишува: „Еден учител, по име г. Шапкаревиќ,[2] кого што може да го познавате лично, дојде во училиштето да ме посети; истиот ден ми стигнаа и книшките што ми ги испративте преку г. Лазара П. Х. Стојанов. Но штом ги виде рече дека не требало да се продаваат во македонските училишта, бидејќи биле (на) бугарско наречје; ами да землеме од неговите книшки, зашто биле (на) македонско наречје...“[3] А еве што вели и Венјамин Мачуковски во 1872 година: „Изучувањето за бугарската граматика во македонските училишта е еден од најтешките предмети за учениците и заедно со тоа најнеразбирлив... Тоа произлегува од несообразноста во граматичките форми на досегашните издадени бугарски граматики со оние на македонското наречје.[4] На 3 ноември 1873 година Карапетров истакнува: „Митхад-паша се обиде да ги убедува некои од поличните македонски Бугари дека тие не се Бугари, туку Македонци; дека тие се народ посебен од бугарскиот, како што се докажувало и од нивниот јазик (наречје), којшто не е како бугарскиот, дека добро ќе сторат ако се одделат од Бугарите во Дунавската и Одринската област (Мизија и Тракија) и дека, на таков начин, тие ќе си имаат и своја самостојна црква, обновувајќи им се Охридската архиепископија, и уште некои други такви работи.[5] И рускиот општественик и публицист Петар Албин,[6] 1878 година ќе истакне: „...кога дружините од бугарското ополчение беа распуштени за да си одат дома, бидејќи беа составени исклучиво од доброволци, излезе, дека многумина од нив немаа со што да се вратат во своите места. Најголема потреба од парична помош имаа Македонците, кои немаат можност да се вратат на домашните огништа, зашто нивната татковина и натаму е запоседната од Турците. Меѓутоа, познато е дека Македонците беа најдобрите луѓе во дружините (и) со својата храброст и машкост во борбите ги восхитуваа дури и нашите стари војници. Јас им раздадов на таквите Македонци за прехрана 894 франка очекувајќи ја можноста за

собор на Бугарската егзархија требаше да се отвори на 1 февруари 1871 година.

2) Кузман Шапкарев.

3) Документи за борбата. Том први…, 208.

4) Цитирано според: Б л а ж е  К о н е с к и, Македонските учебници од XIX век. Еден прилог кон историјата на македонската преродба, Скопје, 1949, 84-85. Кукушкиот учител Венијамин Мачуковски (1847-1878), родум од с. Мачуково (Гевгелиско) најавил намера за издавање граматика на македонски јазик.

5) П. П. К а р а п е т р о в ъ, Сбирка отъ статии, Срѳдецъ, 1898, 91. Младотурскиот лидер Митхад-паша беше назначен за солунски валија на 3 ноември 1873 год., но остана во Солун до 11 февруари 1874 год. Тој се залага за рамноправност на народностите што живеат во вилаетот, па дури и за обновување на Охридската архиепископија како македонска црква.

6) Руски општественик и публицист.

нивното враќање во татковината...[7]

Македонските општини што се отцепиле од Патријаршијата и новоформираните морале да избираат меѓу двете цркви. Затоа што тие биле должни да се сместат во рамките на некоја од црквите што биле признати од државата за да се стекнат со легален статус пред власта. Така, еден добар дел од македонскиот народ останал под Патријаршијата, а друг значаен дел се приклучил кон Егзархијата. Согласно со законите во Империјата, кои верата ја изедначувале со народноста, покрај графата „Рум милет” (грчки народ), за оние што ја признавале Егзархијата во определената државна документација се отворила и графата „Бугар милет”. Припадници на еден ист народ, дури и припадници на едно исто семејство, во зависност од тоа која црква ја признавале, ќе бидат Грци или Бугари, а подоцна и Срби.

Црковното прашање, значи, се решило во интерес на бугарската национална идеја. Една од основните задачи на Бугарската егзархија била да го шири бугарското национално и политичко влијание во Македонија. Преку отворањето бројни училишта и цркви и преку наложувањето на бугарскиот литературен јазик во училиштата и во администрацијата, преку воведувањето нови, типично бугарски обреди, обичаи, празници и сл., од оние што ја прифатиле Егзархијата во Македонија требало да се создадат национално свесни Бугари, кои требало да послужат како аргумент за третирање на Македонија како бугарска земја. Токму така како што тоа го правела Грчката црква со своите силогоси, а потоа и Српската.

До појавата на организираните пропаганди во почетокот на втората половина на XIX век, во Македонија се забележуваат стремежи и обиди за развиток на просветата и културата меѓу христијанското население, кое во големо мнозинство било македонско. Првите отворени училишта биле грчки.

До средината на XIX век, најраспространети и речиси единствени центри на македонската писменост биле келијните училишта. Но, религиозното образование што го давале овие училишта не одговарало на новото време. Новите потреби ја предизвикале појавата на новите, т.н. световни училишта. Некои македонски градови за функционирањето на новите училишта започнале да ангажираат учители од Србија и од Бугарија, но и домашни кои своето образование го стекнале надвор, особено во Русија. Првите световни училишта биле отворени во Велес, во Скопје, во Прилеп и во Штип.

Познато е дека процесот на одвојувањето на македонското население од општата христијанска православна маса, т.е. од елинизмот започнал

7) Документи за борбата. Том први..., 245.

со словенското име. Македонските будители својата борба против фанариотската просветно-културна доминација ја повеле како Словени. Сите преродбеници се гордееле со своето словенско потекло. И народните училишта и народниот јазик честопати ја носеле ознаката словенски.

Познато е, исто така, дека браќата Миладинови и некои други нивни современици се самонарекувале „Словенобугари” или „Бугари”. Непристрасната научна мисла, меѓутоа, докажува дека во тоа време терминот „Бугарин” не означувал свест на народносна припадност. „Тогаш никому на ум не му паѓаше, ни на Миладинов, народниот бугарски прогрес, ниту беше возможно да се помисли на нешто слично во овие времиња и места...”, пишува Шапкарев. Бугарскиот публицист Атанас Шопов тврди дека „во Македонија немало народна пробуда сè до Руско-турската војна (1877–1878) година... Кај македонските Бугари речиси отсуствуваше народносното самосознание, а верата играше важна улога, која беше во исто време и народност за Македонците”, тврди Шопов. А еве што стои во еден документ од тајната руска архива од 1878 година: „…Грофот Шувалов моли да се донесат сите потребни мерки за смирување на Македонија. Заради тоа би било пожелно да се испратат таму опитни агенти, да им се објави на Македонците од името на Владетелот Император дека Неговото Величество се грижи за нивната судбина, еднакво како и за другите Словени, и дека ќе им биде дадена таква иста слобода како на Бугарите, сега веќе ослободени…“[8]

Создавањето на Егзархијата ја затекнала Македонија во значителна мера со развиена сопствена просвета и култура, во значителна мера ослободена од грчкото црковно и културно влијание и во значителна мера во судир со бугарската пропаганда, која упорно настојувала да го наметне своето, пред сè, национално влијание во општествениот живот на Македонија. Доста интензивното објавување учебници на македонското „наречје” и нивната употреба во македонските училишта претставувале најочевиден израз и сведоштво за автохтоната македонска народносна појава, која се самодокажувала со употребата на својот јазик во училиштата и со развивањето на свои самоуправни органи во општествениот живот. Првите удари на Егзархијата, по нејзината појава на политичката и религиозната сцена, биле насочени токму кон потчинувањето и вклучувањето во својата националнопропагандна шема на сите затекнати институции што развиваа дејност која не се совпаѓала со нејзината програма за создавање свесни Бугари во Македонија. Иако во тоа постигнала успеси, сепак се јавил отпор против таквата егзархиска политика, која доста брзо ќе се прелее во општиот ослободителен напор наречен Македонска револуционерна организација.

8) Документи за борбата. Том први… 238-239.

А еве што се вели во правилата на македонскиот востанички комитет од 1878 година во целите на востанието: „2. Во востанието учествуваат луѓе од самата Македонија, кои се чувствуваат Македонци и ја сакаат слободата на својата татковина” и „4. Сите доброжелатели на Македонците од соседните и подалечните земји можат да учествуваат во Македонското востание, ако му се покоруваат на Македонскиот востанички комитет и искрено се залагаат за ослободувањето на Македонија…” и „15. Секој христијанин и мохамеданец Македонец, Турчин, Аранут, Влав и друг којшто ќе се покаже како противник на востанието и на востаниците ќе се гони и откако ќе биде фатен, ќе се казни соодветно…” и „97. Сите жители Македонци се решени да се бијат со непријателот огорчено и докрај”. [9]

Во годините по Берлинскиот конгрес растела и се образувала онаа македонска генерација која, по силата на историските околности, ќе биде предодредена да учествува и да раководи со последните и решавачки революционерни борби на македонскиот народ за слобода и зачувување на единството на земјата. Тоа е времето кога пушката речиси мирувала, но затоа, пак, историските процеси кои се развиваа на македонската територија ги создавале оние неопходни политички претпоставки што го условија продолжувањето на ослободителните борби прекинати во 1881 година. А еве и што се вели, меѓудругото, во протоколарното решение на Националното собрание на Македонија на Привремената влада на Македонија „Единство” од 21 мај 1880 година: „...Се надеваме дека руската влада ќе ги потпомогне праведните барања на македонскиот народ и ќе помогне да се здобие со правдини слични на останатите балкански народи…“

Но сепак, пропагандите полека но сигурно го земале својот долг. Веќе во 1892 година црногорскиот етнолог Јован Липовац ќе истакне „Nеколку години поназад Македонецот зборувал дека е Македонец. Сега тој зборува дека е Србин или Бугарин”. Меѓутоа, и покрај сите обиди Македонците да се однародат, големото мнозинство од таа интелигенција си останала македонска и се ставило во служба на својот народ – во служба на неговите стремежи и аспирации за слобода.

Напоредно со разбивачките и асимилаторски акции на странските пропаганди, се развивал и отпорот против нив, а во зависност од таквите услови, својот пат го пробивала и македонската национална самосвест. Родена во почетните години на преродбата, таа постојано ќе биде присутна во разни форми, особено во вид на отпор против носителите на бугарската (и грчката) политика за доминација во духовниот и општествениот живот на христијаните во Македонија, а се интензивирала особено по формира-

9) Документи за борбата. Том први… 245-260.

њето на Бугарската егзархија со која, создадена од султанот (1870 г.), бугарската пропаганда и официјално го стекнала правото да го управува и да го насочува духовниот живот на оној дел од македонските христијани што ја признале нејзината религиозна власт, претпочитајќи ја неа како словенска пред Грчката патријаршија.

Но еве што вели рускиот амбасадор Хитрово, во мај 1885 година: „Словенството е едно големо племе, народностите коишто му припаѓаат многу малку се разликуваат меѓу себе по јазикот. Бугарите, Србите и Македонците се од едно исто големо и славно словенско племе... Меѓутоа, единствено македонските Словени се доселиле уште од старо време на Балканскиот Полуостров и тоа пред Грците, Романите, Србите и Бугарите".[10] А еве и нешто директно од Офејков т.е. Шопов, бугарски трговски агент во Македонија кој во 1885 година ќе истакне: „Горко и понизно признание е, но треба да признаеме, дека најголемиот дел од Бугарите во Македонија немаат национална свест и ако Европа му дозволи на народот во Македонија да избере своја татковина, сигурен сум дека повеќето ќе нѐ избегнат…"[11] Во овој период пред балканската и пошироката научнополитичка јавност јавно била изнесена вистината за Македонците како одделен словенски ентитет и тоа од еден истакнат Бугарин - Петар Д. Драганов, инаку познат руски научник - славист, лингвист, демограф. Тој се јавил со тврдењето дека Македонците се посебен словенски народ, со што предизвикал бурни реакции кај заинтересираните научнополитички кругови во Бугарија и во Србија. Во дискусијата што се развила по ова важно прашање се вклучиле и руски научни работници. Во својата книга „Народноста на македонските Словени" (1890 г.), Австриецот Карл Хрон ќе подвлече: „Во моите сопствени студии... дојдов до убедување дека Македонците, како по својата историја така и по својот јазик, се посебен народ..."

Македонската национална духовна активност во земјата била оневозможена од двете цркви кои работеле во интерес на Бугарија и на Грција, а

10) Томислав Тодоровски, Спомените на Мажовски, Скопје, 1972, 40-41. По повод прославата на 1000-годишнината од смртта на св. Методиј, што се одржувала во С.Петербург, Исаија Радев Мажовски (1852-1926) отпатувал за Русија. Попат се сретнал во Букурешт со рускиот пратеник Хитрово, а на 12 мај, преку грофот Игнатиев, бил примен лично од рускиот цар Александар III во Царско Село, кому му ја предал молбата. Следниот ден се сретнал со грофот Игнатиев, а два дена подоцна отпатувал во Одеса, каде што го посетил претседателот на Словенското благотворно друштво. На враќање повторно се состанал со Хитрово за да го извести за посетата на Русија.

11) Georgiu Modi, O makedonikos agon ke i neoteric Makedoniki istoria, B edoksi, Thessaloniki, 2007. Георгиу Моди, Македонската борба и поновата македонска историја, II издание, Солун, 2007.

револуционерната борба, пак, како националноослободителна акција што имала сосема поинаков карактер, поради средствата што ги применувала (за автономија и државност), нормално не била прифатлива, дејствувала илегално и била во жесток судир со османлиската власт: Борбата за национална слобода била насочена, на прво место, против османлиската доминација, а потоа и против оние сили што го цепеле народот и го прогласувале за свој, измислувајќи аргументи за да ја оправдуваат политиката за делење и завладување на Македонија.

Значи, македонското прашање како национално веќе било поставено пред научните кругови на Европа, а особен интерес и бура предизвикало во Бугарија и во Србија.

УДК: 929Ковачев, Ј.

проф. д-р Кирил Цацков
Институт за историја и археологија
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

# НЕОДМИНЛИВАТА ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ВО ШТИП И ВО ПРИЛЕП

Во Македонија и покрај тешките историски и економски околности низ кои поминувал македонскиот народ, образованието се сметало за многу исклучителна вредност и се правеле обиди да се создадат што повеќе услови за негов непречен развој.

Во првата половина на XIX век Штип бил познат трговско-занаетчиски град со богато развиена структура. Меѓу другите компоненти што го условиле неговиот занаетчиски и трговски растеж била и неговата географска положба. Овој богат трговско-занаетчиски живот овозможил да се развие младата штипска буржоазија, која започнала да го менува и духовниот живот на македонскиот народ, а колку повеќе економски јакнела, толку повеќе се осознавала. Потребите за богат просветно-културен живот во Штип и Штипско резултираат од стопанскиот подем на градот и материјалната зајакнатост на штипската чаршија, на штипските занаетчии и трговци. Во ова време како силен економски фактор особено се оформило штипско Ново Село и не случајно ова место станало центар на сите духовни банувања во Штип и Штипско. Поради тоа, економски зајакнатиот општествен слој, младата штипска буржоазија чувствувала потреба за масовно образование за просветување на младите генерации во Штип и пошорокиот регион. Само со образовен и школуван машки и женски подмладок штипјани можеа да ја почувствуваат и својата посветла иднина.

Втората половина на XIX век е време на македонската преродба. Централно место на оваа преродбенска епоха што се однесува за школството има Јосиф Ковачев. Кој бил овој голем штипјанец?

Јосиф Ковачев е роден на 14 јануари 1839 година во Штип. Потекнува од занаетчиско семејство кое му овозможило да се школува. Основното образование го добил во штипското ќелијно училиште во кое учител му бил Павле Грозданов, ценет и почитуван од штипското население. Поради тоа, не случајно воочувајќи ја неговата подготвеност бил испратен во Ќустендил, кај познатиот просветен и културен деец Неофит Рилски. Јосиф Ковачев на 16-годишна возраст бил испратен за учител во Гнилање.

Покрај учителската работа во овој крај, голем афинитет пројавил и кон творбите на народното творештво. Овде долго не се задржал од причини што силната желба за повисоко образование го однела во Белград, каде што престојувал од 1860 до 1864 година. Во овој град ја завршува Белградската духовна семинарија. Покрај тоа, овде ги добива и првите педагошки знаења и идеи што доаѓале од западните земји во тоа време во Србија.

Од 1864 до 1868 година заминал во Русија каде што го продолжил своето образование на Духовната академија во Киев. Покрај духовните науки ги изучувал историјата и педагогијата. Во овој град доаѓа во допир со педагошките идеи на голем број руски мислители, меѓу кои и со педагошките сфаќања на еден од најголемите, не само руски, туку и светски педагог – Константин Ушински. Во Киев како студент се одликувал како совесен, трудољубив, ученољубив, па поради тоа не бил само почитуван од своите колеги, туку и од своите предавачи. Престојот во Белград и во Киев е од огромно значење за Ковачев, бидејќи тој ќе се запознае со современите методи, а со тоа ќе се оформи како голем педагог не само на Балканот туку и пошироко.

По завршувањето на Киевската духовна академија во 1868 година извесно време престојува во Габрово каде што развива интензивна педагошка активност, притоа применувајќи нови методи, како што тој ги нарекол – нагледна и гласна. По учителствувањето во Габрово, Јосиф Ковачев заминал во својата татковина и својот роден град Штип со конкретна желба да го реформира школството, а со тоа да даде и свој придонес за унапредување и осовременување. Неговото огромно значење се состои во тоа што со доаѓањето во Штип во 1869 година старото класично училиште го модифицирал и трансформирал во педагошко-богословно училиште, прво од таков вид во Македонија. Ова има неодминливо значење, затоа што подоцна континуирано продолжува процесот на осовременувањето на педагошката мисла во Македонија. Во педагошко-богословното училиште подготвувал кадри за учители во основното одделение и свештенички кадри. „Наставната програма на педагошкото училиште ги содржела следните предмети: Мироведение, Физика, Политичка економија, Географија, Историја, Природна историја, Јазикознаење, Пишување и читање, Историја на религијата, Историја на црквата, Религиско образование, Германски јазик и Гимнастика. Уште во првата година во училиштето биле запишани ученици од повеќе градови во Македонија“.[1]

1) Ристо Поплазаров, Нови податоци за првото педагошко училиште во Македонија, Гласник бр. I, Скопје, 1974 год., стр. 217

Настојувајќи да го постави школството на модерна основа го направил и првиот пробен чекор. Овде, за првпат ја вовел новата гласовна аналитичко-синтетичка метода, позната во тоа време како звучна „нагледна“. Посебно внимание Ковачев обраќал и на практичната работа. Јосиф ги водел учениците и на настава во природа, со цел да им ги објасни процесите, предметите и појавите во природата. Јосиф, исто така, отворил и курс за описменување на возрасните и ги поучувал трговците за водење на трговски книги. Училиштето на Јосиф Ковачев било комбинирано. Во него учеле и машки и женски. Во поглед на женското образование имал напредно размислување. Тој се залагал за формирање на посебен женски институт за подготвување учителки на кои им определил посебна улога во просветувањето на македонската жена. За збогатување на нагледноста на наставата, покрај учебници што ги имало за сите предмети, се употребувале и други помошни наставни нагледни средства: карти, глобуси, модели, разни предмети, цртежи, набљудувања, екскурзии и др.

Првата генерација ученици од штипското педагошко училиште излегле во 1871 година. „Успехот на учениците бил одличен. Новина во образовниот систем на ова училиште беше воведениот испит на крајот од годината, нешто како денешниот завршен испит (матура). Дотогаш такви испити не се изведувале во ниедно училиште во Македонија“[2].

Ковачев пројавил голем интерес и кон физичкото воспитување. Тоа се пројавило уште од школувањето во Белград, а своите сознанија за него тој ги збогатил и во Киев. Ковачев до крајот на својот живот ќе стане привврзаник на физичкото воспитување. Играта има големо значење и за учителите „ако тие знаат да и го изнајдат местото, таа станува учител на учителите“, пишува Јосиф Ковачев во школската педагогија. Детската игра му овозможува на секој учител добро да го запознае детето што е една од неговите најважни задачи. „Неговиот голем придонес за развојот на физичкото воспитание во Македонија претставува и тоа дека повеќе од завршените учители од педагошките школи во Штип и во Прилеп најверојатно го продолжиле неговото пионерско дело и на ова наставно подрачје. Поради сето тоа Ковачев се втемелува за еден од првите мошне значајни основоположници на физичкото воспитување и образование во Македонија“.[3]

Покрај својата педагошко-дидактичка метода како педагог со широка педагошка култура и ерудиција, со изострен педагошки ум и како

2) Благоја Цветковски, 100 години од првото педагошко училиште во Штип, Скопје, 1969 год., стр. 6

3) Душан Станимировиќ, Придонесот на Јосиф Ковачев за развојот на физичкото воспитание во Македонија, Просветно дело, Скопје, 1993 год., стр. 112

педагошки деец напишал повеќе педагошки расправи, статии од теоријата и практиката на педагошкиот живот, сознанија кои ги стекнал низ своите студии и непосредната педагошка практика. Ги напишал трудовите: „Општа педагогија“ и „Раководство на првоначалното обучение – Буквар по гласовна методика“, прирачници и друга стручна литература. „Неговата објавена книга „Школската педагогија или методичко раководство за учители и управители на народните школи“ печатена во Виена во 1873 година била единствена книга што им послужила како помагало на македонските учители“.[4]

Поради својата напорна педагошка активност и односот, ја уживал големата почит на граѓаните во Штип, но турската власт неговата работа ја оценува како мошне опасна за Империјата, поради што често бил прогонуван и затворан. Една од причините поради што бил осудуван е и, слично како во Габрово, телесното вежбање на учениците што не им се допаднало на турските власти, бидејќи асоцирало на воена подготовка.

Успехот што го постигнал Ковачев во штипското Педагошко-богословно училиште дава повод на црковно-училишна општина во Прилеп да го покани да стане главен учител во Прилеп во 1874 година.

Кога зборуваме за образованието во Прилеп, само по себе се наметнува прашањето за неговата тесна поврзаност со името на големиот македонски педагог, штипјанецот Јосиф Ковачев. За неговото вистинско значење во развитокот на образованието во Прилеп, можеби, најдобра илустрација е поканата на прилепската општина упатена до Јосиф Ковачев. Неа ние ќе ја цитираме во целост, бидејќи сметаме дека има потреба од тоа:

ПОКАНА ОД ПРИЛЕПСКАТА ОПШТИНА ДО ЈОСИФ КОВАЧЕВ

*7 септември 1874 год.*
*Родољубив господине Јосиф Ковачев!*
*во Штип*

*Овдешното население, откако стана свесно за неодложните потреби за просветата и напредокот, коишто ги бара времето, покажа пламена желба да се стават во нашите учебни установи во многу подобар ред. И бидејќи од верни наши пријатели доволно сме се увериле во Вашето достоинство и квалитети, се осмелуваме да се обрнеме кон Вашето родољубие за да Ве замолиме да се погрижите, Вашата милост за расцутот на нашите училишта со тоа што ќе ни бидете учител и едновремено директор над нив.*

*Знаеме дека немате никаква потреба да се оддалечите од вашиот*

4) Историја на Македонскиот народ, книга 2, Скопје, 1969 год., стр. 69.

*град и да учителствувате во нашиот град; и (од) Вашето искрено родољубие и пламената Ваша желба да ги видете својот мил род еден час поскоро напреднат во образованието и просветата сме уверени оти ќе се потрудите да учителствувате во нашиов град за да ги нахраните нашите кревки и нежни дечиња со духовна храна.*

*Заради тоа Ве молиме, ако не сте се погодиле некаде, да ни пишете веднаш за Вашите услови и послежната вредност на годишната плата за да Ви го испратиме писмото со погодба.*

*Ако ви се наоѓа таму и некој помошен учител, исто така јавете ни, како и за неговата плата зошто од таков имаме потреба.*

*Полни верба во Вашето родољубие, уверени сме оти за брго време ќе примиме задоволителен одговор, остануваме со добра мисла.*

*Прилеп 1874 год., 7 септември*

*Со потпис Претседателот*

*Ваш...*

Кон средината на XIX век во Прилеп доаѓа до брз развиток на занаетчиството и трговијата. Економското зајакнување на градот поволно се одразило и врз културниот, духовниот развој, а овозможило и натамошен напредок на економско засилување на домашното градско население, со што се создаваат можности за започнување на преродбенско движење во Македонија.

Ќелијните училишта не можеле да ги задоволат нараснатите потреби од занаетчиското и трговско граѓанство. Во 1843 година во Прилеп била изградена првата училишна зграда во дворот на црквата „Св. Благовештение“. Во таа зграда било отворено првото народно училиште кое работело под името „Св. Кирил и Методиј“. Во оваа зграда учителствувале голем број на познати македонски преродбеници. Прилепското училиште постигнало најголем дострел со доаѓањето на штипскиот учител Јосиф Ковачев.

Во Прилеп го отвора второто по ред во Македонија педагошко училиште за едуцирање на кадри за учители кои потоа станале носители на учителската традиција и образование во македонските градови и села.

Како учител и директор Ковачев многу придонел за квалитативно издигнување на училиштата. Тука тој ги реорганизирал училиштата и приспособил на современи педагошки барања. Во наставата тој прв го вовел одделенско-часовниот систем на настава, нови наставни принципи и методи, како и нови наставни средства и учебни помагала. Ковачев го реорганизирал и класното училиште и го приспособил на барањето на општината – да подготвува учители. „Како и во Штипско, и во Прилепско,

прилепското четирикласно училиште предност имале педагошките предмети, особено методиката на основната настава. Тоа претставувало еден вид семинарија во која учениците добивале средно заокружено образование и се подготвувале за учители“.[5] За кратко време училиштето постигнало извонреден успех. Во него се оспособиле голем број модерни учители, кои ширејќи го духот на новото училиште и применувајќи ги новите педагошки идеи, значително придонесле за развитокот на основното образование во Македонија. Освен во Штип, голем придонес во поглед на физичкото воспитување дал и во Прилеп. Ковачев сметал дека основна задача на наставата по физичко воспитание е учениците да бидат оспособени правилно да го држат телото во сите пригоди, а посебно кога седат во нивните клупи. Програмската содржина по физичко воспитување, според Ковачев, треба да претставува систем на слободни вежби, како што се разни движења на различни делови на телото, главата, рацете, нозете и друго. Дворот на „училиштето како место за играње, за учителот е вистинска педагошка школа, првокласна училница. Воедно тој сметал и дека училницата треба во многу нешта да ги прими квалитетите на местото за играње. Тогаш тие ќе станат место на едно со радост расцутено детство“, истакнува тој.[6]

Плодотворната реформаторска педагошка работа на Ковачев во Прилеп ја прекинале Турците. Таму се задржал до крајот на 1876/1877 година, пред започнување на Руско-турската војна. Подоцна Јосиф Ковачев заминал во Скопје каде што починал на 31 октомври 1898 година.

Ковачевата просветна-педагошка работа е важна и значајна поради нејзините нови и специфични вредности. Неговите педагошки идеи имаат карактер на широки хумани и длабоки морални вредности. Во наставната теорија и практика застапуваше нови форми на работа со нов тон и стил. Ликот на Јосиф Ковачев ќе добие и друга димензија која стана трајно вредна и поучна и ќе продолжи да ги инспирира идните генерации. Делото на Јосиф Ковачев добива особено значење ако се оценува од аспект на подоцнежните достигања на македонската педагошка мисла. Всушност, тоа и ја овозможува идентификацијата на делото на Јосиф Ковачев со трајност и неодминливоста.

5) д-р Ристо Кантарџиев „Нова Македонија“ од 11 ноември 1979 година

6) Обрешков, О, Јосиф Ковачев, дејност и педагогически веку, БАН, Софија, 1963, 109.

**Користена литература**

Ристо Кантарџиев: „Македонското преродбенско училиште“, Култура, Скопје, 1963 год.

Астибо I-XX век, НИП „Трудбеник“, Скопје, 1964 год.

Благоја Цветковски: „100 години од првото педагошко училиште во Штип“, Скопје, 1969 год.

Александар Илиевски: „Влијанието на културно-историските и просветно-педагошките прилики во Македонија за појавата на Учителската школа ‘Гоце Делчев’ во Штип“, Просветно дело, бр. 2, 1992 година.

Обрешков, О., Јосиф: „А. Ковачев – дејност и педагигически взгледи. Блгарска академија на науките, Известија на Педагогическиот институт „Акад. Т. Самодумов“, Софија, 1963, кн. XII.

УДК: 323.12(497.2:163.3)
:37.014

проф. д-р Ѓорги Малковски
Институт за национална историја - Скопје

# ПРОПАГАНДИТЕ НА БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ ВО ВРЕМЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ

Појавата и спроведувањето на пропагандните активности на соседните држави на територијата на Македонија започнала и се интензивирала во втората полвина на XIX век. Ширењето на бугарската пропаганда во Македонија во втората половина на XIX век, главно, започнало да се спроведува по формирањето на Бугарската егзархија. Нешто пред тоа, Бугарите побарале обновување на Трновската патријаршија, а Македонците на Охридската архиепископија. Еден дел од македонското граѓанство се залагал со создавањето единствена словенска црква под бугарско име со седиште во Охрид, друг дел, пак, се застапувал за обновување на Охридската архиепископија како сопствена независна црква.[1]

Станувало очигледно дека обновувањето на Охридската архиепископија не ќе може да се реализира. Созревала свеста дека факторите ангажирани околу создавањето на новата црква (Русија, Турција, Бугарите) воопшто не ги земале предвид посебните македонски интереси и дека црковното прашање ќе се решава како бугарско прашање. Патријаршијата покажала готовност да дозволи создавање на автономна бугарска црква, но само на територијата северно од Стара Планина, во никој случај и во Македонија, Проблемот што ќе се покаже нерешлив, значи не бил дали бугарската црква била потребна туку во кои граници би требало да ја остварува својата навидум духовна но, всушност, политичка власт. „Прашањето за границите на Егзархијата, всушност, има сосема црковен карактер”, констатирал познатиот советски научник С.Никитин, „тоа е, всушност, спор за македонското прашање, спор за тоа во кои државни предели ќе влезат овие територии со текот на времето...”[2] На крајот, вклучувајќи се во решавање на проблемот како посредничка меѓу раскараните страни, турската влада со ферман од 1870 година ја

1) Крсте Богоев, Македонија во време на големата источна криза (1875-1881), Скопје, 1982., 124-126.

2) Историја на македонскиот народ, том три, Скопје, 2003, 39.

формирала новата црква. Црковното прашање било решено на начин што создавал можности судирот меѓу словенските народи и Патријаршијата, односно Грците, да продолжи и понатаму, омразата меѓу нив да расте, а султанот да се појавува како арбитер и добротвор. Таквата политика била доста успешно вградена во споменатиот ферман, кој не ги определувал границите на новата црква.

Согласно со турските закони, кои верата ја изедначувале со народноста, со создавањето на Егзархијата, покрај графата „Рум-милет“, за оние што ја признавале новата црква се отворила и графата „Бугар-милет“. Така, припадници на еден ист народ, дури и претставници на едно исто семејство, во зависност која црква ја признавале, официјално ќе бидат Грци или Бугари, а подоцна и Срби. Тука треба да се спомне и отцепувањето од јатогот на голем број Македонци што го примиле исламот. Со тоа процесот на народното освестување на Македонците навлегол во деликатна фаза и тој понатаму се одвивал низ мошне сложени и непредвидливи ситуации.

Една од основните задачи на бугарската црква била да го шири бугарското национално и политичко влијание во Македонија. Преку отворање на голем број училишта и преку употребата на бугарскиот литературен јазик во нив, впрочем, како и во целата црковно-училишна администрација преку воведувањето на нови типично бугарски обреди, обичаи, празници и сл. од оние што ја признавале Егзархијата во Македонија требало да се создадат национално свесни Бугари и да се подготви терен, во даден момент, Македонија да се присоедини кон Бугарија.[3]

Со формирањето на Кнежевството Бугарија (1878 г.) настанале далеку поповолни услови и за дејноста на бугарската пропаганда во Македонија. Егзархијата, и натаму со седиште во Цариград, останала да биде основниот носител и промотор на бугарската национална идеја во Македонија, но сега финансиски била засилено помагана од бугарските влади и имала можност да развие засилена религиозно-просветна дејност и да постигне завидни резултати. Меѓу основните средства на пропагандите за постугнување на целта биле и училиштата. Во 1888/1989 учебна година Егзархијата имала 784 основни и 63 класни училишта. Учителскиот кадар, особено за основните училишта, се создавал во Македонија, но за класните идеали од Бугарија. Сите директори на средните училишта, сите претседатели на црковно-училишните општини, сите инспектори на основните училишта во македонските кази биле плаќани од Егзархијата и, според тоа, пред неа биле одговорни.

3) Данчо Зографски, Големите сили и Балканот во почетокот на XX век (1900-1914), ГИНИ, г.xiv, бр.2-3, Скопје, 1970, 28-35.

Егзархијата успеала да добие право да назначува свои митрополити во седум македонски епархии: Скопска, Велешка, Охридска, Невроскопска, Пелагониска, Дебарска и Струмичка. Во некои од нив, покрај егзархиски, имало и патријаршиски митрополит, а српски метрополит имало во Скопје.

Грчката пропаганда во втората половина на XIX век, како и нивните претензии спрема Балканот, се формулирани во две програми. Според т.н. владината прогарама, грчката граница требало да тргнува од Драч и да стигне до Егејското Море, врвејќи северно од Сер на исток и кон Битола и Охрид на запад. За постигнување на оваа цел, претходно требало да се подготви почва преку примена на пропаганди и револуционерни средства. Се започнало масовно да се назначуваат свештеници за македонските населени места, да се отвораат што повеќе основни училишта, а по градовите уште и забавишта и прогимназии, додека во главните центри средни училишта и интернати (гимназии, учителски школи, богословски). Особено било важно во Македонија да има што поголем број грчки училишта и цркви. Нивниот број и бројот на учениците и учителите биле употребувани пред Европа како осноен аргумент за докажување на наводниот грчки карактер на Македонија. Од бројот на учениците што неумерно ги зголемувале, преку сопствени математички операции, грчката пропаганда извлекла заклучок за бројот на грчкото население во Македонија. Нејзината крајна цел била асимилација на што поголем број православно македонско и влашко население.

Со појавата на движењето за отцепување од грчката црква станало јасно дека Патријаршијата не можела веднаш да одговори на задачите што пред неа ги поставило новото време. Затоа, на помош почнале да ѝ доаѓаат разни здруженија (силогоси) кои по директива изникнувале во Турција, а што било мошне важно, се појавиле и во Грција.

Во 1861 година во Цариград, Грците го создале Филолошкиот силогос за негување и ширење на грчката писменост во Турција. Својата мисија тој ја реализирал преку свои силогоси и клубови формирани во Македонија и во други делови на Турција. Но, поради нејзиниот претежно македонски карактер и малубројноста на Грците, Македонија станала центар на вниманието на Филолошкиот силогос. Најголемиот дел од помошта тој им ја додавал на грчките училишта во Македонија. Силогосот добил статус на еден вид министерство за просвета на патријаршиската заедница во Империјата.[4]

Во 1869 година во Атина се појавил силогос за ширење на грчката писменост, што го сметале за „најблизок соработник на грчката влада

---

4) Крсте Битовски, Грчките четнички акции во Македонија во 1896 година, Цп Историја, г. 6, бр.2, Скопје, 1979.

во нејзината борба против панславизмот“. Располаѓајќи со значителни парични средства, најмногу од грчки државни извори, овој силогос ќе одигра улога на главен финансиер на грчката просвета и култура во Македонија, и слично на Цариградскиот, ќе се одржува врски и ќе ги формира во поважните центри на Македонија и пошироко.

Во шеесеттите години, кога се воделе борби за обновување на Охридската архиепископија, односно за создавање самостојна бугарска црква, Грците веќе оформиле свој организам што има единствена цел: преку црквата и динамичното ширење на грчкото школство и култура да се всадува грчката национална свест кај православното, пред сѐ, македонско и влашко население, да се зачува доминацијата на Патријаршијата во Македонија и над Македонците и да се спречи стремежот на мнозинското население кон национална еманципација или негово приклучување кон Егзархијата. На чело на оваа голема националистичка асимилаторска мисија официјално стоела Патријаршијата, значително помагана од Филолошкиот и особено од Атинскиот силогос, зад кои стоела материјалната и моралната сила на грчкиот крупен капитал во Турција и грчката држава. Главна улога во раководењето со пропагандата имало Министерството за надворешни работи кое, преку своите дипломатски преставници во Солун, Битола и Сер, одржувало редовна врска со основните носители ан великогрчката идеја во Македонија.

Српската, романската и другите пропаганди, коишто исто така започнале да влијаат во Македонија во втората половина на XIX век биле причина овој процес уште повеќе да се засили на територијата на Македонија и да предизвикува одредени последици за разбивањето на националната компонента и единство на Македонците. Поаѓајќи од овие позиции, најпрво во 1868 година Србите го формирале познатиот Просветен одбор, со задача да отвора и да издржува српски училишта во Стара Србија и Македонија. По формирањето на Бугарската егзархија и на Кнежевството Бугарија, загриженоста на Белград за судбината на српските интереси, што и пред тоа Србија почнала да ги создава во Турција, се преобразила во јасно дефинирана политика која се одразила врз интензивирањето на материјалните и политичките средства со кои требало, едноставно речено, да се создадат Срби во Македонија. Во рамките на една таква своја политика српската влада побарала дозвола од Турија повторно да ги отвори веќе затворените српски училишта во Македонија во текот на 1876-1878 година. Напоредно со тоа се барало патријархот уште и да назначува Срби владици во Скопје, Велес, Битола, Охрид и во Призрен.

Србија немала своја црква во Турција, соодветна на црквите на Грците и Бугарите, поради што раководењето со пропагандата било отежнато. Во Белград, во 1890 година, било решено раководството на пропагандата во Македонија да се лоцира во Министерството за надворешни работи (во Политичкото-просветно одделение - ППО) значително да се зголеми буџетот за потребите на пропагандната дејност. Од пропагандното дејствување на биле поштедени ниту Власите во Македонија. Во 1860 година, во Букурешт бил основан Македонски комитет чијашто цел била да се работи на отцепување на Власите од грцизмот во европскиот дел на Турција. Таа цел очекувале да се постигне со помош на училиштата и црквата, но и со други средства. Македонските Власи, меѓутоа, главно преку црквата, со децении биле поврзани со елинизмот, тие немале никаква речиси никаква духовна врска со Романија, поради што целта на Комитетот можела тешко да се оствари. И до ден-денес нашите простори останале траги од присуството и на католичкатаи протестантската верска пропаганда. А тие по 1878 година ја засилиле својата дејност и постигнале извесни резултати. Носители на протестантската пропаганда биле мисионери од Англија и од Америка, а нивниот терен на дејствување била, главно, Источна Македонија: Разлошко, Невроскопско, долините на Струма и на Струмешница.

Македонската младина што ги завршувала егзархиските училишта, во основа се разликувала од младината што се школувала во грчките и во српските училишта. Прво, таа била побројна и второ, иако низ образовниот процес ја воспоставиле во бугарски дух, мнозинството од оваа млада интелигенција останало политички фактор, носител и раководител на илинденските национални револуционерни-борби, но и борбите против завојувачката политика на бугарскиот двор и на бугарските влади спрема Македонија.

**Користена литература**

Крсте Битовски, Македонија во времето на големата источна криза, Скопје, 1982.

Историја на македонскиот народ, том III, Скопје, 2003.

Данчо Зографски, Големите сили и Балканот во почетокот на XX век, Скопје, 1970.

Единъ Македонецъ, Българската пропаганда въ Македония, София, 1902.

Крсте Битовски, Грчките четнички акции во Македонија во 1896 година, Сп. Историја 6, бр 2, Скопје, 1979.

УДК: 37.014.2(497.731)(091)

проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска
Институт за национална историја - Скопје

## ПРОСВЕТАТА ВО ШТИП ВО ВРЕМЕТО НА ПРЕРОДБАТА

Процесот на македонизирање на градовите и менување на нивниот карактер започнат во втората половина на XVIII век, својот најголем интензитет го достигнал со почетокот на XIX век. Економската основа на градовите биле занаетчиството и трговијата. Се појавиле развиени градски занаетчиски и трговски центри кои започнале да го менуваат својот облик, како и бројот на населението. Во редот со Велес, Скопје, Кукуш, Битола, Серес, Солун и други, просперитет доживувал и Штип.

До крајот на XVIII век, Штип приближно имал 6.000 жители и се вбројувал меѓу поголемите градови во Македонија. Како и во поголемиот број од македонските градови и во Штип започнале да се формираат нови квартови каде што доминирал македонскиот елемент. Во втората половина на XIX век бројот на жители се зголемил од 15.000 до 20.000 жители, со развиени десетина занаети (кројачки, кожарски, чevларски, кујунџиски, сармаџиски и др.). Градот бил познат по извезените кожи, како и по маслото од сусам и афионово семе, потоа волната и други производи.

Со почетокот на XIX век меѓу македонските трговци кои имале отворени трговски кантони во Европа бил и хаџи Пецо од Штип. Трговските и стопанските врски на Штип со надворешниот свет имале и една друга мошне важна страна поврзана со културната преродба. Во 1814 година во редот на трговците кои материјално го помогнале печатењето на книгите од Јоаким Крчовски „Повест ради страшнаго и втораго пришествие Христова” се споменува и трговецот хаџи Пецо од Штип. Пет години подоцна, помош за печатење на книгата „Различни поучителни наставленија” донирале и жителите на Ново Село (Ивановъ, Сѫверна Македония:1906, 356).

Тешко е да се посочи едно определено средиште (град или област) во Македонија, каде што најпрвин се појавило црковно-просветно движење. Тоа во некои места било посилно, некаде послабо и било во зависнот од социјално-политичките и економски услови. Во таа насока може да се зборува и за развојот на просветата во Штип, каде влијанието на споменатите фактори било од големо значење.

Во 1830 година во Штип постоела црковно-епитропска општина, која со себе ги носела елементите на нов тип еснафско-трговско-граѓанска општина. Општина како и другите црковно-епитропски општини во Македонија со текот на времето, особено во периодот од 30-тите до 60-тите години од XIX век, постепено се трансформирала во црковно-училишна општина (Трајановски: 1988, 55). Црковно-епитропската општина во Штип била една од ретките во Македонија во која до крајот на XVIII век немало грчко училиште. Во 1793 година во Штип за првпат се споменува ќелијно училиште. Ваков тип на училиште егзистирало и во Ново Село, каде што се изучувала словенската писменост преку часословот, псалтирот и друго. Ваквата тенденција се задржала и по укинувањето на Охридската архиепископија, кога сите ингеренции биле во рацете на Цариградската патријаршија. Во изворите е забележано дека во штипската црква не се служела литургија на грчки јазик, освен со извесни исклучоци.

Писменоста меѓу населението во Штип со почетокот на XIX век била на завидно ниво. Ова го потврдува и податокот во кој се вели дека половината од граѓаните знаеле да читаат и да пишуваат (Хаџи Васиљевић: 1928, 83).

Ќелијното училиште во Штип, познато уште како општонародно училиште, продолжило со работа и во 1830 година. За таа цел Штипската црковноучилишна општина им плаќала на општинските учители даскалот Мано и Трајко Клисаров (Завоевъ: 1928, 68). Во 1828 година училиште имало и во Ново Село, во кое учител бил даскалот Тасо. Во време на нивното учителствување, училиштата сеуште се наоѓале во преодна фаза од световно во општинско ќелијно училиште, бидејќи за тоа и говорат и изворите во кои се вели дека учителите покрај општинска плата, примале и подароци од родителите и учениците за време на големите празници (Трајановски, 1988, 115).

Истовремено со општинското ќелијно училиште работеле и неколку приватни училишта (Завоевъ: 1928, 68). Овие училишта се разликувале од општинското ќелијно по тоа што во нив учениците во слободното време работеле и некој занает. Во нив наставата била водена од некој приучен занаетчија, кому учителството му претставувало и дополнителна професија (Завоевъ: 1928, 68).

Кон крајот на 1840 година било отворено првото световно (заемно) училиште. Прв градски учител бил Павле Грозданов, кој бил многу ценет од своите сограѓани. Во 1846 година за време на неговото учителствување од страна на грчкиот епископ Захариј, кој управувал на Ќустендилско-штипската епархија бил направен безуспешен обид во општинското училиште да го спороведе грчкиот јазик. За таа негова цел биле ангажирани

двајца грчки учители кои успеале само еден месец во изнајмена куќа да држат проповед на грчки јазик (Ивановъ, Съверна Македония: 1906, 359-360). Световното училиште успешно работело до смртта на учителот Павле во 1857 година.

Во 1861 година под раководство на трговско-занаетчискиот слој главните организатори на просветата за учител бил повикан српскиот учител Ѓорѓи Милетиќ. За време на неговото учителствување за првпат биле спроведени и годишните испити за учениците. Истата година било отворено и првото женско училиште од неговата сопруга велешанката Ефка Милетиќ. Две години подоцна, во 1863 година, во основното училиште учителствувал уште еден српски емигрант Василије Димитријевиќ. Во градот останал многу кусо време, бидејќи по три месеци се споменува учителот Димитар Белајана. Во штипското класно училиште наставата ја водел Димитар Павлов, син на Павле Грозданов (Завоевъ: 1928, 70).

Во 1869 година, по предлог на граѓаните, Штипската црковноучилишна општина за главен учител во класното училиште го назначила Јосиф Ковачев. Штипското класно училиште го реформирал врз педагошка основа, со цел да подготвува учители за основните училишта, прво училиште од ваков вид во Македонија. Училиштето имало два класа и во него Ј. Ковачев за првпат го вовел предметниот систем на настава (Биография на дарителите Екатерина и Јосиф Ковачеви: 1936, 4). Покрај општообразовни, во наставниот план во штипското училиште биле застапени педагошки и богословски дисциплини, поради што било наречено педагошко-богословско училиште (Кантарџиев: 2002, 199-200). Првата генерација учители од неговото училиште излегла во 1871 година. Неговото училиште набргу се прочуло и станало расадник на новите педагошки идеи (Ванковъ: 1903, 121). Ј. Ковачев организирал и неделни курсеви за просветување на возрасните, на кои им држел предавања од црковната и општата историја, а на трговците за водење на трговските книги и сметководството.

Успехот на Педагошкото училиште во Штип било повод Прилепската црковноучилишна општина да го покани Јосиф Ковачев да дојде за главен учител на прилепските училишта. Поканата била прифатена и со почетокот на новата учебна година 1874-1875 година овој познат македонски педагог и реформатор во наставата веќе бил во Прилеп.

Освен во полето на просветата, со почетокот на шеесеттите години од XIX век во Штипската црковноучилишна општина се случувале важни настани на црковен план, кои всушност биле дел од започнато црковно-просветното движење во Македонија за отфрлање на грцизмот и влијанието на Патријаршијата.

Како што е познато во периодот 1845-1851 година и повторно од 1858-1860 година, на чело на Ќустендилската епархија се наоѓал патријаршискиот владика Дионисиј. Веднаш по неговото второ поставување за митрополит на епархијата (на 24 декември 1858 година) ги задолжил граѓаните и селаните да му собираат 50.000 гроша за надополна на издатоците околу откупот на епархискиот престол. Освен тоа, продолжил со собирањето на 25 гроша од секоја селска куќа, 300 гроша за стапување во втор брак, 1.200 гроша за осветување на црква, 400 гроша за водосвет и друго. Ова предизвикало силна реакција од верниците во кое најборбено се покажало штипското граѓанство. На 21 јули 1860 година, граѓаните на Штип и на Ново Село, на чело со Штипско-новоселската општина, ја отфрлиле власта на Патријаршијата (Димитровъ: 1894, 460). На местото од сменетиот Дионисиј во март 1861 година, за нов ќустендилски архиерej бил поставен митрополитот Игнатиј, кој во многу свои постапки не заостанувал од претходниот владика. Ваквиот однос на грчките владици економски ги сосипало граѓаните од градот и околината. Така, во 1861 година Штипско-новоселската општина се обратила за парична помош до српската влада, за изградба на месната црква „Свети Успенија на Пресвета Богородица” (Граѓа за историјата на македонскиот народ: 1981, 201-202).

Антипатријаршиското расположение продолжило и против новиот владика. За да се спречи злоупотреба при собирањето на црковните давачки од владиката и неговите приврзаници, во неколку наврати морале да интервенираат и османлиските власти. Незадоволството на граѓаните од Штип во годините 1863, 1865 и 1866 година, кулминирало во 1867 година, кога новиот состав на општината на чело со Мано Панајотов започнал нови и поуспешни антипатријаршиски борби (Изъ архивата на Найден Геровъ: 1911,165-166).

Ова движење дошло до израз во декември 1869 година, кога општинарите во Штип го отстраниле владичкиот стол од црквата „Св. Недела”, а на тогашниот митрополит Игнатиј не му било дозволено да влезе во црквата. Тој бил принуден службата да ја врши во приватен дом во присуство на неколку патријаршисти. Меѓутоа, и таму народот го искажал своето незадоволство со извиците „Долу Игнатиј!“ и „Не сакаме грчки владика!“. Така, како волк од стадо, е исфрлен дедо владика, му пишувале штипјани на Павел Божигропски во Лесновскиот манастир. По овој настан целокупната црковно-просветна и општествена дејност во Штип и околината била преземена од Штипско-новоселската црковноучилишна општина (Трајановски 1988, 206). Општината ги финансирала учителите, кои наставата ја изведувале на народниот македонски јазик, ги разделила парохиите меѓу свештениците, собирала

црковни давачки, го претставувала народот во меџлисот, се грижела за училиштата, вршела комунални, хуманитарни, семејно-брачни и други дела наполно самостојно (Трајановски 1988, 206).

Почетокот на 70-тите години од XIX век, македонските градови биле опфатени со економска криза, која предизвикала осиромашување на општините и до загрозување на натамошната издршка на училиштата. Ова е периодот кога бугарската, а подоцна и српската просветна пропаганда сѐ повеќе правале обиди за навлегување во македонските народни општински училишта. На овој план во голема предност била бугарската пропаганда, која со формирањето на Егзархијата и давањето „економска помош“ и за училиштата во општините во кои немала свои егзархиски владици и архиереи, постепоено, но сигурно ги ставала под целосна зависност.

Штипската црковноучилишна општина до средината на 80-тите години од XIX век и во тешки економски услови успешно ги одржувала просветно-културните институции. Во учебната 1871/1972 година за учител во световното училиште бил поставен Михаил А. Ковачев (брат на Јосиф Ковачев). Следната година, во декември 1872 година, било отворено читалиште под името „Дејателност“, со основна цел, како и на другите читалишта во Македонија, да го зајакне културно-просветниот живот во својот град. Во Уставот на „Дејателност“, покрај правилата за работа, бил одреден и начинот на неговото снабдување со книги (Џимурова-Јанатова:1979, 533-539).

Во 1873 година Арсениј Костенцев родум од Ново Село, Штипско, кој пред тоа учителствувал во с. Робово, с. Попчево, Пехчево, Неготино и Горна Џумаја, со брата си Михаил отвориле книжарница во Штип (Завоевъ: 1928, 87-88). Следната учебна 1874/1875 година за учител бил поставен кратовецот И.Каранов, школуван во Цариград и Русија. По него за учители се споменуваат Д. Павлов и Д. Белајанин, кои за учители биле повикани од општината (Завоевъ: 1928, 82).

До 1877 година штипјани немале училишна зграда. Наставата се одржувала во приватна куќа (Коце Рибарче). Место на изградбата било определено во западниот дел на црквата „Св. Никола”. На едно заседание на црковно-училишниот одбор било решено училиштето да го добие името „Св. Кирил и Методиј”. Училиштето било изградено по две години и било едно од најголемите и најмодерните училишта во Источна Македонија.

Од 1877 до 1883 година за учители во Штип биле поставени Константин Шекеринов, Ал. Живков и Атанас Чепрганов. (Завоевъ: 1928, 82)

Просветната пропаганда раководена од Егзархијата за преземање на црковноучилишните општини во Македонија била олеснета со донесениот

Закон за вилаетите (1880). До оваа година егзархиско училиште во Штип не било отворено, за што потврдува и кореcподенцијата помеѓу егзархот Јосиф и претседателот на собранието во Пловдив, во кое последниов бил загрижен за отсуството од егзархиски училишта во Македонија, односно во градовите Воден, Ресен, Лерин, Неврокоп и Штип. За ваквата состојба вината се барала во грчката и српската пропаганда (Кирил патриарх български: 1969, 371).

Со спроведувањето на *Законот за вилаетите* и одземањето на дотогашните привилгии на грчките владици да го назначуваат просветниот кадар во училиштата, во духот со донесениот закон, во поголемите вилаетски центри биле формирани специјални училишни комисии меариф-комисион (меарифхоумиссоулар), пред кои сега егзархиските просветни лица добиле право да полагаат испити и потврда за изведување настава во македонските училишта (Трајановски 1980, 57).

Во текот на 1881 година било отворено и првото егзархиско училиште во Штип (Генчев 1970, 13-60). Меѓутоа, финанасирањето на трикласното училиштето било и понатаму во рацете на општината за што говори еден школски документ за учебната 1885-1886 година.

За поуспешно работење со училиштето, училишното настојателство ја земал обврската да се изработи Устав. Во неговато составување учествувала комисија во состав: Саздо Панајотов, директор на училиштето, Григор Кралев, основен учител и претседателот на училишното настојателство, Христаки Димитров. Уставот бил изработен во 1889 година и меѓу останатите ги содржел и следниве поважни точки: права и должности на училишното настојателство, права и должности на директорот и права и должности на учителите, учениците, родителите и друго. Поважни делови кои се однесувале на правата и должностите на учениците се препишувале и лепеле на ѕидовите од училиштето (Завоевъ: 1928, 82).

Ова е период кога обиди за навлегување на просветен план имала и српската пропаганда, но нејзиниот успех бил незначителен во споредба со бугарската просветна пропаганда. Единствено што можела да направи било со потплатување на грчкиот митрополит во Скопје да добие дозвола за основање на црковноучилишна општина. Успешен на овој план бил српскиот конзул Владимир Кариќ. Тој кон средината на деведесеттите години од XIX век добил согласност за основање општини покрај градовите Куманово, Кратово, Кочани, Берово, Гостивар, Крива Паланка и во Штип.

Постојаните притисоци правени од пропагандите, особено од Егзархијата, било причина штипското граѓанство да бара излез од наметната ситуација. Една од нив била и заканата за еднострано отцепување и барање

за обнова на Охридската архиепископија. За преземените активности голема улога имало и присуството на митрополитот Теодосиј Гологанов во Скопје. По прогласувањето на егзархиските правилници и инструкции за училиштата за неважечки набргу Т. Гологанов ја отфрлил власта на егзархот со прогласувањето на Скопската епархија за самостојна (Димевски, 1965, 101-103).

Во октомври 1891 година, освен Куманово, Свети Николе, Кочани, Крива Паланка и Гостивар го посетил Штип, каде што одржал состанок со месната интелигенција. На состанокот Т. Гологанов ја обвинувал Егзархијата за мешање во внатрешните работи на Скопската епархија и посегањето на самостојноста на црковните општини (Димевски, 1965, 103).

Учителството во Штип претставувало многубројна и значајна општествена сила. Во неговите редови се наоѓале и мнозина талентирани революционери, со прогресивно влијание врз народниот живот. Во услови на започната борба против османлискиот поробувач и пропагандите на соседните држави, младите учители-револуционери не можеле да ја ограничат својата работа само во рамките на училиштата. Ваквата нивна активност во најраната фаза од ширењето на организационата мрежа на Македонската револуционерна организација, во градовите била исполнета со најразлични културно-просветни и политички иницијативи.

Македонската революционерна организацијата развила широка просветно-културна и политичка активност во Штип. Во учебната 1894-1895 година, просветно-културна активност била реализирана од учителите Гоце Делчев, Дамјан Груев, Туше Делииванов и други. Според зборовите на Туше Делииванов, училиштето за возрасни било отворено во зимските денови. „Во разните уроци и предавања земаа учество сите учители. По часовите или предавањата луѓето не се растураа, туку се собираа во салонот на училиштето и потфаќаа некоја революционерна песна” (Пандевски 1962, 20-21).

Во учебната 1895-1896 година во Штип и во Ново Село се одбележала и 1010 годишнината од смртта на Методиј Солунски, празникот на словенските просветители св. Кирил и Методиј и нивните ученици св. Климент и св. Наум. Тогашниот учител Т. Станков за одбележувањето на празникот си спомнувал: „Во учебната 1895/1996 г. бев општински учител во градот Штип. Директор на народните училишта во градот беше Гоце Делчев со 8 души учителски персонал, повеќето штипјани. А во Ново Село, кое се смета за неразделен дел од градот, имаше одделни училишта-основно и класно (два класа), а штипската гимназија имаше 3 класа. Празнувањето на празникот на светите Кирил и Методиј таа година, како

и претходната, при директорството на Делииванов и учителствувањето на Д. Груев и Г. Делчев, се организира на најмасовен начин. Официјалното празнување стана по ист рецепт и ред, како опишаните во другите градови. Неофицијално празнувањето стана по ручек, надвор од градот, во реонот на лозјата при Новакова Чешма, масовно посетено од целото граѓанство, при голема масовност но и необеспокојувани од туѓи погледи” (Станковъ:1933, 29-30).

Револуционерната активност на штипското учителство не останало настрана од преследувањета на османлиските власти. Апсењата кои се случувале по некоја афера или провала најмногу го погодувал учителскиот кадар. Од двете афери „Дединска” и „Виничката” од 1897 година, скоро сета штипска интелигенција била затворена. Најголеми последици биле почувствувани од последната „Виничка афера”. Вандалските маки го натерале учителот-револуционер Мише Развигоров да ја преземе сета одговорност врз себе. Осуден за учество во аферата бил испратен на заточение од која бил ослободен по дадената амнестија во 1902 година. Со својата револуционерна дејност продолжил и по Илинденското востание сè до трагичната смрт во 1907 година.

Крајното разнебитување на економската состојба под ударите на османлискиот режим со почетокот на XX век имало негативни последици врз просветата во Штип. Голем дел од интелигенцијата излезот го гледала во емигрирање во соседните земји, каде што продолжила активно да дејствува за ослободувањето на Македонија.

**Користена литература**

Биография на дарителите на Екатерина и Јосиф Ковачеви, 1936: София,

Ванковъ, Н. Ив., 1903: История на учебното дѣло в България от край време до освобождението, Ловеч, 121.

Генчев, Н., 1970: Поглед врху просветните движения в Македония през XIX в. до 1878, Зб.: Пламъкът на солунския светилник, София, 13-60.

Граѓа за историјата на македонскиот народ од Архивот на Србија, 1981: том II, кн. I (1856-1863), 1981: Приредил: Климент Џамбазовски, Белград, 201-202.

Димевски, С., 1965: Митрополитот скопски Теодосиј - Живот и дело (1876-1926), Скопје, 101-103.

Димитровъ, Г., Княжеството България въ историческо, географическо и етнографическо отношение, Част I, София, 460.

Завоевъ, П., 1943: Град Щипъ, София, 68, 70, 82, 85, 87-88.

Иванов, Й., 1906: Схверна Македония, София, 356, 359-360.

Изъ архивата на Найден Геровъ, 1911: Коресподенция съ частни лица А-Л. Под редакцията на Т. Пенчев, кн. I, София, 165-166.

Кантарџиев, Р., 2002: Историја на образованието и просветата во Македонија, Скопје, 199-200.

Катарџиев, И., 1957: Еден документ за школската пропаганда во Македонија, ГИНИ, I/1, Скопје.

Кирил патриарх български, 1969: Българската екзархия в Одринско и Македония след освободителната война 1877-1878, том I, книга 2, София, 371.

Пандевски, П. 1962: Учителското движење во Македонија, Скопје, 20-21.

Станковъ, Т., 1933: Празнуването деня на Св. Кирилъ и Методий въ турско време въ Македония (Спомени и преживнщци), София, 29-30.

Трајановски, А., 1988: Црковно-училишните општини во Македонија, Скопје, 55, 115, 206.

Хаџи Васиљевић Јов., 1928: Просветне и политичке прилике у јужним српским областима, Београд, 83, 99.

Џумурова-Јанатова Невенка, 1979: Активноста на штипското читалиште “Дејателност” за време на преродбата, Зб.: Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата, Скопје, 533-539.

**EDUCATION IN STIP DURING THE REVIVAL PERIOD**
**SUMMARY**

This paper relates the chronological development of schools and education and the social situation in the town an region of the Stip during the revival period.The people gave financial support to printing of the some books, collected money to help the scool and poorer chlidren, and contributed financially to the constuction of the new school buildings.

It surveyes the development of the scool network, giving a list nemes of the teachers and discusses the long educational and cultural tradition chreished by the town officials and population of Stip, the situation of the education in the town, the fact the Macedonian language was in use in the scools and compares the educational situation in Stip with that in other towns.

УДК: 929Ковачев, Ј. д-р Александар Илиевски

# ПЕДАГОШКО-АНДРАГОШКАТА ДЕЈНОСТ НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ

Јосиф Ковачев претставува стаменита личност и маркантна фигура на македонската педагошка мисла, воспитно-образовна и наставна практика, во втората половина на XIX век. Најубавите години од неговиот млад и најплоден педагошки живот што остави значаен опус во педагошката и андрагошката сфера се одвива токму во неговиот роден град Штип, а потоа и во Прилеп.

Јосиф Ковачев го посеа семето на македонскта педагошка почва што подоцна го жнееле неговите ученици, воспитаници кои како учители на народен мајчин македонски јазик, тие распрснати ширум македонските гарадови и села и пошироко ги воспитувале и образувале малдите генерации, ширејќи го македонскиот патриотизам и љубовта кон својата татковина Македонија.

Јосиф Ковачев е роден на 14 јануари 1839 година во Штип во занаетчиско семејство. Татко му по занимање бил ковач. Не треба да се испушти од вид фактот дека неговото потесно и пошироко семејство има и свои учителски традиции. Во прилог на тоа, потсетуваме дека и неговиот брат Михаил Ковачев (1840-1908 год.) бил учител во Штип, при што му помагал како помошник во педагошката практика на својот година дена постар брат Јосиф во реализацијата на т.н. „звучна метода", кој подоцна ја спроведувал како учител во Скопје, Штип, Прилеп и други места во Македонија.[1]И сестрата на Јосиф Ковачев, помладата Анастасија Ковачева, заедно со Сава Шеќеринска и Славка Темелкова,

1) Прилогов го посветуваме на истакнатиот македонски педагошки деец Јосиф Ковачев, бидејќи во 2009 година изминаа 140 годишни од отворањето на првата учителска школа во Штип, во Македонија, чиј основоположник е тој, потоа 136 годишни од излегувањето од печат на неговиот учебник „Школска педагогија" - прв учебник по педагогија кај нас, како и 170 годишни од раѓањето и 111 годишни од смртта на овој истакнат педагог.

Види: Петар Завоев, Градот Штип во минатото - монографија печатена во 1928 год., д-р Ристо Кантарчиев, Македонското преродбено училиште, Скопје, 1985 год. – Второ дополнително издание

подоцна станала учителка.[2] Подоцна и Владислав Ковчев и неговиот брат Владимир Ковачев во своите младински денови извесно кратко време биле учители. Браќата Владислав (Славчо) и Владимир Ковачеви биле синови на братот на Јосиф Ковачев - Михаил Ковачев.[3] Исто така, и Анастас, братот на Јосиф Ковачев од друга мајка, бил учител во Штип.[4]

Во тие детски и младински години кога Јосиф Ковачев учел, во Штип и во Маедонија почнал широк развој на занетчиството и трговијата, почнувајќи од триесеттите години на XIX век, каде што силно се почувствувала и потрбата, покрај тогаш присутното во практиката ќелијно образование, никнува и потребата од световно образование. Тоа било со цел успешно да се пренесуваат занаетчиско произведените предмети преку одржување на трговските врски со соседите, а поконкретно со Србија и со Австрија. Тоа световно образование се раширило во повеќето градови и села. Тоа е период на раѓањето на македонското преродбенско училиште. [5]

### 1. Животот и делото на Јосиф Ковачев

Штип е град со богати културно-историски и просветителско-педагошки традиции. Во него учителствувале Гоце Делчев, Дамјан Груев, Туше Делииванов, Мише Развигоров и други. Истовремено, XIX век во тој контекст е време на излегување од печат на македонски учебници, буквари, читанки, речници, книги и други пишувани извори што имаат голем придонес во македонската преродба од страна на повеќе македонски преродбенски учителски и педагошки дејци, како што се: Теодосие Синаетски, Кирил Пејчиновиќ, Јоаким Крчовски, а во половината на XIX век и Димитар и Константин Миладинови, Кузман Шапкарев, Григор Прличев, Партение Зографски, Димитар Македонски, Ѓорѓи Пулевски, Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Јосиф Ковачев и низа други книжевни педагошки и преродбенски дејци. [6]

2) Петар Завоев, Град Штип ..., оп. цит , стр.34

3) Види: Петар Завоев, Спомени низ просветното минато на град Штип, сп. „Македоноски преглед“ год., кн.4 и Архив на Македонија - Скопје, фонд 1.200, Владимир Ковачев: Биографија на Јосиф Ковачев, 1.1200 1.9/47-53.

4) Петар Завоев, Цитирано дело, стр.26.

5) Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, Скопје, 1985, стр.9-97, истиот, Школството и просветата во Македонија во периодот на преродбата - Зборник на трудови од симпозиумот под наслов „ Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата“, МАНУ, Скопје 1979, стр. 19-42, истиот – Педагошката дејност и погледи на Јосиф Ковачев, опис на цитат 229-251

6) Акд. Блаже Коневски, Кон македонската преродба. Македонските учебници од XIX век, Скопје, 1959, д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, Скопје 1965

Токму и во тие такви тогашни услови – живее, учи и работи Јосиф Ковачев. Основно седумгодишно образование завршил во својот роден град Штип. Тој најнапред учел во ќелијното училиште, а потоа и во заемното училиште кај учителот Павле Грозданов. Во ќелијното училиште изучувал: Часословот, Псалтирот и други црковни предмети коишто извршиле одредено влијание кај него. Во взаемното училиште кај неговиот учител Павле Грозданов се учело по взаемната метода позната под името *ланкестерска метода*, при што заедно учениците учеле под контрола на својот учител, во кое како негов помошник бил и Ковачев. Па така уште од најраните детски и младински денови тој го засакал учителскиот позив. На 16-17-годишна возраст Јосиф Ковачев го завршил своето елементарно образование и пројавувал интерес и афинитет кон учителската професија.[7] Од својата 16-20-годишна возраст Ковачев рааботел како учител во Гњилање (1855-1959). За време на тие четиригодишни учителски денови, под влијание на Димитар Миладинов се занимавал и со собирање на народни умотворби. Неговата интелектуална потреба и жедта кон просветната и педагошката дејност го јакне интересот за учителско-педагошката професија. Во временскиот интервал од 1859 до 1862 година тој продолжил да се школува во духовната семинарија во Белград, а од 1864 до 1968 година бил студент на духовната академија во Киев. Таму покрај наставните предмети од духовната сфера ги изучувал и педагошката група на студиски наставни предмети: Педагогија, Дидактика, Историја на педагогијата, Методика на одделенска настава, полјоделни наставни предмети, Историја, хоспитации, предавања, вежби други активноста од педагошката практика. Со тоа тој успешно го градел учителско-педагошкиот имиџ.

Јосиф Ковачев во Киев за време на неговите студии се запознал со педагошките идеи на класиците на историско-педагошката мисла и практика што владеела во западноевропските земји (Коменски, Хербарт, Песталоци, Дистервег и други), како и со филозофијата на Спенсер, Лок, Русо и други филозофско-педагошки дејци.[8] Изучувајќи ги теоретските, педагошките и практичните студиски наставни предмети, Јосиф Ковачев се здобил со широкопрофесионална педагошка култура. Неговиот четиригодишен претстој на студии во Киев му овозможил тој да се запознае и со делата на руските социјал-демократи: Чернишевски, Белински, Доброљубов,

и 1985 год, акд. Харалампие Поленаковиќ, Страници од македонската книжевност и други.

7) Обрен Обрешков, Јосиф Ковачев, Дејност и педагошки погледи, 1963, стр.7.

8) Види: Биографија на Јосиф Ковачев, Архив на Македонија, Скопје, фонт 1.200, Владимир Ковачев, 1, 1200.1.9/47-53, Петар Завоев, Град Штип во минатото, 1928 стр.28-30.

Писарев и други. Особено силно педагошко влијание врз формирањето на педагошката личност на Јосиф Ковачев извршил познатиот руски педагог Константин Димитриевич-Ушински со својата студија „Човекот како предмет на воспитанието“. Таа студија имала големо професионално влијание во поглед на неговата натамошна педагошка и андрагошка дејност и активности. Ушински особено влијание врз Ковачев извршил во поглед на восприемање на гласовната аналитичко-синтетичка или т.н. „звучна метода“, која се проширила во педагошката теорија и практика пошироко, особено во нејзината успешна примена во предбукварската и букварската настава. Јосиф Ковачев таа наставна метода ја нарекува „нагледна, гласна и звучна“. За успешнта реализација на оваа метода Ковачев препорачува најнапред набљудување на предметите и појавите во природата при обработката на буквите, на пр.: шумолењето во горатa, лаењето на кучињата, блеењето на стадата, бучавата кај водопадите итн, а кога учениците ќе ги слушнат тие звукови или шумови во природата, тогаш полесно се формираат кај нив поимите, како и откривањето на буквите по тие набљудувања и водење на разговори.[9]

По завршувањето на духовната академија во Киев, Јосиф Ковачев учителствувал во Габрово, а во 1868 година повторно се вратил во својот роден град Штип. Тука кратко време бил учител во штипско Ново Село. Во 1869 година тој го отвора првото педагошко-богословско училиште во Штип, во непосредна близина на црквата „Св. Никола“ кај основното училиште „Св. Кирил и Методиј“, под падините на Исарот. Всушност, тоа е првата учителска школа во Македонија.

Во својот роден град Штип, Јосиф Ковачев ја започнува својата реформаторска дејност во просветата и школството. Во Штип развива широка, плодна и разновидна културно-просветна дејност. Истовремено тој работи со децата, младите и возрасните. Тука ги правел и реализирал своите педагошки проекти. За печат подготвил значајни сопствени педагошки трудови. Поконкретно на 30-годишна возраст ја напишал „Школска педагогија“ – прв учебник по педагогија во Македонија од македонски автор-педагог. Го подготвил за печат и букварот што го изработил по т.н. „звучна метода“, како раководство за учителите, со цел да ја прошири педагошко-дидактичката и методичката култура кај своите учениците во Педагошко-богословското училиште, а и кај учителите. Неговото педагошко-богословско училиште било класно. Тоа имало два класа. Наставата се одвивала според одделенско (класно)-предметниот и часовен систем. Времетраењето на наставата била две учебни години.[10]

9) Биографија на Јосиф Ковачев, Архив на Македонија, Скопје, фонд: 1.1200 1.9/47-53.

10) Д-р Ристо Кантарџиев, Јосиф Ковачев - основач на првите педагошки училишта во

Во Педагошко-богословското училиште во Штип се изучувале општообразовни, педагошки и богословски наставни предмети. Биле застапени следниве наставни предмети: Историја, Географија, Политичка економија, Аритметика, Геометрија, Мајчин јазик, Природознание, Педагогија, Библиотекарство, Вероучение, Црковна историја и др.[11] Наставата се одвивала на мајчин македонски народен јазик од страна на Јосиф Ковачев, на штипско говорно јазично лексичко наречје, доминирала аналитичко-синтетичката метода. Со својата дејност училиштето се прочуло надалеку. Така во Штип дошле да ја следат наставата слушатели и од околните градови: Велес, Кавадарци, Прилеп, Скопје и други. Во 1871 година завршила првата генерација на македонски народни учители кои ја ширеле просветата и школството низ Македонија и пошироко. Во училиштето вниманието посебно било свртено кон педагошко-дидактичката и методичката поткованост на идните, а и веќе постојните учителски кадри преку изведување на методиски вежби, практични предавања, педагошка практика, стажирање и хоспитирање, како и други форми на стручно оспособување на учителите.

Јосиф Ковачев бил добар педагог. По природа бил скромен, работлив и вешт практичен методичар. По методикита на основно-училишната настава во однос на педагошката практика пред своите ученици на учителските курсеви што ги одржувал, тој пред нив со својот личен пример и углед одржувал практични методиски предавања во основните училишта, а потоа тие под негово менторство изведувале педагошка пракса. Учениците во неговото училиште по заврашувањето на втората година јавно полагале заврашен испит од теоретските и практичните наставни предмети.

Во 1871 година од училиштето излегла првата генерација на македонски народни учители од повеќе градови и села. Тие се распраснале насекаде низ Македонија, ширејќи ја македонската просвета, школство и култура на народен мајчин македонски јазик. Тој посветувал големо внимание на методичкото и на физичкото воспитание и образование, односно на гимнастиката и спортските вежби. Притоа тој се раководи од мислата на Џон Лок – *Здрав дух во здраво тело*.

Јосиф Ковачев големо внимание посветувал и на дидактиката како теорија на наставата, особено на наставните принципи (природосообразност,

---

Македонија, сп. „Просветно дело“, Скопје, бр, 1-2, 1966; Благоја Цветковски, 100 години од првото педагошко училиште во Штип, сп. „Историја “, Скопје, бр 1, 1969; Д-р Александар Илиевски, Јосиф Ковачев - неуморен педагошки мислител и деец, сп. „Просветно дело“, Скопје, бр.1, 2000 год

11) Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенко училиште, Скопје, 1985, стр.109.

нагледност, систематичност, постапност, одмереност и др.), на наставните методи, на наставните средства, организацијата на наставта вежбањето, проверувањето и сл. Тука во штипското училиште, Јосиф Ковачев изработил и наставен палн и наставни програми со соодветни наставни предмети што се изучувале низ наставата. Според тоа, неговите дотогашни наставно-научни и практични сознанија целосно биле инкорпорирани во програмската ориентација на училиштето, биле извршени крупни реформски зафати и промени, во теоретските и во практичните педагошки дисциплини. Благодарение на неговите бујни сознанија и содржинско богатство во рамките на неговото високошколство педагошко образование, Јосиф Ковачев во учителски години поминати во Штип, во 1873 излегла од печат неговата „Школска педагогија“, а во 1874 и 1879 година (второ издание) бил отпечатен и неговиот буквар изработен според гласовната аналитичко-синтетичка или звучна метода, а и методичко раководство за учителите. Со тоа тој се прочул надалеку како плоден педагошки писател и способен учител за успешно изведување на наставата по методиките на одделни наставни предмети.[12]

Кога се говори за учебникарската литература и нејзината практична примена во македонските народни училишта, треба да се истакне фактот дека плејада на македонски учителски преродбенски дејци дале огромен придонес на тој план. Така, првите учебници на македонски јазик, како што е познато, се појавиле во македонските училишта во XIX век. Од 1857 до 1882 година биле отпечатени повеќе буквари, читанки и други учебници од македонски автори. Први учебници за основните училишта напишале: Партенија Зографски, Димитар Македонски, Јосиф Ковачев и Кузман Шапкарев. Истите биле печатени во Цариград, Солун, Велес и други места, а некои и во Белград од Ѓорѓи Пулевски. Букварот на Јосиф Ковачев е прв во кој буквите се обработени по звучната аналитичко-синтетичка метода.[13]

Јосиф Ковачев како учител во Педагошко-богословското училиште во Штип останал до 1874 година. Со својата интензивна и плодна дејност се прочул насекаде. Така, се појавил поширок интерес овој познат педагог со својата професионална дејност да биде присутен и во други училишни средини. Прилепската општина сакала да го види во своја сопствена средина, со цел да го реформира училиштето да подготвува модерни учители.

12) Д-р Александар Илиевски, Јосиф Ковачев – неуморен педагошки мислител и деец, сп. „Просветно дело“, Скопје, 2000, бр.1, стр.11-21; Истиот: Околу прашањето за букварот на Јосиф Ковачев, сп. „Просветно дело“, Скопје, 2004, бр.5, стр. 68-71.

13) Наведено според: д-р Ристо Кантарџиев – види: Pedagoska Enciklopedija 1, Beograd – Zagreb, 1989, str. 327.

За таа цел на 5 јули 1874 година му испраќа писмо на Јосиф Ковачев во Штип. Го поканува за главен учител во Прилеп, за што тој позитивно одговарил на барањето. На 18 јули 1874 година тој станал учител на 4-годишното педагошко-богословско училиште во Прилеп, каде што останал до 1877 година. Всушност, тоа е вторат учителска школа во Македонија.[14] Така тој извршил нова организациска поставеност на училиштето. Вовел нов план и нови наставни програми, нови учебници и наставни средства и учебни помагала, како и педагошко-реформско преструктурирање со модерна и иновативна настава.[15] Во прилепското 4-годишно богословско, класно, училиште се изучувале следниве наставни предмети: Аритметика, Геометрија, Мајчин јазик, Граматика, Историја, Физика, Географија, Турски и Грчки јазик, Методика на оделенска настава, Црковна историја, Псалтирот, Катихизис и др.[16]

Последните две децении од својот живот Јосиф Ковачев ги поминал надвор од својата родна земја, каде што во последната декада станал универзитетски професор по наставно-научните студиски дисциплини: Педагогија, историја на педагогијата, социологија и педагошка психологија на Педагошката катедра. Починал на 31 декември 1898 година.

## 2. Придонесот на Јосиф Ковачев во андрагошката сфера

Покрај педагошката, Јосиф Ковачев за време на своето учителско-педагошко активно творечко работење развил широк интерес и во андрагошката сфера, на народното просветување. Пројавил интерес и покажал завидни резултати во образованието на возрасните низ вечерните школи и курсеви, световното образование, женските училишта и други систематски и масовни форми за образование на возрасните. Таа интензивна андрагошка дејност особено интензивно ја раширил во својот роден град Штип, во периодот од 1868 до 1874 година. За таквата негова успешна и плодна дејност особена помош му дале студиозното проучување на педагогијата, дидактиката, методиките и другите наставно-теоретски и практични дисциплини. Посебно внимание тој посветува на интелектуалното (умственото) воспитание и образование. Се залага за единство и целосно развивање на духот и телото. Тој по природа бил „интелектуално немирен дух“. Постојано трагал по нови вистини и

14) Д-р Ристо Кантарџиев, Школство и просвета во Македонија во периодот на преродбата – во зборникот на трудови под наслов „Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата“, МАНУ, Скопје, 1979, стр.38. Писмото се наоѓа во Архивот на Македонија во Скопје.

15) Прилеп и Прилепско низ историјата, книга 1, 1971, стр. 209.

16) Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско ушилиште, Скопје, 1985, стр. 110

сознанија, непрекинато читал и пишувал. Своето педагошко-андрагошко и дидактичко-методичко сознание и искуство ги инкорпорирал во неговата професионална учителско-педагошка дејност пренесена на хартија низ неговите учебници, книги, методички прирачници и упатства, особено за „Звучната метода“, што ја попримил од Ушински кога бил во Киев на педагошки студии. Јосиф Ковачев постојано трагал по нови педагошки сознанија, секојдневно бил присутен меѓу учениците, младите и возрасните. Животното и практичното искуство го внел во неговиот научен педагошко-андрагошки опус. Тоа негово наставно-научно студиско и педагошко искуство подоцна му користело кога станал универзитетски професор, во успешната презентација на своите научно-стручни сознанија пред студентите со своите високоиздржани предавања.

Јосиф Ковачев интензивно работел на планот на народното просветување, во описменувањето на возрасните, преку организирањето на аналфабетски курсеви, вечерни и неделни училишта за возрасни, како и на образованието на девојките низ учителско-домаќинските курсеви, во кои се изучувале и пренесувале корисни и практични знаења и вештини од секојдневието. Посебно значење придавал на методиката на наставата по почетно читање и пишување, на пишувањето на печатните и ракописните букви на читанката, изучувањето на основните сметачки операции, аритметиката и геометријата, што тесно била поврзана со цртањето, како и практичното оспособување за активен творечки живот и работа. Исто така, со оглед на фактот што особено во втората половина на XIX век, во Македонија се развиваат занаетчиството и траговијата, Јосиф Ковачев дал одреден прионес за образованието на возрасните, преку работата на вечерните и неделните школи. Се изучувале и некои предмети од трговијата, кака на пр. познавање на стоката, организација и канцелариско работење, сметководство, книговодство, трговска евиденција и други.

На планот на општото, педагошко, андрагошко, социолошко-психолошко, методичко образование, свој придонес дале и библиотеките и читалиштата како значајни културно-образовни центри во Македонија. Како што е познато од историјата на образованието и културата на Македонија во тој период биле отворени читалишта во одделни градови низ Македонија: во Битола (1860), во Крива Паланка (1869), во Прилеп (1869), во Велес (1871) и други.[17] Кога сме кај читалиштата како образовно-културни центри да потсетиме дека Штипското читалиште „Дејателност“ било основано во 1872 година. Исто така, треба да се истакне фактот дека

17) Невена Џумурова-Јањатова, Активноста на Штипското читалиште „Дејателност“ за време на преродбата – зборник на трудови „Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата“, МАНУ, Скопје, 1979, стр. 535.

Скопското читалиште познато под името „Славјански дом“ е најстаро во Македонија. Него го основал Јордан Хаџи Константинов - Џинот во 1857 година.[18]

**3. Заклучок**

Во кусите заклучни согледби нотираме дека педагошко-андрагошката дејност на Јосиф Ковачев особено интензивно се одвивала за време на неговото учителствување во Штип и во Прилеп, посебно кога тој работел во својот роден град Штип, каде што добар дел од своите ракописи за печат токму тука ги подготвил.

Јосиф Ковачев претставува пионер, распространувач на прогресивните педагошки идеи и реформатор на модерното школство во Македонија. Тој создал модерно педагошко училиште, реформирано според новите тогашни реформски интенции на напреднатото школство во развиените западноевропски земји. Ја протежирал гласовната аналитичко-синтетичка „Звучна метода“. Формирал модерно световно класно училиште во кое се изучувале теоретски, педагошки, богословски и практични наставни предмети. Во ракопис подготвил и втор дел од „Школската педагогија“, наречена „Специјална педагогија“, но нам не ни е познато дали истата е отпечатена.

Покрај педагошката, Ј. Ковачев развил и широка андрагошка дејност, според месното население. Пред граѓаните одржувал разновидни предавања од повеќе општообразовни стручни и практични области од секојдневната дејност и активности. Тој има особен придонес и значење во развитокот, ширењето, распространетоста и практичната примена на Методиката на основно-училишната настава, особено по мајчин јазик, што се вбројува во значајните учителско-просветителски и педагошки остварувања како искусен теоретичар и практичар, а и познат педагошки деец во реформското преструктуирање и трансформирање на училиштето како значајна воспитно-образовна институција.

18) Акад. Харалампие Поленаковиќ, Белешки за најстарото читалиште во Скопје, в. „Нова Македонија“ од 28.2.1955, стр.4.

УДК: 929Поп Јосифович, Д.(093)

д-р Михајло Георгиевски
Скопје

# ПРОСВЕТИТЕЛСКИТЕ ПОГЛЕДИ НА КРАТОВСКИОТ УЧИТЕЛ ДИМИТАР ПОП ЈОСИФОВИЧ, СОВРЕМЕНИК НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ, ИЗНЕСЕНИ ВО НЕГОВИТЕ РАКОПИСИ ОД 1858 И 1869 ГОДИНА

Појавата на световните училишта во Македонија во средината на XIX век дојде како резултат на бујниот стопански развој кој бараше поголема писменост и просветеност. Дотогашните ќелијни училишта во новонастанатите економски услови, кога се вршеше трговија дури и со централните европски земји, ни оддалеку не можеа да ги задоволат потребите зашто таквите услови наметнуваа изучување на сосема други науки како земјопис, математика и друго. Бидејќи главен иницијатор за отворање на световни училишта беше македонската млада буржоазија, разбирливо е што првите световни училишта се отворија во економски најјаките македонски градови како: Скопје, Прилеп, Велес, Штип, Куманово, Тетово, Кратово и др. Од средината на минатиот век со својата просветителка дејност се истакнаа неколку македонски учители, како што се: Јордан Хаџи Константинов – Џинот, Димитар Миладинов, Јанаки Стрезов, Кузман Шапкарев, Рајко Жинзифов, Григор Прличев и други, меѓу кои и еден досега недоволно проучен учител од Кратово, а тоа е Димитар Поп Јосифович.

За учителската работа и општо за просветителските погледи на Димитар Поп Јосифович дознаваме од неговите два ракописа пронајдени од наша страна во Кратово, што денес се чуваат во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски” – Скопје, заведени под број Мс 35 и Мс 37. Ракописите се датирани - првиот, т.е. Мс 35 е од 1858 година, а вториот Мс 37 од 1869 година. Тоа се всушност тетратки со концепти од методски единици и други белешки, како и две беседи што ги одржал пред родителите и првенците од Кратово. Преку овие беседи, учителот Димитар Поп Јосифович во доволна мера ги изнесува своите просветителски погледи, како и положбата на просветата во Кратово во средината на минатиот век кога тој учителствувал во можеби првото световно училиште во Кратово. Првиот ракопис т.е. тетратката од 1858 година е озаглавена како „Сія граматика на Димитрія…”. Од лист 2 до 33

се наоѓаат концепти за неколку лекции од црковно-словенската граматика и тоа: за именките, придавките, заменките, глаголите, глаголските прилози и друго со примери и нивно менување по падежи и лица. Од ова се гледа дека Димитар имал намера целата тетратка да ја исполни со концепти од граматиката па затоа и така ја озаглавил, но откако видел дека му останало доста место, почнал да пишува и други работи во истата тетратка, така на лист 34–35 напишал и две песни озаглавени како „Владичка песна" и „Народна песна". И двете песни, иако втората е наречена „Народна песна", изгледа дека се напишани од него. Тие немаат некоја особена содржинска ниту пак уметничка вредност. Првата песна е подготвена најверојатно по повод посетата на владиката на училиштето. Во неа го воздигнува владиката, па меѓу другото вели: „Милостиво да погледне кон нашето училиште, нас да нè благослови". Во втората песна наречена „Народна песна", Димитар Поп Јосифович го слави царот господар: „Кој што на народот му дал слобода, училиште да направи". Од лист 36–38 е дадена: „Кратка на гражданските и церковните санови титлографија" во која се изнесени изразите при обраќање до разни лица со граѓански и црковни титули. Од ова се гледа дека титлографијата во македонските училишта е предавана како посеба методска единица, што се гледа од концептот на учителот Димитар Поп Јосифович. За нашата педагошка наука од голема корист е одредениот шаблон за обраќање кон одредени лица од каде што се гледа степенот и начинот на воспитанието кај нашите училишта во XIX век. На лист 38 се наоѓа уште една пофална песна за царот наречена „Царева песна". Од лист 40 до 48 се наоѓа беседата на Димитар Поп Јосифович која е подготвена за читање, пред кратовските првенци и други, по повод почетокот на втората учебна година или како што вели авторот: „Отци и братија соотечественици и вси христијани коишто се намерувате денес у тој богоспасаеми храм, имате молитва и благословие од отцаго нашего архиерејскаго епитропа да заповедате: за да видите началото на всекое дете и да ви испоиме едно многолетствие и нема многу да се забавите, ако ни подари всемилостивиот бог да правите испитание некогаш тогава повече нешто има да видите и да слушате" (цитатите ги даваме со современ македонски правопис во оригинална јазична форма како што стои во ракописот). На крајот од ракописот т.е. од лист 49 до 53` е даден еден „урок" по географија со заглавие: „Землеописание поучително. Урок перви. Општо землеописание". Тоа е всушност една методска единица по географија, методски обработена и предавана на учениците. Тоа го заклучуваме според забелешката направена на крајот од урокот на лист 53 во која се вели: „По мало време ште кажа и други нешта за морето" (урокот по „Землеописание поучително" е објавено од Павле Даскалов, Прилог за историјата на географската настава во Македонија,

сп. „Просветно дело” – Скопје, бр. 7–8 од 1955 год., стр. 419-222 (овде Димитар Поп Јосифович е даден како Димитриј Поп Јосифов).

Вториот ракопис на Димитар Поп Јосифович од 1869 година ги содржи следните материјали: лист 2–12 чудата на свети Димитрија, лист 12`– 15 поучение на свето вознесение и на лист 15`–16 застапена е беседата на Димитар Поп Јосифович одржана пред кратовското општество во врска со просветителската дејност во Кратово. Говорот го започнува со следните зборови: „Благовејни свештеници, почтенародни народоначалници и епитропи церковни, чеснија претставителја на нашето обштество кратовско, клањам се до лице землји и умилно целивам свјатата ви десница и из глубине срдца чесно од все души поздравувам” итн.

На крајот од ракописот, т.е. на лист 16 авторот покрај другите белешки ја оставил и следнава: „Сіе тетрактъ на даскал Димитрію поп Iwсифовичъ, преписахъ го wтъ учителя Өеwдосію на 1869, на мартъ 20 денъ” (преписот изгледа се однесува на чудата на свети Димитрија и поучението на светото вознесение) подолу на истата страница стои: Димитрія поп Iwсифовичъ изъ Кратово...”

Од записите застапени во двата ракописа се гледа дека Димитар Поп Јосифович е од Кратово и дека учителствувал во кратовското световно училиште во средината на XIX век.

Во двете беседи или да ги наречеме говори на Димитар Поп Јосифович застапени во неговите два ракописа се изнесени низа просветителски погледи, како и извесна слика за просветата во Кратово. Така, за училиштето и општо за учењето во ракописот од 1858 година се вели: „О лјубезни соученици и братја јас да ви кажам за училиштето, што е училиште, училиште е земни рај, кој што иде катаден у него и слуша учителовите заповеди ште стане добар христијанин зашто как што знаете од школото се ражда сичко...” Подолу тој продолжува: „…училиштето е като една царска бахча сос турли цвеќата и от којато можат цвеќата едни да упојават душата, а други телото с една реч да речем декато нема школо сос учение у един град това е като едно тело без душа...” Потоа продолжува Димитар Поп Јосифович: „…докато нема училиште сос учение таму нема никакво управление, ниту за животта ниту за душата, воистину ви говорим зошто никогаш не се ражда зло од училиште...” Димитар Поп Јосифович дава и пример за улогата на просветата и вели: „…имаме многу примери (јурнеци) на това, еве Сербија којато беше многу и многу проста, а сега ште пристигне помало помало просвештените европјане и у неа сичките добрини и спокојства следуват, а у нас сичките знанја се умножават од нашата простота... затова проче е достојни се за много похвали оние наши соотечественици љубородни којто се трудат за просвештението наше

и радат днес да го устројат училиштето да му направат потребните му работи...”

Просветата и општо знаењето што се стекнува во училиштето, учителот Димитар Поп Јосифович го споредува со најскапоценото на светот, односно еве што вели: „Учењето и мудроста не може да се сравни со сичките драгоцени камења и бисери и со сичкото злато и сребро. Сос имотство може у една минута да се земе од человека и злато и сребро, а ведението добродетелта и учението, искусните художества, са неотмлено богатство, проче доброто учение което е соединено сос мудрост и разум нема на свјата од него подобро, но где се придобива оно?” – прашува учителот Димитар Поп Јосифович, одговорот секако е во училиштето. Незнаењето и простотата Димитар ги зема како основна причина на сите зла и затоа најдрастично вели: „Без наука ако останете ште бидете като ѕверове”.

Пред насобраното кратовско општество ученољубивиот учител со восхит го пофалува едногодишното учење во кратовското училиште и затоа вели: „Време е уже преосвештенејши владико и благовенеиши свештеници чеснејши претседатели благопотребнејши настојатели, почтени художници и вси соотечественици наши, време е днес, като гледам вашето собрание, като ожидивахме от доволно време сос големо жаление, да почнем да хвалим мудроста и истиното учение, штото ми е мило нешто (се е) научило у едногодишното растојание... сакам да похвалам учението зошто од него происхожда секое добро, а не може човек без учение да го похвали него, простите и неучените человеци многу пати (го) отричат учението...”

Силен револт учителот Димитар Поп Јосифович крева против старите училишта и учители во кои се учи само псалтирот и наусницата: „...ах мили мои соотечественици, – извикнува прогресивниот учител, – додека са тије стародревни глави... школите се полни сос младовозрасни јуноши, а загубуваат много страхотно време и предрагоцено само сос наусница и псалтир... треба да прашат таквото еднаго даскала, што е наусница, може да рече така видох от татко ми, от дедо ми и прадедо ми, това знам това предавам” (цитатот е од ракописот од 1869 година).

Учителот Димитар Поп Јосифович во своите ракописи (особено во ракописот од 1858 година) дава интересни совети за родителите и учениците, како и податоци за положбата на кратовското училиште. Како прв и главен услов за добро учење тој ја истакнува редовноста во училиштето и во врска со тоа вели: „…ви молиме отци и братја, секој татко да се труди да си прашта катаден зашто има много што може да речат, детето сека година ми оди, а што е научило он си е сам кабахтлија,

а не даскалот му, оти само годините му хесапи, а у тие години колку е дена дохождало това не знам, каже и сичко што му е потребно на детето му, си му зима и каквото му книги требуват". Како пример за свесен родител го дава кратовскиот старец Младен за кој ќе рече: „Го. Хаџи Младену, старцу нашему радуисија о господе по души, за малките внучета, известни ученици наши, зашто ги виде попросвештени од прежните времена... повсегда и радит за просвештение на малките дечица". Ги повикува сите родители и заинтересирани граѓани да го посетуваат училиштето или како што вели тој: „…за да видите и да знаете што се предава во училиштето... на кое од днес тураме начало", го истакнува во ракописот од 1858 година.

Обраќајќи се кон своите ученици, Димитар ги изнел следните педагошки совети: „О возлујблјени ученици, имате голема должност да љубите родителите и учителите, коишто ви искат доброто и поучават ве беспрестано... они од вас друго возмездие нештат, токму да се ползувате од добрите им науки којто ви се казаха да се ползувате од них... погледнете у една градина, как ништо не бива без работа и ако често градинара не обиколја... вашите учители и родители не е возможно да ве научат некоја наука ако ги неслушате онова което ви казуват. Сохранавајте го во вашиот ум е не ги принудувајте да ве наказуват сос стап..."

Учителот Димитар Поп Јосифович не можел да не ја прикаже бедната положба на училиштето. Во врска со тоа пишува: „Еве како си скинахме дрехите и книгите по земјата, еве и второ испитание дојде". Од ова се гледа дека во училиштето немало ни клупи, а учениците и учителите седеле по земјата, иако една школска година поминала. Тоа го истакнува во ракописот од 1858 година. Според оваа белешка може да се претпостави дека световното училиште во Кратово почнало да работи околу 1857 година или 1858 година.

Трудољубивиот учител, бидејќи постојано ги поставувал проблемите околу школото пред кратовското општество, во својот говор застапен во ракописот од 1869 година се извинува, велејќи: „Ве умољавам можеби да сам согрешил и досадил сос моето Кратово... да ми опростите" итн. Потоа продолжува „на конецо штехте да се насладите од землјоописание и аритметика сиреч числителница..." Од ова се гледа дека во училиштето биле застапени замјопис и математика, а било задоволство да се слушаат испитите од овие предмети.

Во врска со финансирањето и ревизијата на учителите Димитар Поп Јосифович вели: „Не видиме ли на денешно време другите народи просвештени Европејци... учителите си ги возблагодаруваат сос годишната му заплата и чест, та им воздаваат и школските му потреби, уреждават и си имат определен един градоначалник којшто свака седмица или сваки

месец обихаждa училиштето и испитава учителја што предава на децата... и што са научили...” Од ова се согледува финансирањето и општо односот на кратовското општество спрема училиштето кое не било добро, затоа Димитриј кажува како е тоа организирано во попросветените европски земји со желба еден ден и во својата земја да се има таков однос кон просветата.

Одговорите на учителот Димитар Поп Јосифович изнесени во неговите ракописи од 1858 и 1869 година на крајот можеме да ги извлечеме следните заклучоци:

1. Димитар Поп Јосифович е истакнат учител од Кратово, кој живеел и работел во средината на XIX век.
2. Просветителските и педагошки погледи и идеи изнесени во неговите говори се со длабока содржина и претставуваат драгоцен материјал за проучувањето на културата и просветата во Македонија во средината на XIX век, во време кога почнаа да се отвораат првите световни училишта кај нас.
3. Според податоците од учителот Димитар Поп Јосифович, изнесени во неговите говори, можеме да дадеме ново мислење за отворањето на првото световно училиште во Кратово. Досега се мислеше дека првото световно училиште во Кратово е отворено во 1871 година (види Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, Скопје, 1965 година, стр. 92), додека според податоците од Димитар изнесени во ракописот од 1858 година, во кој вели „еве и второ испитание дојде” или „…училиштето на което од днес тураме начало”, може да се даде мислење дека првото световно училиште во кое се предавало граматика, земјопис, математика и друго е отворено во 1857 или 1858 година т.е. по училиштата во Велес, Штип, Скопје, Куманово и во Тетово.
4. Јазикот на Димитар Поп Јосифович во основа е кратовскиот дијалект со влијание од бугарскиот, српскиот и црковнословенскиот јазик. Тоа покажува дека се школувал во некое бугарско училиште кое извршило силно влијание врз јазикот на кратовскиот учител, на едно место во ракописот кажува дека учел философија и математика во Славено-болгарското училиште во Цариград.

Целосно земено, ракописите на Димитар Поп Јосифович се драгоцени документи за проучувањето на просветата во Кратово и општо во Македонија во средината на XIX век, кога што работел и истакнатиот учител и педагог штипјанецот Јосиф Ковачев.

УДК: 37.091.2(497.7)"18"

м-р Дора Јурукова
Скопје

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ЗА УЧИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА

Со кризата во Османската Империја, навлегувањето на странскиот капитал и постепеното губење на територии, ситуацијата за македонскиот народ во османската држава станувала сѐ потешка и потешка. Во прилог на тоа говори и фактот што кај народот постепено се јавила желбата за богослужба на црковнословенски јазик наместо грчкиот, за словенски владици во црквите наместо Грци и училишта во кои ќе се предава на мајчин јазик, односно на македонски народен говор[1]. Така отпорот кон Цариградската патријаршија, во која доминирале Грците, засилено јакнел, почнувајќи од 1767 година кога е укината Охридската архиепископија и натаму.

Секако дека условите им овозможувале и на Србија и на Бугарија да ја шират својата пропаганда на овие простори, но до создавањето на бугарската Егзархија во 1870 година, Грција предничела. Од 1870 година, борбата меѓу Грција и Бугарија за превласт во Македонија најмногу ќе се чувствува токму на црковен план, односно во црковно-училишните општини, а за сметка на тоа ќе страда населението[2]. Во оваа група треба да се вброи и српската пропаганда, која можеби не била со толку силен интензитет како претходните, но сепак создавала раздор меѓу населението и подоцна ја отежнувала работата на Македонската револуционерна организација.

Покрај овие, во Македонија е забележано и присуство на католичка пропаганда. Во XIX век, а особено во првата половина и 60-тите години, мисиите организирани од католичката црква биле сѐ побројни, но и бројот на нивните приврзаници започнал да се зголемува[3]. Главната улога во

1) Оваа борба за црковна и културна еманципација на почетокот на XIX век го означува периодот познат и како македонска преродба (преродбенско движење).

2) Само за пример види: Иван Катарџиев, Еден документ за школската пропаганда во Македонија, ГИНИ I/1, Скопје, 1957, 293 - 314.

3) Тој замав резултирал дури и со движење за обнова на Охридската архиепископија во унија со римокатоличката црква. Види: Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на

тој процес ја имал редот на Лазаристите, задолжен за пропагирање на католицизмот[4]. Како и да е, унијатството било само привремен излез за народот од тортурата која ја вршела Патријаршијата и манипулациите на Грците, па токму затоа биле склучувани униите – за да се издејствува црковнословенска богослужба, словенско свештенство и настава на мајчин јазик[5].

Во време кога се оформуваат пропагандите на соседите кон Македонија и нивните претензии излегуваат на површина, сѐ посилно се изразува потребата за образован кадар во црковно-училишните општини, кој ќе го описменува населението и ќе го шири македонскиот народен говор. Оттука произлегува и значењето на Јосиф Ковачев, кој со својата работа и дело значително влијае во училишно – просветниот процес во Македонија. Имено, тој ја согледал потребата првенствено за правилно обучен кадар, кој систематски и методолошки ќе ги задоволи барањата на народот и успешно ќе го пренесе своето знаење на терен. Ситуацијата налагала да најчесто се носат однадвор свештеници и учители, поставувани од грчките, српските или бугарските општествено-црковни (просветни) пропагандни апарати. За тоа каква била ситуацијата во Македонија, кога се работи за црковно-училишните општини и воопшто ситуацијата во образованието, сведочи брошурата на Петар Поп Арсов, каде што за учителите-Македонци и нивната положба тој вели: „Тешка е ситуацијата на Македонецот-учител во Солунската гимназија! Нашите Македонци-учители кога влегуваат во гимназиската зграда се чувствуваат како во некоја турска канцеларија, каде што треба добро да ги обмислуваат своите зборови, треба да ги бројат: инаку биваат прогласувани за *сепаратисти* и ... тешко на златната им службичка!..“ [6]

Во едни такви услови, Јосиф Ковачев со своите пишани трудови и особено работата на терен, се издвојува како посебно важен во развојот на учителската дејност во Македонија. По само 30-тина години од отворањето на првите училишта на македонска територија и во моменти на борби за превласт во црковно-училишните општини од страна на соседите,

македонскиот народ, II дел, Скопје, 1975, 181 – 186.

4) За дејноста на Лазаристите во Македонија повеќе информации дава: Славко Димевски, Историја на македонската православна црква, Скопје, 1989, 366 – 373.

5) За тоа посведочуваат и документите од тој период, види: Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том I, Скопје, 1981, 218 – 223.

6) Вардарски (Петар Поп Арсов), Стамболовштината во Македонија и нејзините претставници (превод, редакција, коментар и предговор д-р Ванчо Ѓрѓиев), Скопје, 2006, 78.

македонскиот народ се стекнува со мошне важна стручна литература[7], која го трасира патот за негово правилно описменување и просветување. Во корелација со ова е и започнувањето со работа на педагошкото училиште во Штип, благодарение токму на Јосиф Ковачев. Најголемата придобивка се гледа во репродуцирањето на свои кадри и постепеното ослободување од инфилтрираните пропагатори и марионети од македонските училишта[8].

Со анализа на делата и работата на Јосиф Ковачев, практично се предочуваат недостатоците на денешниот образовен систем на Република Македонија, кој сè повеќе се обезличува. Последиците што ги остава образовниот систем се трајни и го одредуваат правецот на движење на секоја држава. Тоа е стожер, кој ги гради државјаните и ги прави достоинствени претставници во светот, но пред сè ги обезбедува културно-општествениот просперитет и иднината на државата.

Во сосем други општествено-политички констелации од оние на Ковачев, наместо да постои континуитет и квалитет, образованието во Македонија, па и пошироко, започнува да се девалвира. Предговорот на „Школска педагогија“ од Ковачев треба да се сфати како безвременска порака. Тој вели: „Откако се докажа големото значење на народните школи во работата на народниот развој и усовршувањето во пообразованите европски држави, а најмногу во Германија, за ништо друго не се размислува и не се прават толкави напори, колку за тоа да се размножат и подобро уредат тие учебни правила, со кои исклучиво народот се подготвува за општествен живот. Денес таму преку градови и села, во најдлабоките пластови на општеството, во најоддалечените колиби проникнува начелото на човечкото образование, проникнуваат правила и надгледности, побуди и услишенија кои ја поставуваат основата на човечкото достоинство и слобода... Учителите учат на читање, сметање и мислење, нешта кои за секојдневна практика во секој случај се од големо значење и се корисни, а за иднината главен советник и ѕвезда-водилка“[9].

---

7) Тука спаѓаат неговите дела: Школска педагогия или методическо ръководство за учителите и управителите на народните школи; Букваръ по нагледна и гласна метода и Български букварь по звучната метода за народните школи.

8) Ова навистина ќе биде од големо значење кога ќе се формира Македонската революционерна организација и нејзините дејци ќе ја широт мрежата, токму како учители низ македонските села и градови.

9) I. А. Ковачова, Школска педагогия или методическо ръководство за учителите и управителите на народните школи, Частъ първа, Общаметодика, Солунъ, 1873, Предговоръ.

УДК: 323.1(=163.3)
:655.11”18”

д-р Наташа Котлар -Трајкова
Институт за национална историја - Скопје

# МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ И ПЕТКО РАЧОВ СЛАВЕЈКОВ

Во раните 70-ти години на XIX век, кога била евидентна плодната издавачка дејност на Јосиф Ковачев, актуелноста на „*македонското прашање*“ го достигнала својот врв. Имено, само четири месеци по востановувањето на Бугарската егзархија[1], како уште една христијанско-православна црковна институција во османлиското општество, на 23 јуни 1870 г., во весникот „*Македонија*“ што излегувал во Цариград, а бил редактиран од Петко Рачов Славејков еден од водачите на бугарската преродба, бил објавен напис со наслов „*Еден глас за цела Македонија*“.[2] Еднината на насловот јавно и отворено ја поставила комплексната содржина на *македонското прашање* во актуелниот историски момент. Со суптилна етнодистинкција била истакната македонската солидарност во антипатријаршиската борба и побаран соодветен статус и за македонската етничка заедница во организационото поставување и градење на новата црква (Егзархијата). Бидејќи таа институција востановена со документ на световниот владетел – султанот не била дадена „*исклучиво за Бугарите, туку истото се вети и за Македонците преку 10-тиот член ... ако си ја покажат сите или 2/3 желбата, ќе успеат да се присоединат кон Бугарската црква*“.[3]

Но, реализацијата на ваквата можност, во написот, била условена со промовирање на демократскиот принцип во интеррелигиската релација на македонската и на бугарската етничка заедница. Во спротивно - определбата за централизам, именуван во написот, како „*деспотизам*“[4] би ја отворила пред јавноста темата за „*прашања македонски*“[5], односно за *другоста* од аспект на црква (Охридска архиепископија), народност, јазик.

1) Бугарската егзархија била востановена со султански ферман на 28 февруари 1870 г.

2) „Един глас за всичка Македония“, в. „Македония“, г.IV, Цареград, 23.6.1870, според Б.Конески, Кон македонската преродба, Скопје, 1959, 40 - 41.

3) Ibidem.

4) Ibid.

5) Ibid.

Во тоа време, печатот за поединецот претставувал излез од изолацијата и локализмот, поврзување со светот. Весниците го поттикнувале учеството на граѓаните во заедничкиот живот и придонесувале за ширење на општествените и политичките вредности, но и за создавање на јавно мислење. Имајќи го предвид последново, кратко време по објавувањето на написот, со свој коментар за „*македонското прашање*“ се јавил и редакторот на в. „*Македонија*“, П.Р.Славејков.[6] Преминувајќи кон изворниот податок, нагласувме дека доаѓа од личност која имала значајна улога во цариградскиот круг на бугарската преродба, главен противник на усилбите кон создавање на заеднички македонско-бугарски јазик, но и на македонистичкото движење. Несреќен, што македонското прашање не останало како и дотогаш, поттурнато позади сцената на акуелните меѓуетнички и политички односи, П.Р.Славејков не го негирал постоењето на истото, само скржаво забележал дека постоело од порано - „*уште пред десетина години*“ и дека било тема на „*не толку сериозни распправии*“ во македонско-бугарските односи.[7] Содржината на текстот иако не открива многу, доволно ги исцртува елементите на *македонското прашање* – периметарот на неговата актуелност[8], особеностите на македонскиот јазик наспроти источнобугарската опција како единствена за заеднички литературен јазик[9], етнодистинкцијата поткрепена со размисли за етничкото потекло на Македонците[10]. Во текстот, П.Р.Славејков настојува да ја релативизира и присутната економско-социјалната нееднаквост меѓу Бугарите и Македонците, затоа што последниве, ваквата ситуација веќе ја толкувале како нерамноправност во заедничките општествени ангажирања.[11] Сметале дека сами требале да решаваат за своите проблеми,

6) П.Р.Славейков, Македонскийт въпрос, „Македония“, г.V, бр.3, Цареградъ, 18.I.1871, 2, според, Сведовштва за македонскиот идентитет (XVIII – XX), ИНИ, Скопје, 2010, 24-25.

7) Ibidem, 24.

8) П.Р.Славејков запишал дека работата не била само празни зборови, туку „мисла што мнозина сакаат да ја спроведат во живот “. – Ibid.

9) Еве што забележал, П.Р.Славејков: „македонистите укажуваат на разликата помеѓу македонското и горнобугарското наречје, од кои првото било поблизу до словенскиот јазик, а второто било измешано со татаризми“. - Ibid.

10) „Тие не биле Бугари, ами Македонци, потомци на древните Македонци “... „ Некои македонисти се делат од Бугарите ... по тоа што тие се чисти Словени, а Бугарите се Татари“, запишал П.Р.Славејков. - Ibid.

11) Борбата за еманципација од Цариградската патријаршија македонскиот народ ја водел на заеднички фронт со бугарскиот. Заедничкиот настап кој бил мотивиран од општите интереси, потреби, заедничките словенски традиции. Но, токму тука, во овој фронт, кој имал крајна цел да создаде единствена православна словенска црква (опонент на

а не да бидат водени од други, во конкретниот случај од Бугарите. Во оваа смисла и била искажана нивната забелешката: „*се откинавме од Грците, под други ли да паднеме?* “[12]

По основањето на Егзархијата, во Македонија продолжило движењето за обновува на Охридската архиепископија, за одделување од Егзархијата дури и по цена на преминување во унијатство. Заради ова, во почетокот на 1874 г. П.Р.Славејков, тогаш веќе поранешен редактор на весникот „*Македонија*“, пристигнал во градот Солун. Во Македонија бил испратен од егзархот Антим I (во тајна мисија) со цел да го попречи актуелното ширење на унијатството во Македонија, но и да го зацврсти егзархискиот престиж. Впечатоците на П.Р.Славејков изнесени во писмата до Егзархот, содржат и констатации за „*македонското прашање*“. Накратко, тој повторно пишувал за појавата на ова прашање, но овојпат го нотирал почетокот на истото од „*пред дваесетина години*“[13] и дека тоа во актуелниот момент веќе се манифестирало како „*движење*“ со „*јасна прецизна мисла*“ за „*независно национално и црковно ослободување*“.[14]Во продолжение, особено е интересна забелешката на П.Р.Славејков дека „*македонските дејци*“ настојувајќи да го решат „*македонското прашање врз црковна основа, истовремено ги потхрануваат старите сепаратистички тенденции кај Македонците, преку Унијата да се создаде нова етничка област*“[15]. Ова негово искажување е многу важно – открива што не било кажано дотогаш за „*македонското прашање*“ и за неговата суштина. Анализирајќи ги податоците што ни ги соопштува П.Р.Славејков во последното искажување и воедно, имајќи го предвид непрецизното датирање во двете пишувања и од 1871 г. и од 1874 г., кое се чини дека е намерно, доаѓаме многу поблиску до времето кога се појавило и зачекорило на јавната сцената „*македонското прашање*“.

Патријаршијата) како услов за реализција на правата во Империјата, се изразиле разликите во историскиот развој на двата народа.

12) Сведовштва за македонскиот..., 25.

Темата македонско прашање во в. „Македонија“ била актуелна и по написот на П.Р.Славејков. Еден месец по неговото пишување и сомневање во аргументацијата на „македонистите“ за етничкото потекло на Македонците следел коментарот на учителот и учебникар Димитар В. Македонски дека: „Македонците не се изгубиле од лицето на земјата како што си дозволуваат некои да велат, зошто, доколку што знаеме ние, тие не згрешиле ништо па да зине земјата да ги голтне“. - „По Македонскийт въпрос“, в. Македония, г.V, бр.3, Цареградъ, 16.II.1871.

13) Сведовштва за македонскиот идентитет (XVIII – XX), ИНИ, Скопје, 2010, 26.

14) Ibidem, 26-28.

15) Ibid., 28.

Тоа бил периодот (1856 – 1861) по завршувањето на Кримската војна и прогласените граѓански права со Хати-хјуманунот, кога и македонското граѓанство започнало да води активна борба против духовната и културната доминација на Цариградската патријаршија емитувана на грчки јазик. Низа акции во почетокот на таа борба изразувале словенско пробудување[16], на кое воздејствувало и влијанието на Русија.[17] Тоа било времето кога Димитар Миладинов го повел македонскиот народ по патот на културната преродба. Основната цел била да се потисне грчкиот јазик од училиштата во Македонија и да се замени со „*живиот народен јазик*“[18] – македонскиот, во црковната богослужба да се воведе црковнословенскиот јазик и да служат домашни свештеници. Во исто време, пријателот и поранешениот ученик на Д.Миладинов - архимандритот Партенија Зографски имал изработено книги за учење во кои биле застапени и особеностите на македонскиот јазик.[19] Споменативе особености ги имало и во „*многуте макед.песни*” [20] кои Константин Миладинов сакал да ги отпечати во фолклористичкиот зборник. И уште нешто, користејќи го македонскиот народен јазик, тој направил преводот (1858) на дел од брошурата на Ј.Флеров „*Православни црковни братства во југозападната Русија*” со свој предговор.[21]

Современикот и добар познавач на актуелната преродба на македонскиот народ, рускиот дипломатски претставник – Александар В. Рачински, во 1859 г. констатирал дека тоа бил процес - „*Движењто се шири низ целата околина* (на Кукуш, б.м.) *до најоддалечените места на Македонија ... жителите на Карадак, Полјанин, Воден, Струмица*

16) Словенско-преродбенската фаза била присутна и во еволуцијата на бугарската преродба. - Поопширно: Зб., Книга за Миладиновци 1862 - 1962, Скопје, 1962.

17) Нејзиното пропагирање на панславизмот и на словенофилството било во согласност со реализирањето на источната политика – излез на источното средоземноморие, преку територијата на османлиската држава. Оттука, целосноста на православието под водството на Патријаршијата била најсигурниот патот кон целосноста на руското влијание на Балканот.

18) Райко Жинзифов, Публицистика, София, 1964.

19) Во конкретното време, П.Зографски бил за создавање на заеднички македонско-бугарски јазик, при што истакнувал дека „македонското наречје“ заради своите особености треба да биде основата на заедничкиот јазик. – Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т.I, Скопје, 1981, 188.

20) Писмо на К.Миладинов од 8 јануари 1859 г., до бугарскиот преродбеник и револуционер Г.С.Раковски. – Зб., Книга за Миладиновци 1862 - 1962, Скопје, 1962, 26.

21) Содржината на преводот била наменета за разобличување на веќе актуелната католичка унијатска пропаганда и била дистрибуирана во Македонија (А.В.Рачински и Е.П.Јужаков).

*се убедија во сладоста на мајчиното млеко - мајчината писменост*”[22]. Впечатлив пример за реализирање на културно-народна автономија бил обидот (1859) на кукушките граѓани и нивниот првенец Нако С.Станишев за премин во унија, при што се „*барало да се образува единствена архиепископија во Македонија директно потчинета на папата*“[23]. Овој самоиницијативен чин на кукушките граѓани за еманципација од Патријаршијата и од грцизацијата бил амортизиран со интервенција на руските политички кругови, Патријаршијата и бугарските водачи во Цариград. Барањата на кукушани биле задоволени: за првпат на чело на една македонска епархија (Полјанската) во составот на Патријаршијата, застанал владика Македонец – Партенија Зографски родум од Галичник. Оваа историска епизода на кукушани била само фрагментарна руска поддршка, која доаѓала единствено кога биле застрашени интересите на Русија – нејзиното влијание на Балканот и на Блискиот Исток. Со внимателно читање на изворната граѓа, констатираме дека од 1860 г., бугарската културно-политичка опција добила особена поддршка во руската политика.[24] Тоа значело збогум на *словенството* коешто извршило голема мобилизаторска задача (кај балканските народи) во почетната фаза на преродбенското движење.

Константин Миладинов заминал од Русија, а капиталниот фолклористички труд на собрани материјали од Македонија бил објавен (1861) со помош на руски ривал – австриски државен и католички претставник – Јосип Ј. Штросмаер. Од друга страна, фактот што во формата на *Зборникот* – насловот[25] стои придавката бугарски, а не

22) Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859-1918), избор, редакција и коментари Александар Трајановски, ДАРМ, Скопје, 2004, док.1, 71-72.

23) Б. Ристовски, Народната култура во изградбата и афирмацијата на македонската национална мисла, Г ИНИ, XIX/3, Скопје, 1975, 85.

24) Во изворната документација на руската дипломатија до 1860 г. е карактеристично присустото на словенското именување наспроти бугарското во однос 3 : 1 или 2:1. Овој однос од 1860 г. е целосно изменет во корист на бугарското именување на македонскиот народ. - Руски документи за Македонија и македонското прашање (1859-1918), избор, редакција и коментари Александар Трајановски, ДАРМ, Скопје, 2004; Братя Миладиновци – Преписка, редактирал Н.Трайков, София, 1964.

25) Во јуни 1861 г. Зборникот бил отпечатен, а неговите автори завршиле во затвор и кратко време потоа таму умреле. Содржината на Зборникот била длабоко македонска. Тој е пречекан со игнорирање од руската и од бугарската политичка и културна јавност. Првата многу повеќе заради католичкото спонзорство, а втората многу повеќе заради македонската содржина. Дури во 1869 г., П.Р.Славејков со „Писмо до бугарските читалишта“ изразил незадоволство од правописот применет во Зборникот на Миладиновци, којшто пак бил во најголема мера блиску до народниот македонски изговор. - Весник „Македония“, г. III / 42, Цареград, 3. X.1869.

македонски песни, доволно зборува за моќта на политичкиот интерес и влијание. Во актуелниот момент, македонската содржина воопшто не била добродојдена и на секаков можен начин била потиснувана, не требала да „*излезе на пазарот*“[26]. И Русија и Австрија биле веќе определени – јужнословенското население во османлиската држава да го именуваат како бугарско[27], не водејќи воопшто грижа за културните и народносните особености одделно. Важна била територијата и можностите што таа ги нудела.[28] Во оваа смисла, руската политичка опција во Македонија – пробугарска, била засилена со доаѓањето (1861) на првиот руски конзул во Битола – Михаил А. Хитрово. Моментот бил *деликатен* како што забележал и П.Р.Славејков во својот напис[29], затоа што тогаш започнале патријаршиско (грчко) - бугарските преговори за решавање на актуелното црковно прашање, а во раките на истото и за македонските епархии под јурисдикција на Патријаршијата. Затоа, П.Р.Славејков во својот напис остро реагирал што во време на „*сѐ уште неконструиран народ*“ - единствен, биле истакнати и македонски барања, па макар тие биле и на компромисна линија (Партенија Зографски, Кузман Шапкарев, Димитар Василев-Македонски, Димитар  Узунов). Преродбениците по нив, како Венјамин Мачуковски и Ѓорѓи Пулески, биле уште поконкретни, првиот со барања за посебен македонски јазик (1872), а вториот – и за посебна македонска националност (1875).

26) П.Р.Славейков, Македонскийт въпрос, в.„Македония“, г.V, бр.3, Цареградъ, 18.I.1871,2, според, Сведовштва за македонскиот идентитет (XVIII – XX), ИНИ, Скопје, 2010, 24.

27) Пишувајќи за влијанието на Австрија, П.Р.Славејков во февруари 1874г. запишал: „во 1860 година римокатоличките агенти за Унијата беа изработиле културно-национална програма за ослободување на бугарскиот народ од Патријаршијата“ - Ibidem, 28.

28) Таков бил и примерот со поделбата на Полска , тие и Прусија биле  парципиенти во нејзината поделба.

29) Сведоштва за македонскиот ..., 24.

УДК: 325.2(497.2)”18/19”

проф. д-р Билјана Ристовска - Јосифовска
Институт за национална историја - Скопје

# ИСТОРИСКИТЕ ПРЕСЕЛБИ ОД МАКЕДОНИЈА ВО ОБЛАСТА ТУЗЛУК ВО БУГАРИЈА (втората половина на XIX и почетокот на XX век)

Миграциските процеси во целина се исклучително комплексни и со свои внатрешни специфики, кои, за да се разберат, мора да бидат анализирани во поширок историски контекст. Преселбите на Македонците низ историјата се среќаваат со различни именувања (Вражиновски Т., 2001: 6-7), а во текот на XIX век тие се одвивале во разни правци: кон балканските земји, Египет, Америка итн. и според критериумот на мотивите и на желбите, тие се со комбиниран карактер. Според типот, политички мотивираните преселби и особено бегалските бранови доминираат во периодот по Кресненското востание (1878), како последица на лошата безбедносна ситуација и теророт, немирите, востанијата, пропагандите, војните и меѓународните одлуки. Македонското иселеништво го наоѓаме низ балканските и европските земји, Египет, Турција, во прекуокеанските земји.

Трајното иселување, освен од лични причини, во голема мера зависело од условите за враќање и работа во матичната земја, како и од можностите за обезбедување егзистенција и адаптација во новата средина. Доколку иселеникот имал фамилија, важен услов било и создавањето услови за доведување на членовите на семејството и нивното приспособување (особено на жената). Потрагата по безбедна средина за живеење неминовно водело и кон решавање на основните егзистенцијални проблеми што претпоставува започнување со работа заради опстанок и заработка (без оглед дали се работи за краткотрајно мигрирање или за долготрајно и постојано населување). Прифаќањето и приспособувањето во новата средина било овозможувано и олеснувано со помош на претходно преселените (роднини и други сонародници), кои им обезбедувале поддршка на новодојдените. По емигрирањето од татковината, иселениците обично се движеле во кругот на македонската емиграција, здружени во културни и образовни асоцијации и организации, честопати развивајќи жива публицистичка дејност. Посебно место има печатот, на јазиците на земјите во кои престојувале, па дури и на македонски јазик.

Македонците поинтензивно мигрирале кон Бугарија, особено од втората половина на XIX век, и се сметаат како најбројна маса на доселеници. Нивниот број не може со сигурност да се утврди од повеќе причини: долготрајноста на миграцискиот процес со променлив интензитет и во различни правци на движење (повеќестрано доаѓање и повторно враќање дома или доаѓање и релокација во друга држава), како и поради непрецизната евиденција и статистика. Досегашните сознанија за ова прашање се различни и често контрадикторни. Проценките за бројот на македонските бегалци од почетокот на 20 век се различни: од 200.000 до 1.000.000 луѓе, а според некои истражувачи, во првите 30 години на XX век биле доселени околу 100.000 души (Катарџиев И., 2008: 8-10). Според други, бројот на бегалците што влегле во Бугарија од 1878 до 1944 година се движи околу 150.000, а некои допуштаат бројност до 250.000 души (Гребенаров А., 2001: 78).

Во правец од Македонија кон Бугарија голем бран принудни иселувања има по растурањето на слободната територија во Пијанечко и по неуспехот на Кресненското востание; бран бегалци се јавува и во врска со т.н. Горноџумајско востание (1902); во периодот по Илинденското востание, по Балканските војни и поделбата на Македонија, во времето на Првата светска војна; по завршувањето на војната, кога во Егејскиот дел на Македонија биле направени демографски промени, особено со Лозанскиот договор (1919) и принудното иселување на околу 30.000 души во Бугарија; Нејскиот договор (1922) за размена на население меѓу Бугарија и Грција; по Граѓанската војна во Грција (1946-1948) итн. (сп.: Катарџиев И., 2008: 8-10; Гребенаров А., 2001: 73-77).

Во овој труд се осврнуваме на историските преселби на македонското население од североисточниот дел на Македонија, што се одвивале низ етапи кон крајот на XIX и почетокот на XX век, со крајна дестинација во областа Тузлук во Бугарија: од аспект на времето и причините за иселување (економски, политички, безбедносни, притисок, потиснување од друг етнос), како и функционирањето на доселениците во новата средина, во потрага по егзистенција. Истражувањето со споредба и научна проверка на различни извори на информации придонесува да се дојде до нови сознанија за разни аспекти од оваа проблематика. За овој прилог се користени архивски материјали и публикувани сеќавања на потомци на преселници.

Предметот на нашето истражување – областа Тузлук во Бугарија, ги опфаќа сеќавањата на потомците од генерациите кои првобитно го населиле овој регион. Особено се интересни исказите околу изборот на локацијата за населување – при што како фактор се јавува и наликувањето

на родното место на доселеникот. Врз основа на документација и на сеќавањата добиваме одговори околу времето и причините за иселувањето, како и за начинот на доселување. Како што може да се очекува, во нив се забележливи понекогаш анахронизми и нејаснотии во поглед на настани поврзани со причините и времето на доселувањето, како и во поглед на податоците за доселените родови и предисторијата на тие миграции. Како константа ја среќаваме информацијата дека во Тузлук се населуваат во 80-тите години на XIX век. Но, што му претходело на трајното населување?

За разбирање на тој процес на преселби сѐ до Тузлук како крајна дестинација е потребен осврт на ситуацијата во регионот од крајот на XIX век. Гледано во историски контекст, во времето на османлиското владеење Тузлук претставува област претежно населена со турско муслиманско население. По формирањето на бугарската држава, ова население започнало забрзано да се иселува (доброволно или под притисок). Истовремено, започнал процес на населување на депопуларизираната област со население од други краеви на државата и надвор од неа (од Пиринскиот дел и од источните краеви на Македонија, од Ќустендилско, подоцна од Босилеградско итн.).

Предисторијата, пак, на доселувањата од Македонија во Тузлук може да се следи уште од крајот на XIX век, односно од настаните околу крајот на Руско-турската војна, ослободената територија во Пијанечко и Кресненското востание. Како резултат на неуспесите на ослободителните акции во Македонија, поради стравот од одмазда, во повеќе бегалски бранови населението се упатувало кон демаркационата линија и натаму кон бугарската територија. Правците на движење главно биле кон Горноџумајско и кон Ќустендилско, но и кон Дупница, Ловеч, Плевен, Луковитско, Софија и Чепинското Корито, и од источните падини на Пирин Планина кон Горноџумајско (Пандевска М., 1993: 46-71). Дел од избеганото население се враќа во напуштените села, а дел трајно се населува. Поради големиот притисок започнува систематско населување низ бугарската држава. Во областа Тузлук, испразнета од муслиманско население, следиме промена на конфесионалниот и на етничкиот состав на населението преку етапите на отселување/доселување.

Во тој контекст започнало делумно спонтано (роднински врски), но и организирано населување на жители, а карактеристично е што тоа претставува нивна релокација. М. Б. од с. Долна Златица сведочи: „Нашите дедовци и прадедовци тргнале од Пиринска Македонија, од Кратово, но има и од западните покраини – Дукат, Црварица и др. Во тоа време преселувањето од Македонија е сврзано со многу тешкотии... Тргаат на едно многу тешко патување – со мали деца, многучлени семејства,

попат среќаваат делови од разбиена турска војска, треба да запираат, да се кријат. Преселувањето траело со години... Преселниците се движеле организирано – со свои раководители, по установен ред и правила. Не дошле одеднаш во Горна и Долна Златица и Пиринец (за Пиринец најдов помалку материјали). Најнапред се населиле во реоните на Червен Брјаг, Луковит, Рупци“. Според натамошното раскажување, откако не им се допаднало тука, го замолиле Ст. Стамболов да им дозволи да се иселат од Черни Брјаг и тој ги насочил кон Горна Златица и Кавлак. Но, тие се населиле во Долно Маст'нлар (Памет, 2005: 187-188).

**Мостот на Голема Река кај с. Пиринец, во Тузлук (1940)**

Во периодот што следи продолжиле да се одвиваат миграциски движења од привремен или траен карактер. По населувањето во областа Тузлук, луѓето се занимаваат со разни занимања, но како резултат на неповолната економска состојба започнале на одат на гурбет. Според сеќавањата на потомците, тие заминувале на работа како ѕидари, малтерџии или како градинари, најчесто во организирани групи, предводени од драгомани. Е. М. раскажува: „Мнозина тргнале на гурбет, по печалба. Уште со настапувањето на пролетта ѕидари и малтерџии од Антоново и од целиот Тузлук ги грабнале секирите и теслите и водени од мајстори како Најден Стојанов и Божил Најденов, тргнувале од блиските и подалечните околии, достигнале дури ќустендилските села. Други антоновчани престојувале и зиме и лете од чокојските чифлици во Романија, работеле од градините на царска Русија дури таму до Ташкент. Ги воделе месни или горноорјаховски богати драгомани, во чиишто длабоки џебови потонувале добрите печалби“ (Милева Е., 2005: 115). Дестинациите на печалбарите биле различни: градители оделе низ државата (Софија, Видин), градинарите оделе за Романија, Русија (Ташкент), Узбекистан, Чехија (Памет, 2005: 149). Заминувале и за Америка (главно во Северна Америка и во Аргентина, во Јужна Америка). Одењето на печалба продолжило како начин на стопанисување, а во современата историја овој регион претставува пример за одлив на работната сила.

***

Во нашиов прилог се задржавме накратко на миграциите на два пункта: североисточниот дел на Македонија и областа Тузлук во Бугарија, кои главно се сведуваат на отселување на една и доселување на друга популација. Притоа, истражувањата покажуваат разновидни и хронолошки многуслојни историски и тековни миграциски процеси – низ различни и променливи форми и поттикнати од различни причини. Во врска со улогата на еден регион како приемник или емитер на население, во

случајот со областа Тузлук во Бугарија, се населуваат новите доселеници на местата на иселеното муслиманско население, делумно спонтано или организирано од државата.

**Користена литература**

Бекяров, Й., Бекяров, И. 2004: Долни Чифлик. История, култура, развитие, София.

Вражиновски Т., 2001: Македонското иселеништво – состојби и перспективи во неговото проучување, во: „Прв меѓународен научен собир Иселеништвото од Македонија од појавата до денес“, Скопје, 5-21.

Гоцев, С. 88: Национално-революционни борби в Малешево и Пиянец 1860-1912, София.

Гребенаров, А. 2001: Македонските бежанци от Македония (1878-1944), во: „Прв меѓународен научен собир „Иселеништвото од Македонија од појавата до денес“ (Крушево 3-5 август 2000), Скопје, 73-88.

Катарџиев, И. 2008: Македонската емиграција во Бугарија 1944-1950, Скопје.

Лапе, Љ. 1976: Разловечкото востание од 1976 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски, Скопје.

Малинов, З. 2010: Компаративно проучување на акултурацијата на мигрантите од Шоплукот (на примери од Источна Македонија и Североисточна Бугарија), во: Балканската миграционна култура: исторически и съвременни примери от българия и македония. Съставител: Петко Христов, Етнографски институт с музей, Българска академия на науките, София, 111-132.

Милева, Е. 2005: История на Антоново. Март 1961, во: Памет за Тузлука. История и култура, Велико Търново.

Петков, К. 2005: Из „Откровения“ (1993), во: Памет за Тузлука. История и култура, Велико Търново.

Памет 2005: Памет за Тузлука (Спомени на съвременници), во: Памет за Тузлука. История и култура, Велико Търново.

Пандевска, М. 1993: Присилни миграции во Македонија 1875-1881, Скопје.

Пандевски, М. 1971: Учеството на Македонците во вооружените ослободителни борби на бугарскиот народ во 60-тите и 70-тите години на XIX век, „Гласник“, XV, 1, Скопје.

Поплазаров, Р. 1978: Ослободителните вооружени борби на македонскиот народ во периодот 1850-1878, Скопје.

Ристовска-Јосифовска Б., 2002: Ињо Малешевски и Ѓорѓија Пулевски во ослободителните борби, во: „Војводата Ињо Марков-Малешевски и

неговото време. Меѓународна конференција 6-7 Мај 2000 во Берово“, Берово, 90-102.

Ристовска-Јосифовска Б., 2010: Аспекти од миграциските истражувања на Балканот, во: Балканската миграциона култура: исторически и съвременни примери от българия и македония. Съставител: Петко Христов, Етнографски институт с музей, Българска академия на науките, София, 44-76.

Руски документи, 2004: Руски документи за Македонија и македонското прашање /1859-1918/. Избор, редакција и коментари Александар Трајановски, Скопје.

Трайков, Д. 2005: Из „Браздата на моя живот“ (1998), во: Памет за Тузлука. История и култура, Велико Търново.

**Summary**

The focus of our current interest is the migrations of the Macedonian population from Eastern Macedonia towards the region Tuzluk in Bulgaria (second half of 19th and beginning of 20th century). This research covers the memories of descendants of the generations that originally settled in this region. Based on the documentation and the memories we get the answers concerning the time and reasons for the emigration, as well as how the immigration took place. The history of migration from Macedonia to Tuzluk can be followed since the end of the 19th century, that is to say since the events around the end of the Russo–Turkish war. As a result of the unsuccessful liberation activities in Macedonia, the population moved towards the demarcation line and beyond, towards Bulgarian territory, in a number of refugee waves during long time. One part of the population that had fled returned to the abandoned villages, and one part settled permanently.

Tuzluk was a region mostly populated by Turkish Muslim inhabitants, during the Ottoman reign. After the establishment of the Bulgarian state, this population started to emigrate rapidly. At the same time, a process of resettling the depopulated region with population from other regions of the country and from abroad (from the Pirin part and from the eastern regions of Macedonia, from Kustendil region, later from Bosilegrad region, etc.) started. In this context, there was partly spontaneous or organized settling of population, and what is characteristic is that it was in fact their relocation.

УДК:37.091.113(497.775)
”1874/1877”

проф. Трајче Мицески
Економски факултет - Кочани
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
спец. Роберт Конески, дипл.теолог
црква „Св. Кирил и Методиј“ - Прилеп

# ЕДУКАТИВНО-МЕНАЏЕРСКО-ЛИДЕРСКИТЕ ОДЛИКИ НА ДИРЕКТОРОТ НА НАРОДНОТО УЧИЛИШТЕ ВО ПРИЛЕП (1874-1877) - ЈОСИФ КОВАЧЕВ

**Вовед**

Успехот на работењето во една организација особено се рефлектира преку менаџерско-лидерските особини на директорот во спроведувањето на визијата и стратегијата во интерес на организацијата и пошироко за заедницата.

Во тој поглед, при остварување на своите задачи, директорот е неуморен во своето: размислување, планирање, организирање, екипирање, насочување, дејствување, ефектуирање, остварување и ширење на чувства на прифатеност и задоволство кон пошироката публика во организацијата и опкружувањето.

Најдобри менаџери односно директори на организации (школи) се оние кои наликуваат на лидери. Лидери или водачи се личности кои насочуваат, кои имаат визија, мотивираат и се полни со ентузијазам.

Овие карактеристики ги красат и учителот и директорот на народното училиште во Прилеп (1874-1877 год.) - Јосиф А.Ковачев.

Учителот и директор Ковачев сето свое педагошко знаење и искуство го вложил за неговиот напредок и напредокот на едукативната дејност. Исто така, тој особено внимание обрнувал и на практичната обука на своите ученици-идни учители, истовремено хористи или активисти по разни хумани области.

Неговиот успех што го постигнал во штипското класно училиште, им дал повод на одговорните лица во прилепската училишна општина, да го поканат Ковачев да дојде за главен учител во Прилеп, за да ги реформира и организира училиштата во градот.

Како учител и директор, Ковачев многу придонесол за квалитативното издигнување на училиштата во Прилеп. Составени биле и нови наставни планови. Училиштата биле од основа реформирани и добиле современа физиономија.

Бидејќи во неговата едукативна активност имале предност богословските и педагошките предмети, особено методиката на основната

настава, тоа претставувало еден вид семинарија, во која учениците добивале заокружено средно образование и се подготвувале за учители.

Како новина, а истовремено и идеја за поздравување, која ја вовел Ковачев е основањето на црковниот хор составен од учениците кои редовно вежбале и пееле во црквата „Св. Благовештение“ во Прилеп.

Во трудот е направен е општ осврт на карактеристиките на еден менаџер-лидер и посебен осврт на менаџерско-лидерската улога на учителот и директор Јосиф Ковачев.

**Одликите на еден менаџер-лидер**

Лидерот е личност која се почитува и се следи. Се концентрира на стратегијата, идентификува нови можности, ја движи организацијата во нови правци. Тој мора да има способност при насочување на организацијата да стекне доверба, треба да има храброст да преземе акција и ризик, да ги инспирира вработените и да им влева верба за успех. Лидерот за да биде делотворен треба да почитува неколку начела:

- добро да биде осознаен себеси, односно добро да ги познава своите способноси за реализација на својата визија и стратегија;
- да се одликува со примерност и убедливост на следбениците во тоа за што се залага;
- да биде оптимист и секогаш да размислува позитивно;
- да тежнее кон најдобрите решенија (со поставување на високи цели, се остварува повеќе);
- да тежнее кон решенија во сѐ што работи;
- да ги вреднува наградува позитивните резултати;
- да комуницира, што значи внимателно да слуша и отворено да разговара;
- треба да се труди за унапредување на квалитетот на целокупното работење итн.

Ако лидерот се придржува до наведените принципи, неговите следбеници ќе му бидат лојални и процесот на работа ќе се одвива многу полесно.

Значи, менаџментот и лидерството во себе вклучува само и карактеристики на менаџментот и каратеристики на лидерството, како и авторитет, етичност, совесност, визионерство и сѐ она што води кон успешно остварување на целите.

При остварување на своите задачи менаџерот-лидерот треба да ги спроведе активностите на организирање, планирање, екипирање, насочување (лидерство во потесна смисла) и контрола. За остварување на

сето тоа, менаџерот-лидерот мора да има и формална моќ за напредување која произлегува од хиерахијата и фактичка моќ, која произлегува од неговиот фактички (вистински) авторитет.

Освен тоа, менаџерите-лидери се потребни за спроведување на наведените активност:

- информациски вештини, способност на собирање и дистрибуција на информации, способност за дефинирање и поседување на знаења кои и помагаат на фирмата, вработените и сопствениците;
- интерперсонални вештини - способност за лидерство;
- вештина на одлучување - способност за барање на нови и подобри можности за организација, способност за алоцирање на ресурси, преговарање и решавање на конфликти.

**Организирање на работата во организацијата**

Современите менаџери-лидери ја организираат работата на вработените, на другите менаџери, на одделите и ресурсите на современ и достапен начин. Секојдневно ја операционализираат стратегијата, им даваат задачи на вработените, кои се во согласност со поставените цели, ја унапредуваат комуникацијата, ги охрабруваат активностите, како што се тренирање на вработените, нивно наградување или спроведување на дисциплински мерки.

Тие правилно ги лоцираат целокупните ресурси, ги мобилизираат вработените, ја организираат внатрешната контрола и го надгледуваат работниот процес.

Овие карактеристики се само дел од активностите што ги поседуваат добрите менаџери, кои наликуваат на лидери. Всушност, спојувањето на карактеристиките на менаџерите и лидерите не е само потреба, туку тоа е неопходно за постигнување на севкупен успех во нивните дејствувања.

Затоа е битно менаџерите да ги препознаваат лидерските карактеристики и да го искористат нивното знаење и нивната харизма.

**Менаџерско-лидерските одлики на учителот и директор Јосиф Ковачев**

Најдобри менаџери се оние кои наликуваат на лидери. Лидери или водачи се личности кои насочуваат, кои имаат визија, мотивираат и се полни со ентузијазам.

Таква личност со слични карактеристики е и учителот и директорот Јосиф А.Ковачев.

Како класен раководител, Ковачев го организирал штипското училиште по образецот на тогашните руски богословски училишта, каде што престојувал и учел.

Покрај општообразовните, во наставниот план на училиштето видно место заземале богословските и педагошките предмети. Поради ваквиот свој карактер тоа било наречено класно-богословско училиште. Некои автори го сметаат за училиште што давало средно заокружено образование[1].

Ковачев сето свое педагошко знаење и искуство го вложил за неговиот напредок. Особено внимание обрнувал на практичната обука на своите ученици – идни учители.

Под негово раководство учениците од погорните класови хоспитирале и држеле предавања во основното училиште. Тој одржувал нагледни предавања пред своите ученици, за да ги воведе во методиката на новата (гласовна) наставна метода. Неговото училиште брзо се прочуло и станало расадник на новите педагошки идеи. Во него се нашле голем број ученици од различни краишта на Македонија.[2]

Со успехот што го постигнал во штипското класно училиште, дал повод на прилепската училишна општина да го покани Ковачев да дојде за главен учител во Прилеп за да ги реформира и организира училиштата во градот. Ковачев ја прифатил поканата и во почетокот на 1874/1875 учебна година дошол во Прилеп.

Како учител и директор, Ковачев многу придонесол за квалитативното издигнување на училиштата во Прилеп. По негово настојување, големите училишни простории на општинското училиште биле преградени на помали – за секое одделение и клас по една. Направени биле нови клупи и табли и воведени учебни помагала (географски карти, глобуси и сл.). Составени биле и нови наставни планови. Тој прв тука ја вовел новата гласовна метода. Училиштата биле од основа реформирани и добиле современа физиономија. Ковачев го реорганизирал и класното училиште и го приспособил на барањата на општината - да подготвува учители, за кои се чувствувала голема потреба по прилепските села, како и во селата на западна и југозападна Македонија.

Бидејќи во штипското и во прилепското класно училиште предност имале богословските и педагошките предмети, особено методиката на основната настава, тоа претставувало еден вид семинарија во која учениците добивале заокружено средно образование и се подготвувале за учители. За кратко време прилепското четирикласно училиште постигнало извонреден успех.

Јосиф Ковачев учителствувал во Прилеп три години и за тоа време во неговото училиште се подготвиле голем број модерни учители, кои

1) Ванков, Н.И.(1903) История на учебното дело в България, Ловеч.121

2) Иванов, И, Северна Македония.362

се распрснале низ Македонија, ширејќи го духот на новото училиште и новите педагошки идеи. Се споменува како најавторитетен директор на прилепските училишта.[3]

Општината во своите извештаи со најпофални зборови се изразувала за дејноста на Јосиф Ковачев како учител и директор. Во период од две години од доаѓањето на Ковачев, прилепските училишта, особено „големото“ или „главното“ (класното) се прославиле во цела Македонија.[4]

Прилепското училиште било самостојно, се раководело од едно училишно настојателство, избрано од Прилепската црковно-училишна општина.[5]

Наставата дотогаш била насочена на здобивањето на вештината на читањето, кое се изведувало по старата буквена метода, позната во педагошката литература под името номинална метода. Читањето по оваа метода започнувало со изучувањето на буквите. Обновен елемент од кој се поаѓало во запознавањето на буквите било името, односно знакот на буквата, а не нејзиниот глас.

Методски промени кои радикално го измениле изведувањето на наставата се внесуваат со воведувањето на гласовната метода. Оваа метода овозможила еден учител успешно да работи едновремено со многу ученици. На тој начин станале излишни помошниците на учителот, без кои инаку не можело да се замисли изведувањето на наставата во заемните училишта.[6]

Ковачев организирал и педагошко-методски курсеви за учителите кои сакале да ја усвојат новата метода. По Габрово и Штип, каде што учителствувал по доаѓањето од Русија, таков курс во 1874 година организирал и во Прилеп и на тој начин овозможил гласовната метода да најде практична примена и во училиштата во овој дел на Македонија.[7]
Во класното училиште на Ковачев учебниците биле исфрлени од употреба и учениците учеле од белешките составени по неговите предавања.

За имотно-материјалните и хигиенските потреби на училиштата се грижеле училишните настојателства, кои вршеле и контрола и ревизија на работењето на учителите и успехот на учениците. За време на своето учителствување во Прилеп, Ковачев добивал многу пофалби за својата

3) Сто години ново българско училище въ гр. Прилеп, 1843 – 1943. 81

4) Исто .57.

5) Исто 71.

6) Кантарџиев, Р.(1965) Македонското преродбенско училиште, Скопје, Култура. 131-132.

7) Исто 134.

работа од настојателството и општината.[8] Во финансирањето на работата на училиштата во тоа време со свои парични средства учествувала општината и Егзархијата. Во текот на учебната 1874/1875 година бројот на ученици во прилепските училишта бил околу 600 на број, за што биле потрошени 78.320 златни лири.

Голема важност дал Ковачев на богословските предмети, па училиштето заприлегало на семинарија. Се формирал и црковен хор, кој пеел на празничните денови во црквата.[9] Учениците биле поделени во групи и секој неделен и празничен ден оделе в црква и пееле на богослужбата. Ова била практична примена на ученото во училиштето по предметите Псалтикија – Црковно пеење. Овие ученици на тие денови пееле заедно со псалтите – певците во црквата, а ова било регулирано со посебен акт на општината и училиштето.[10] Ковачев го афирмира во Прилеп и руското црковно пеење, кое подоцна кај црковните хорови останува како основа на пеењето.

Испитот и годишниот акт се изведувале на отворено во училишниот двор, во присуство на многу народ и во присуство на официјалната турска власт. Уште рано, дворот се исчистувал, се полевал со вода, се ределе табли, карти, цртежи, глобуси, на страна се ределе столови за канетите гости, за публиката, а насреде имало голема маса покриена со чаршав и мноштво вази со цвеќиња на неа. Ова било важен прилог за популаризација на учењето и училиштето на радост на целиот град Прилеп.[11]

**Улогата на учителот и директор Ковачев во просветно и културно издигнување на луѓето преку достапни пограми на обука**

Ковачев организирал и вечерни часови за возрасни и курсеви по сметководство за трговците од Прилеп и пошироко.

Како хуманист и просветител, Ковачев имал длабоко разбирање за стремежот на народот за своето просветно и културно издигнување и својата педагошка дејност ја насочил на создавање модерно основно училиште – таква просветна институција која ќе му биде блиска и достапна на народот. Негова интимна желба била народните училишта да ги издигне на нивото на народните училишта во тогашна Европа.

---

8) Трајановски, А.(1988) Црковно-училишните општини во Македонија – Прилог кон историјата на македонските црковно-училишни општини од нивното основање до 70-тите години на XIX век. Скопје, Институт за национална историја. 130-131.

9) Траичев, Г. (1925) Град Прилѣпь. София, Македонска библиотека.117

10) Шалдев, Х. Погледь на учебното дело в Прилеп, ракопис, Архив Прилеп, Фонд Црковно-училишна општина ДН 44. 391

11) Исто 118

На педагошко поле Јосиф Ковачев не се пројавил само како педагог практичар – со својата дејност на реформирањето на образованието, демократизирањето на народното училиште, подготвување на модерни учители и воопшто како народен просветител, туку и како педагог теоретичар, кој на разгледувањето на основните педагошки проблеми им посветил сериозно внимание.

Според него, целта на воспитанието, односно на образованието треба да биде развивање не само „на умот и срцето“, туку и волјата на личноста. „Времето во кое се даваше образование само на умот и срцето – пишува тој, помина неповратно. Сегашното време бара образование на волјата, воспитание на енергично, смислено и пресметливо работење. Заради тоа и педагогијата денес стои на ставот образованието на умот и срцето да биде средство за образование на волјата и според тоа да се мери“[12] и уште споменува „Педагогијата пред очите има цел човек, тежнее кон целосен развиток на духот и телото...“[13]

Во тесна врска со целта на воспитанието Ковачев ја определува и задачата на народното училиште – да подготвува за практичен живот. „Народното училиште“, вели тој, „има да подготвува за практичниот живот во црквата, семејството, позивот, општеството и државата“.[14] Значи наставата во училиштето треба да има сосем конкретна насока – да ги подготви учениците за идниот живот во средината, во која тие како нејзини членови ќе живеат и работат. Очигледно, вака определувајќи ја целта на воспитанието и задачата на народното училиште, тој се раководел од потребите и интересите на граѓанската класа во 60-тите и 70-тите години на XIX век, кога таа се стремела да ги зачува своите економски и општествени позиции во условите на се позаострена конкурентска борба на домашниот пазар, заради проникнувањето на странскиот капитал.[15]

Предавањето на учителот Ковачев го споредува со „орањето и сеењето“, а резултатите од неговата наставна работа со „жетвата и вршидбата“. Сосем е правилна и има своја важност и денес неговата констатација: „Мнозина учители сакаат да жнеат таму, каде ништо не сееле, сакаат оттаму каде треба да дадат и изработат нешто“.

12) Ковачев. И.А.(1873) Школска педагогиа или методическо рѫководство за учителите и управителите на народните школи, Пловдивъ, Свиштовъ, Солунъ. 21.

13) Исто. 26

14) Исто. 3.

15) Кантарџиев, Р.(1978) Педагошката дејност и погледи на Јосиф Ковачев, Скопје, Просветно дело 9-10/78. 48.

**Современите погледи на учителот и директор Ковачев за изведување на наставата**

Ковачев во своите дела изнесува драгоцени мисли за тоа како треба да се користат во наставата сликите, географските карти, цртежите, екскурзиите и сл. Тој не може да замисли успешна настава без целосна примена на нагледните средства. Како најважна задача на наставата го истакнува развитокот на мислењето, а за активно и свесно усвојување на знаењата од страна на учениците неопходен услов е наставата да биде интересна и привлечна за нив. „Човекот се учи да мисли само кога се внесува во некоја жива содржина...“

Заслужува внимание неговата идеја за создавање на единствено седумгодишно народно училиште. Со тоа сакал да стави крај на шаренилото од различни видови училишта (заемни, подготвителни, класни...) какви што постоеле во тоа време во Македонија. Тој дури составил и наставен план за вакво училиште. Но, Ковачев се застапувал и за основање на средно училиште со најопшт карактер, кое во себе би ги соединувало: гимназијата, духовната семинарија, препарандиумот земјоделското училиште и негова задача би била да подготвува ученици за повисоки училишни установи (универзитет, духовна академија, политехнички институт). Тој, исто така, се застапувал и за отворање на женски институт, чијашто задача би била да подготвува народни учителки. Ковачев бил за коедукација во образованието.[16]

Во главата „Што изискува хигиената од народното училиште“ во книгата „Школска педагогија“ или „Методичко раководство за учителите и управителите на народните школи“, Ковачев разгледува широк круг прашања од областа на физичкото и моралното воспитание. Во првиот дел тој говори за хигиенските услови и нивното значење во формирањето здрави членови на општеството. Ги има предвид, пред сè, условите што хигиената ги одредува со своите нормативи за едно училиште и повикувајќи се на нив Ковачев дава корисни совети за местото на кое треба да се изгради училиштето (да биде суво, издигнато место, на чист воздух, оддалечено од врева и штетни испарувања), за училишната зграда (да се одликува од другите во местото) со посебни простории (покрај училници, да има библиотека, читалница, соба за наставниците, соба за прием на надворешни посетители и сл.), за училишниот мебел и училишните помагала со илустрации, за интензитетот и распоредот на светлината и потребната кубатура на воздухот во училниците и др. Воведува нова организација на часовите со паузи-одмори меѓу нив.[17]

16) Исто.59

17) Ковачев. И.А. (1873) Школска педагогија, цит. 103-131

Предмети кои се изучувале во класното училиште биле: Закон Божји, Бугарски јазик, Славјански јазик, Француски јазик, Турски јазик, Сметање, Алгебра, Геометрија, Естетствознание, Физика, Хемија, Бугарска историја, Всеопшта историја, Географија, Сметководение, Рисување, Чертание, Нотно пеење, Краснопис, Псалтикија.

**Заклучок**

Современите менаџери-лидери ја организираат работата на вработените, на другите менаџери, на одделите и ресурсите на современ и достапен начин. Секојдневно ја операционализираат стратегијата, им даваат задачи на вработените кои се во согласност со поставените цели, ја унапредуваат комуникацијата, ги охрабруваат активностите, како што се тренирање на вработените, нивно наградување или спроведување на дисциплински мерки.

Тие правилно ги алоцираат целокупните ресурси, ги мобилизираат вработените, ја организираат внатрешната контрола и го надгледува работниот процес.

Значи најдобри менаџери се оние кои наликуваат на лидери. Лидери или водачи се личности кои насочуваат, кои имаат визија, мотивираат и се полни со ентузијазам.

Таква личност со слични карактеристики е и учителот и директорот Јосиф А.Ковачев, кој како учител, класен раководител и директор на училишта се одликувал со свите карактеристики и успеси.

Неговиот успех во штипското класно училиште довело Ковачев да биде поканет од страна на прилепската училишна општина да дојде за главен учител во Прилеп.

Како учител и директор, Ковачев многу придонесол за квалитативното издигнување на училиштата во Прилеп. Училиштата биле од основа реформирани и добиле современа физиономија.

Бидејќи во штипското и во прилепското класно училиште предност имале богословските и педагошките предмети, особено методиката на основната настава, давајќи голема важност на богословските предмети, па училиштето прилегало на семинарија, во која учениците добивале заокружено средно образование и се подготвувале за учители. За кратко време прилепското четирикласно училиште постигнало извонреден успех.

Се формирал и црковен хор од ученици и други лица, кои во празничните денови пееле заедно со псалтите – певците во црквата, а ова било регулирано со посебен акт на општината и училиштето.

Испитот и годишниот акт се изведувале на отворено во училишниот двор, во присуство на многу народ и во присуство на официјалната турска власт.

Ковачев организирал и вечерни часови за возрасни и курсеви по сметководство за трговците од Прилеп и пошироко.

Како хуманист и просветител, Ковачев имал длабоко разбирање за стремежот на народот за своето просветно и културно издигнување и својата педагошка дејност ја насочил на создавање модерно основно училиште – таква просветна институција, која ќе му биде блиска и достапна на народот. Негова интимна желба била народните училишта да ги издигне на нивото на народните училишта во тогашна Европа.

Предавањето на учителот Ковачев го споредува со „орањето и сеењето“, а резултатите од неговата наставна работа со „жетвата и вршидбата“. Сосем е правилна и има своја важност и денес неговата констатација: „Мнозина учители сакаат да жнеат таму, каде што ништо не сеале, сакаат оттаму, каде треба да дадат и изработат нешто“.

Ковачев во своите дела изнесува драгоцени мисли за тоа како треба да се користат во наставата сликите, географските карти, цртежите, екскурзиите и сл. Тој не може да замисли успешна настава без целосна примена на нагледните средства. Како најважна задача на наставата го истакнува развитокот на мислењето, а за активно и свесно усвојување на знаењата од страна на учениците, неопходен услов е наставата да биде интересна и привлечна за нив. „Човекот се учи да мисли само кога се внесува во некоја жива содржина...“, кога тој тоа што го учи има практична примена и општествена корисност.

Ковачев во своите пишани говорни елаборации често говорел и за хигиенските услови и нивното значење во формирањето здрави членови на општеството, не само по тело туку и по дух.

На крајот би завршиле дека нашиот интерес на истражување беа менаџерско-лидерските особини на еден учител, директор и визионер, во поглед на организирањето и водењето на работните активности на организацијата и дометот на опкружувањето.

**Апстракт**

Основна задача на менаџерите е спроведување на визија и стратегија за остварување на очекуваните резултати на организацијата. При остварување на своите задачи, менаџерот треба да: планира, организира, формира екипа-тим, насочува, дејствува, ефектуира и остварува.

Најдобри менаџери се оние кои наликуваат на лидери. Лидери или водачи се личности кои насочуваат, кои имаат визија, мотивираат и се полни со ентузијазам.

Таква личност со слични карактеристики е и учителот и директорот на народното училиште во Прилеп (1874-1877 год.) - Јосиф А.Ковачев.

Наставникот и директор Ковачев сето свое педагошко знаење и искуство го вложил за неговиот напредок и напредокот на едукативната дејност. Исто така, тој особено внимание посветувал и на практичната обука на своите ученици-идни учители, истовремено хористи или активисти по разни хумани области.

Како учител и директор, Ковачев многу придонесол за квалитативното издигнување на училиштата во Прилеп. Составени биле и нови наставни планови. Училиштата биле од основа реформирани и добиле современа физиономија.

Бидејќи во неговата едукативна активност имале предност богословските и педагошките предмети, особено методиката на основната настава, тоа претставувало еден вид семинарија, во која учениците добивале заокружено средно образование и се подготвувале за учители.

Како новина, а истовремено и идеја за поздравување, која ја вовел Ковачев е основањето на црковниот хор составен од учениците кои редовно вежбале и пееле во црквата „Св. Благовештение“ во Прилеп.

**Abstract**

The main task of managers is to carry out the vision and strategy for achieving the expected results of the organization. In achieving its objectives, managers need to: plan, organize, set up a team-team, directs, acts effected and accomplished.

The best managers are those who are like leaders. Leaders or leaders that guide people who have vision, motivated and enthusiastic. Such a person with similar characteristics is a teacher and director of the folk school in Prilep (1874-1877 year.) Joseph A. Kovachev.

Teacher and director Kovachev all their pedagogical knowledge and experience put on his progress and the progress of educational activities that he work. He also, special attention put on practical training for students-future teachers, while chorists or activists invariousareas.

As a teacher and director, Kovachev give his best for many qualitative rise of schools in Prilep. Were drawn and new curricula. Schools were essentially reformed, and received contemporary physiognomy.

Because of his educational activity, had an advantage Theology and pedagogical subjects, especially the basic methodology of teaching, it was a kind of seminary, where students received rounded secondary education and prepared for teachers.

As a novelty while welcoming the idea, which was introduced Kovachev foundation of the church choir composed of students who regularly practiced and sang in church Blagoveshtenie in Prilep.

**Користена литература**

Ванков, Н.И.(1903) *История на учебното дело в България*, Ловеч.

Иванов, И, *Северна Македония*.

Кантарџиев, Р.(1965) *Македонското преродбенско училиште*, Скопје, Култура.

Кантарџиев, Р.(1978) *Педагошката дејност и погледи на Јосиф Ковачев*, Скопје, Просветно дело 9-10/78.

Ковачев. И.А.(1873) *Школска педагогиа или методическо рководство за учителите и управителите на народните школи,* Пловдивъ, Свиштовъ, Солунъ.

*Македонските црковно-училишни општини од нивното основање до 70-те години на XIX век*. Скопје, Институт за национална историја.

Мицески.Т.,Менаџмент и лидерство, Универзитет, Гоце Делчев, Економски факултет, Штип.

Трајановски, А.(1988) *Црковно-училишните општини во Македонија – Прилог кон историјата на*

*Сто години ново българско училище въ гр. Прилеп, 1843 – 1943*.

Траичев, Г. (1925) *Град Прилљпъ*. София, Македонска библиотека.

Шалдев, Х. *Погледъ на учебното дело в Прилеп*, ракопис, Архив Прилеп, Фонд Црковно училишна општина ДН 44.

УДК: 398(=163.3)
39(=163.3)

д-р Зоранчо Малинов
Институт за фолклор „Марко Цепенков“ - Скопје

# ФОЛКЛОРНИ И ЕТНОГРАФСКИ МАТЕРИЈАЛИ ПУБЛИКУВАНИ ОД ШТИПЈАНИ КОН КРАЈОТ НА XIX ВЕК

Втората половина на XIX век е период на незапирливиот продор на ширењето на писменоста и интересот за изучувањето на народната култура на нашиве македонски и балкански простори. Иако со извесно задоцнување во однос на останатите европски, па и соседните балкански народи, процесот на едуцирање на широките народни маси постепено започнува да го зафаќа и населението во Македонија. Слична е состојбата и со интересот кон проучувањето на сопствената народна култура, процес кој на македонскиве простори најпрвин го поттикнуваат разни странски емисари, каков што е на пример случајот со рускиот филолог-славист Виктор Григорович[1] и со босанскиот Хрват Стефан Верковиќ, испратен од српската влада со посебни задачи во југоисточниот дел на Македонија[2]. Верковиќ всушност е и првиот публикувач на пообемни материјали со

1) Виктор Григорович бил професор на Универзитетот во Казан, а подоцна и во Москва и во Одеса. Тој ги пропатувал Македонија и соседните балкански земји на тогашна европска Турција, во периодот 1844-1947 год. истражувачите на делото на браќата Миладиновци истакнуваат дека мошне важен настан во нивниот живот претставува токму воспоставувањето на контактот на постариот брат Димитрија со Виктор Григорович 1845 г. во Охрид, како и подоцнежните нивни средби во Струга. Се смета дека токму Григорович е тој што го поттикнал Димитрија за собирањето на фолклорните материјали, кои подоцна со големи напори ги публикувал Константин (Д. Митрев, По трагите од подвигот на Миладиновци, во книгата: Миладиновци, Зборник (1861-1961), „Кочо Рацин”, Скопје, 1962, Предговор, с. XIX-XX; М. Китевски, Ненадминатата ризница на македонското народно творештво, во книгата: Български народни песни, собрани одъ братья Миладиновци Димитрія и Константина въ Загребъ 1861 (фототипско издание), „Култура”, Скопје, 2000, Предговор, с. 12).

2) За биографските податоци за Стефан Верковиќ и за неговата мисија во Македонија во периодот 1855-1977 год., при што воспоставил контакти и со доста видни луѓе од тој период, како на пример. Димитар Миладинов, Кузман Шапкарев, Јордан Хаџи Константинов – Џинот, Георги Динков, Димитар Поп Георгиев Беровски, штипјанецот Арсени Костенцев и др., да се види во воведниот дел на книгата: Стефан И. Верковиќ, Македонски народни умотворби, книга прва – женски песни. Подготвил и редактирал Кирил Пенушлиски, „Македонска книга”, Скопје, 1985, с. 7-55.

фолклорна содржина од македонскиве простори, кои се објавени во 1860 година во Белград[3]. Интересот за проучувањето на македонското народно творештво се јавува и кај Македонците, па така веќе во наредната година во Загреб излегува и познатиот Зборник на браќата Димитар и Константин Миладиновци со приличен број на народни песни и друг фолкорен и етнографски материјал[4].

Голем придонес во афирмирањето на македонската народна култура има и излегувањето на публикацијата *Сборник за народни умотворения, наука и книжнина* (СбНУНК) во 1889 г. во Софија, издаван од Министерството за народна просвета на Бугарија. Имено, во ова периодично списание, покрај стручни публикации на бугарските и другите учени од европските земји, се публикувале и разни фолклорни и етнографски материјали од сите краеви на Бугарија, но и од разни предели на Македонија и Одринско (источните делови на Тракија), односно од териториите кои по Берлинскиот конгрес останаа во рамките на Османлиската (Турска) Империја. Нормално, целата оваа работа околу публикувањето на материјали со фолклорна и етнолошка содржина си има и своја политичка заднина, со оглед на фактот што стратешка цел на бугарската држава и црква (Егзархијата) била да го присоединат православното словенско население и териториите на коишто тоа живее, повикувајќи се на наводното историско право на владеење на териториите што некогаш ѝ припаѓале на средновековната бугарска држава.

3) Зборникот носи наслов „Народне песме македонски Бугара” и содржи 335 македонски народни песни, главно од Серес и неговата околина, но и од други македонски краеви (Т. Саздов, Студии за македонската народна книжевност, Скопје, 1979, с. 11). За етикетирањето на македонските народни умотворби како бугарски, не само од инородните елементи, туку понекогаш и од Македонците досега е прилично елаборирано во македонската фолклористика и историска наука, па сметам дека овде е непотребно да се троши излишно простор и време. Во оваа пригода ќе ги посочиме само студиите на Б. Конески (Македонскиот 19 век, јазично и книжевно-историски прилози, Скопје, 1986), Х. Поленаковиќ (Страници од македонската книжевност, Скопје, 1952; од истиот: Браќата Миладиновци и Васил Д. Чолаков, Годишен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, кн. XIV, Скопје, 1962, с. 205-238), Д. Митрев (Предговорот кон изданието на Зборникот на Миладиновци, со наслов: По трагите од подвигот на Миладиновци, во кн. Миладиновци, Зборник (1861-1961 Скопје, 1962), К. Пенушлиски (Зборникот на браќата Миладиновци, Литературен збор, год. VIII, бр. 3, Скопје, 1961), Т. Саздов (Студии за македонската народна книжевност, Скопје, 1978), Д. Ташковски (Кон раѓањето на македонската нација, Скопје, 1967), Б. Ристовски (Македонија и македонската нација, Скопје, 1995) и др.

4) Зборникот на браќата Миладиновци содржи 660 народни песни со над 23.000 стихови, по неколку народни преданија, обичаи и верувања и десетици гатанки, пословици и поговорки (Т. Саздов, Студии за македонската народна книжевност, Скопје, 1979, с. 27).

Секако, немајќи свои сопствени инструменти на политичко, културно и црковно дејствување, добар дел од македонската интелигенција е принудена да се потпира на веќе востановените политички и културни институции на Кнежеството Бугарија. Имено, добар дел од македонските преродбеници и собирачи на фолклорен материјал успеваат да ги публикуваат своите трудови во некои од поголемите бугарски градови, покрај другите балкански и европски културни центри. Доволно е само да се потсетиме на публикувањето на делата на Кузман Шапкарев, Ѓорѓија Пулевски, Војдан Чернодрински, „лозарите” и многу други македонски емигранти кои нашле прибежиште во Бугарија, па да ни биде јасно каква била улогата на бугарските институции во афирмирањето на македонската култура кон крајот на XIX и почетокот на XX век.

Извесен придонес во процесот на просветување на сопствениот народ и афирмирање на неговата традиционална култура имаат и извесен број штипјани, кои живееле и твореле токму во периодот за кој станува збор во овој труд, односно последните децении на XIX век. Многумина штипјани дале свој придонес во просветувањето на своите сограѓани, но и на другите сонародници ширум Македонија, како што се на пример штипските учители: Павле Грозданов (†1857) и неговиот син Димитар Грозданов (1840-1919), потоа Јосиф Ковачев (1839-1898) и неговиот брат Михаил Ковачев, па Александар Попорушев (таткото на Тодор Александров), Тодор Лазаров (1869-1912) и Мише Развигоров (1873-1907), од кои последниве двајца подоцна стануваат и истакнати дејци на Македонската револуционерна организација (ТМОРО, подоцна ВМРО)[5].

Некои пак, освен што учителствувале, својот професионален ангажман го поврзувале и со собирањето на разни материјали со фолклорна и етнографска содржина. Како таков пример можеме да го посочиме и Јосиф Ковачев, кој во своите млади години додека бил учител во косовскиот град Гњилане (1855-59) собирал и народни умотворби[6]. За жал, во овој момент не ми е познато дали овој познат педагог го има публикувано овој фолклорен материјал и дали има собирано народни умотворби и од својот роден град.

Затоа пак, некои од неговите сограѓани и современици успеале во своите намери да отргнат од заборавот извесен фонд на народни умотворби, првенствено голем број на пословици, гатанки, клетви и

---

5) П. Завоевъ, Градъ Щипъ, София, 1943, с. 58-92; К. Митев, Развој на школството, во книгата: Astibo – Штип I-XX век, Скопје, 1964, с. 157-160; Б. Цветковски, Просветата и школството, во книгата: Штип низ вековите, книга прва, Штип, 1986, с. 346-360.

6) Б. Цветковски, Просветата и школството, во книгата: Штип низ вековите, книга прва, Штип, 1986, с. 354 и таму цитираната литература.

благослови, но и извесен број на приказни, обичаи и верувања, како и друг фолклорен материјал. Во оваа пригода секако заслужуваат да се истакнат двајцата штипјани Арсени Костенцев и Петар Чачаров, кои во периодот на последната деценија од XIX век, во неколку броеви на софискиот Зборник за народни умотворби, наука и книжнина ги публикувале своите фолклорни материјали што ги запишувале од своите сограѓани.

Прв публикувач на фолклорен материјал од Штип и неговата околина во софискиот Зборник за народни умотворби е за наши услови помалку познатиот Петар А. Чачаров, чии собрани пословици од Штип се објавени во третиот број на овој Зборник, кој излегол во 1890 година, односно само една година по излегувањето на првиот број на ова специјализирано периодично списание за наука и народни умотворби. Имено, овој штипјанец, кој во тоа време бил учител во Перник во Бугарија[7], успеал до редакцијата на СбНУНК првично да испрати материјал од 886 пословици од Штипско, кои биле публикувани на 17 страници во ова списание. Тие се азбучно подредени, пишувани на тогашниот штипски говор и со тогашниот правопис што се користел во Кнежеството Бугарија. Многу од овие поговорки се општопознати, не само за македонски услови, туку и пошироко, а има и извесен фонд на поговорки кои се карактеристични само за подрачјето на Штип и околината.[8]

Во 1891 година, во петатта книга на СбНУНК, Чачаров публикува 25 брзгупоговорки[9], а во истата година, во шестата книга објавува 379 клетви[10]. Во наредната 1892 година, во осмата книга на ова периодично списание, тој публикува уште 443 клетви и благослови[11]. Во 1893 година, во деветтата книга му се отпечатени уште една приказна[12], 446 пословици

7) Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, кн. VIII, София, 1892, с. 231. Овој податок го дава редакцијата на списанието, чиј главен редактор во тоа време е познатиот бугарски филолог, професорот д-р Иван Шишманов.

8) П. А. Чачаров, Пословици отъ Щипъ (Македония), СбНУНК, кн. III, София, 1890, с. 246-263.

9) П. А. Чачаров, Скоропоговорки отъ Щипъ, СбНУНК, кн. V, София, 1891, с. 207.

10) П. А. Чачаров, Народни клетви отъ Щипъ (Македония), СбНУНК, кн. VI, София, 1891, с. 206-213.

11) П. А. Чачаров, Клетви и богословии отъ Щипъ, СбНУНК, кн. VIII, София, 1892, с. 239-248.

12) Приказната носи наслов: „За честния кръстъ” („За чесниот крст” - редакцијата на списанието секогаш насловите на приказните ги дава на бугарски јазик, а текстот го дава во оригинал на локалниот, во овој случај на штипскиот говор - б.м.). Според вметнатата редакциска забелешка, господинот Чачаров информирал дека оваа приказна ја имал слушнато од Ефрем Велев во Тиквеш (СбНУНК, кн. IX, София, 1893, с. 159-162).

и 141 гатанка, сите азбучно подредени[13], впрочем како што претходно се публикувани и пословиците, клетвите и благословите.

Во десеттата книга на софискиот Зборник за народни умотворби, наука и книжнина, која излегла во 1894 година, Чачаров објавува 107 верувања од доменот на секојдневниот живот на луѓето, меѓу кои има и извесен број на обичаи и забрани (табуа) што ги практикувало населението од Штипско во тој период. Да спомeнеме само некои од нив, па ќе видиме од што сé се плашеле луѓето што живееле во тоа време, па избегнувале да прават извесни работи, за да не им се случи нешто лошо, а ќе видиме дека некои од нив богами се актуелни и во денешно време: „Пелените (дрехите) на мало дете не бива да стојат на двор, кога зајде с’нце, оти детето не може да спие”; „Децата не бива да си играјат сос гламја, оти кога спијат, ќе се помочат”; „Трудна жена не бива да украде нишчо, оти на детето ќе има нишан, какво е украла мајка му”; „По Митровден п’рви ден (на 27 октомври – стар календар – б.м.) не се б’рка у санд’ците, оти глусците ќе прават пакос”[14] итн.

Освен што публикувал солиден фолклорен материјал од Штип и неговата околина, П. Чачаров додека бил учител во Перник, во Бугарија, собрал и извесен фонд на пословици што се кажувале во пределот Грахово (Перничко), кои успеал да ги публикува во осмата книга на СбНУНК од 1892 година. Но, со оглед на тоа што говорот на којшто биле кажувани овие пословици не му бил најдобро познат, редакцијата дава забелешка со објаснување, дека: „...г-нот П. А. Чачаров не може да ни ги растолкува сите ретки зборови и непознати пословици, бидејќи за време на учителствувањето во Перник тој не го усвоил говорот потполно, главно тој не го доловил овде самогласното *р* и трето лице еднина од некои глаголи. Дури и во штипскиот говор, кој е роден говор на г-нот Чачаров, се укажаа неколку непознати зборови за него, иако тој и сега дома говори штипски. Акцентот како во граховските и штипските пословици, така и во штипските клетви остана неозначен. Граховскиот акцент господинот Чачаров не го знае потполно, а штипскиот не му претставува голем проблем, па така доста може да се проучи и од материјалот објавен во СбНУНК, кн. III, с. 246-263” (се мисли на пословиците од Штип - б.м.).[15]

---

13) Во истава книга на списанието, П. Чачаров публикува уште 446 пословици (СбНУНК, кн. IX, София, 1893, с. 187-196) и 141 гатанка (СбНУНК, кн. IX, София, 1893, с. 207-211).

14) П. А. Чачаров, Тълкувания на природни явления, разни народни вервания и прокобявания отъ Щипъ, СбНУНК, кн. X, София, 1894, с. 121-125.

15) Овој коментар го дава редакцијата како забелешка во воведниот дел на публикуваниот материјал на П. А. Чачаров со наслов: Пословици отъ Граховско (СбНУНК, кн. VIII, София, 1892, с. 231).

Од досега изнесеното за П. А. Чачаров може да се констатира дека овој штипјанец, кој како учител во Перник, во Бугарија, до редакцијата на СбНУНК доставувал разен материјал со фолклорна и етнолошка содржина, во периодот 1890-94 година, објавил над 1.000 пословици и неколку стотини клетви, благослови, гатанки и бргупоговорки, како и една приказна. Тие се отпечатени на вкупно над 50-тина страници, од кои околу 45 се однесуваат на материјали од Штип и околината, а осум се со пословици од Грахово (Перничко). За жал, во овој момент не ми е познато како се одвивал животниот пат на овој штипјанец, кој настојувал и успеал делумно во тоа, дел од фолклорното богатство на неговиот роден град да биде овековечено со објавувањето во споменатово софиско периодично списание.

Вториот штипјанец кој успеал да публикува фолклорни материјали од Штип и Штипско е учителот и книжар од овој град, познатиот Арсени Костенцев. Што се однесува до неговите биографски податоци, може да се каже дека тие се прилично познати, благодарение пред сѐ на неговата мемоарска книга *Спомени*, објавена во 1917 година во Софија. Од неа дознаваме дека овој истакнат просветен деец е роден во август 1842 година во штипско Ново Село. Татко му Георги бил ситен трговец, а мајка му била Марија Каранфилова. Откако се школувал во родното Ново Село, поради смртта на татка си, како 17-годишно момче морал да го прекине школувањето и да започне со учителствување, најпрвин во струмичкото село Робово, потоа во Попчево, исто така Струмичко, па во Ваташа, Тиквешко (Кавадаречко), па во Пехчево, Малешево и во многу други места ширум Македонија. Имал воспоставено контакт со споменатиот Стефан Верковиќ, посетувајќи го во неговиот дом во Серес. Контактот со овој старинар и фолклорист директно влијаел врз понатамошниот интерес на Костенцев за собирањето на фолклорен материјал.

Арсени Костенцев за штипјани уште е значаен и по тоа што заедно со својот брат хаџи Михаил, во својот роден град отворил книжарница во 70-тите години на XIX век, која всушност е првата штипска книжарница и претставува една од првите книжарници во Македонија. При својата учителска дејност активно учествува во црковно-просветните борби помеѓу грчката Патријаршија и бугарската Егзархија, на страната на втората. Воените настани од 1877-1878 година го затекнуваат во Горна Џумаја (ден. Благоевград), кога активно се вклучил и во разрешувањето на разните спорни состојби што настанале во овој град и неговата околина за време на Руско-турската војна и Кресненското востание. По одлуките на Берлинскиот конгрес, Горна Џумаја и цела Македонија да останат во рамките на Турската Империја, Арсени Костенцев својата дејност ја

продолжува како учител испратен од страна на Егзархијата, најпрвин во Струмица, а потоа и во Емборе, Кајларско и Екши Су и Суровичево, Леринско, во југозападниот дел на Македонија. Пред претстојната опасност да биде уапсен од турските власти, ја напушта Македонија и заминува во Софија, каде што подоцна таму и трајно се населува. На инсистирање од страна на познатиот старозагорски митрополит Методиј Кусев(ич), кој е родум од Прилеп, Арсени Костенцев ги пишува своите мемоарски записи, додека предговорот на неговата книга го има напишано познатиот бугарски поет Иван Вазов[16].

Сепак, во овој труд нè интересира Арсени Костенцев како собирач и публикувач на народни умотворби, за што можеме да констатираме дека е рамо до рамо со веќе споменатиов П. А. Чачаров. За првпат Констенцев како публикувач на фолклорен материјал се јавува во 1893 година, кога во деветтата книга на софискиот Зборник за народни умотворби, наука и книжнина ја објавува приказната „Жената е од ѓаволска опашка” („Жената е отъ дяволска опашка”), која ја имал слушнато од татка си[17].

Во следната десетта книга на СбНУНК, која излегла во 1894 год., тој публикувал неколку приказни од Штип, од кои приказната „Момчето, ветено на ѓаволот”, со втор наслов во загради „Момче, ѓавол, св. Богородица и три кучиња”, односно на бугарски како што е публикуван насловот на приказната „Момчето обещано на дявола” (“Момче, дявол, св. Богородица и три кучета”)[18] е убедливо најдолга, а останатите осум се релативно пократки[19]. На крајот од последната публикувана приказна од А. Констенцев во оваа книга на СбНУНК, стои податокот, дека публикуваните приказни запишувачот ги имал слушано од баба Стојанка Хаџи Каранфиловица од Ново Село (Штипско)[20].

Во дванаесеттата книга на СбНУНК, издадена во 1895 год., А. Констенцев објавил уште една кратка приказна со наслов „Господ дава к’смет на Адамовата челад“ (“Господъ дава късметъ на Адамовата

16) А. Костенцевъ, Спомени, София, 1917.

17) Сборник за народни умотворения, наука и книжнина, кн. IX, София, 1893, с. 155-156.

18) СбНУНК, кн. X, София, 1894, с. 137-141.

19)СбНУНК, кн. X, София, 1894, с. 145-146 и 149-151. Според класификацијата на тогашната редакција на списанието, народните приказни биле поделени во неколку групи, и тоа: „Приказни за зли духове”, „Приказни за черковни лица и явления“ и „Приказни изъ челядния и общественъ животъ”. Од тие причини се јавува и расцепканоста при нумерирањето на страниците, со оглед на тоа што во одделните групи на приказни биле публикувани и приказни од други краеви на Бугарија и на Македонија.

20) Ibid, 151.

челôдь”)[21], а во следната, тринаесетта книга, која излегла во наредната 1896 год., тој објавил 146 пословици и 6 гатанки, со истакнување во насловот, дека се од Штипско Ново Село[22]. Со тоа се исцрпува материјалот со фолклорна содржина публикуван од Арсени Костенцев во софискиот Зборник за народни умотворби, но не и на семејството Костенцеви. Имено, познатиот македонски собирач и публикувач на македонски народни умотворби, прилепчанецот Марко Цепенков, од постариот брат на Арсени, господинот хаџи Михаил Костенцев, запишал неколку приказни, верувања и детски игри, но со оглед на тоа што тој материјал излегува од темата на овој труд, за него нешто повеќе ќе соопштиме во друга пригода[23].

Цепенков има публикувано и едно предание и една народна песна од Штипско, кои успеал да ги запише од штипјанецот Андон Шандаров. Преданието и песната се однесуваат на познатиот лик од народните преданија и јуначки песни, легендарниот Крали Марко, а публикувани се во книгите број XII и XVI-XVII. Преданието е со наслов „Марково кале на Исарот во Штип“ („Марково кале на Хисара въ Щипъ”)[24], а песната е насловена „Марко го наоѓа брата си Огнена“ („Марко намира брата си Огнена”)[25].

Во софискиот Зборник за народни умотворби е публикувана уште една народна умотворба од страна на еден штипјанец, но според податоците за информаторот од кого што е запишана приказната, станува збор за фолклорен материјал од Кочани, а не како што е наведено на почетокот, дека приказната е од Штип. Имено, Иван А. Шандаров, запишувачот на приказната „Попадијата што го натерала мажот си да ја венча со нејзиниот љубовник” (“Попадията, която накарала мъжа си да я венчае съ любовника ѝ“), кој најверојатно е во сродство со Андон Шандаров од Штип (споменатиов информатор на Марко Цепенков), на крајот од текстот на публикуваната приказна ни соопштува дека ја имал слушнато од баба Беца во Кочани, во 1882 година[26].

21) Ibid, 151.

22) СбНУНК, кн. XIII, София, 1896, с. 226-229.

23) Марко К. Цепенков од хаџи Михаил Костенцев успеал да запише една приказна (СбНУНК, кн. XI, София, 1894, с. 144-145), 6 толкувања на сонови, односно кажувања (СбНУНК, кн. XIII, София, 1896, с. 156-159) и 11 детски игри (СбНУНК, кн. XV, София, 1898, с. 155-162).

24) СбНУНК, кн. XII, София, 1895, с. 201-202. Цепенков овде наведува дека преданието го слушнал од Андон Шандаров, стар штипјанец на 75-годишна возраст.

25) СбНУНК, кн. XVI-XVII, София, 1900, с. 179-180. Цепенков наведува само дека песната му била испеана од хаџи Андон Шандаров од Штипско.

26) СбНУНК, кн. XI, София, 1894, с. 108-110.

За штипјанецот Иван Шандаров од друго место дознаваме дека се занимавал со собирачката дејност на народни умотворби и дека до редакцијата на пловдивското научно-книжевно списание „Наука" го доставил за публикување својот зборник од штипски народни умотворби. Од целиот тој материјал, редакцијата му објавила само две подолги епски песни[27], а каква била судбината со останатиот фолклорен материјал, за жал, во овој момент немам одговор.

Што се однесува, пак, до публикувањето на народни умотворби од Штипско, покрај досега спомнатиот материјал, кој воглавно е од доменот на народната книжевност, во оваа пригода треба да се издвојат и заслугите на двајцата прилепчани кои се занимавале со собирање на македонскиот музички фолклор и со негово мелографирање. Тоа се познатите мелографи од крајот на XIX век, Тодор Гавазов и Александар Конев, кои публикувале вкупно 11 песни од Штипско, и кои, освен што се запишани текстуално, тие се и мелографирани, односно публикувани се и со нотни записи. Меѓу овие песни ги среќаваме: „Ој леле, леле", „Перуниче девојче", „Ој Невено, џан Невено" (запишани и мелографирани од Т. Гавазов)[28], „Девојчица ружа брала", „Садила Фимка босилок", „Бре Ѓурџин Стојно убава", „Ожени ме мамо", „Што је јасна месечина", „Шефталин моме", „Подуна ветар Стано" и „Кална Ружа, калта гази" (запишани и мелографирани од А. Конев)[29].

Во оваа пригода, во контекст на публикувањето на фолклорен и етнографски материјал од Штипско, треба да се истакне и објавувањето на неколку песни кои биле отпечатени во третата книшка на солунското списание „Книжици за прочит", во 1889 год. Имено, под наслов „Песни според говорот во Штип" (Песни споредъ говорътъ въ Щипъ), објавени се шест песни, отпечатени со правопис, сличен на оној во софискиот Зборник (СбНУНК) и со акцентирани зборови.[30] За првите четири песни,

27) Наука, Пловдив, 1883-84, кн. III-IX, с. 369-373 (цитирано според: Т. Саздов, Студии за македонската народна книжевност, Скопје, 1978, с. 17).

28) СбНУНК, кн. IX, София, 1893, с. 123-124.

29) СбНУНК, кн. XI, София, 1894, с. 58-61. Овие двајца прилепчани се меѓу првите македонски мелографи, а воедно се и најплодните запишувачи на македонскиот музички фолклор во последната деценија од XIX век. Имаат публикувано стотици народни песни речиси од сите краеви на Македонија, а ги објавувале во споменатиов софиски Зборник за народни умотворби, наука и книжнина (Македонските мелографи од крајот на XIX век. Редактирале: Ж. Фирфов и М. Симоновски, Институт за фолклор, Оддел за народна музика и кореографија, Скопје, 1962, с. 9-12, 329-330).

30) Книжици за прочитъ съ беллетристечко, техническо, научно и забавително съдържание, книжка трета, Солунъ, 1889, с. 57-59.

од кои две се обредни песни што се пеат при замесувањето на погачата за свадбениот обред, како запишувач се јавува лице со иницијали Д. М. (најверојатно велешанецот Димитар Матов, кој бил соработник на ова списание и воедно учител во солунската егзархиска гимназија), додека за последните две, како запишувач се јавува лицето со иницијали Ив. Х. М., зад кои најверојатно стои Иван Хаџимишев, тогашен ученик (најверојатно штипјанец) во споменатата гимназија.[31]

На крајот може да се резимира дека благодарение на големиот ентузијазам и упорност на тројцата штипјани: П. А. Чачаров, А. Констенцев и И. А. Шандаров, како и на редакцијата на софискиот Зборник за народни умотворби, наука и книжнина, успеано е да се отргнат од заборавот голем фонд на народни умотворби од Штипско, а секако во оваа пригода треба да се оддаде признание и на тројцата прилепчани: М. Цепенков, Т. Гавазов и А. Конев, кои исто така успеале да објават народни умотворби од Штипско, покрај солидниот публикуван фолклорен материјал од својот роден крај, од Прилепско, но и од многу други краеви ширум Македонија.

И сосем на крај, да не заборавиме дека собирањето на фолклорен и етнографски материјал од Штип и околината продолжи да се одвива и понатаму, низ целиот XX век, па сè до најново време, а во оваа пригода би сакал да ги издвојам и огромниот ентузијазам на неколку штипјани, во својата заложба за публикување на народни умотворби од својот роден крај. Првиот е македонскиот револуционер и војвода родум од Штип, Панчо Михајлов, кој во 1924 година во Софија благодарение на Штипското благотворно братство „Тодор Александров” успева да го издаде зборникот со собраните народни песни од источните краеви на Македонија[32]. Вториот кој успеа да публикува солиден материјал со фолклорна и етнолошка содржина од Штип и околината е познатиот штипски и македонски историчар и публицист, господинот Александар Донски, објавувајќи ја во издание на Штипското друштво за наука и уметност, својата прва книга со наслов „Фолклорното богатство на Штип“[33]. Третиот публикувач на фолклорен материјал од Штипско е господинот Димитар Митевски, кој иако не е роден штипјанец, сепак најголемиот дел од својот живот го има поминато во овој град. Овој музички педагог успеал да собере и мелографира огромен број на народни песни, кои ги публикувал во книгите со наслов *Вековни ноти - македонски народни песни од Штип и Штипско*.[34] Четвртиот штипјанец кој успеа да публикува фоклорен

31) http://bg.wikipedia.org/wiki/Солунска_българска_мъжка_гимназия.

32) Български народни песни отъ Македония. Събралъ Панчо Михайловъ, София, 1924.

33) А. Донски, Фолклорното богатство на Штип, ДНУШ, Штип, 1989.

34) Д. Митевски, Вековни ноти - македонски народни песни од Штип и Штипско, кн. 1 и

материјал од својот роден крај е професорот Венко Прилепчански, кој собрал неколку илјади пословици, благослови, клетви и изрази,[35] а меѓу нив се среќаваат и многу од оние што ги имаа публикувано Чачаров и Костенцев во споменатиот софиски Зборник (СБНУНК), пред повеќе од еден век.

**Zorancho Malinov**

## FOLKLORED AND ETHNOGRAPHICAL MATERIALS PUBLISHED BY SHTIPIANS IN THE LATE 19th CENTURY

His participation to the promotion of the folklore heritage of his own birthplace in the late 19th century and give some shtipians, who succeed to publish a certain fund of folk tales, proverbs, curses, riddles, beliefs and other folklore and ethnological materials, mainly in the sofia's Collection of science, literature and folklore. Most fertile of them occured Petar Chacharov and Arseni Kostencev, while Ivan Shandarov, though picked up a solid fund of folk songs and tales, they managed to publish quite a bit. In the affirmation of the shtip's folklore heritage, certain participation have some prilepchans, firstly, the famous collector of macedonian folklore, Marko Cepenkov, and musicologists Todor Gavazov and Alexander Konev. The collection and publication of folklore from their birthplace in the 20th century to take interested in and other prominent shtipians such as Pancho Mihajlov, Alexandar Donski, Dimitar Mitevski and Venko Prilepchanski.

кн. 2, Штип, 2001.

35) Пословици, благослови, клетви и изрази од Штип и Штипско, избор и редакција проф. Венко Прилепчански, Штип, 2007.

УДК:37.091.3:[37.014.5:2

доц. д-р Снежана Јованова-Митковска
Педагошки факултет
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

# НЕКОИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА „ЗВУЧНАТА МЕТОДА“ НА КОВАЧЕВ

*„Ако животот не може да дојде во училиштето, тоа не треба да остане така; со методите што ги употребува училиштето треба да отиде во животот, таму да ги однесе своите ученици, да им го покаже она што тие можат да го сфатат“.*

Адолф Фериер

Светот на промени е насекаде околу нас. Постојано слушаме, се соочуваме со промените, реформите во сите аспекти на човековото живеење, промени во општествениот, културниот живот, промени во политичкиот живот, промени во сферата на образованието, промени на макро и микро ниво. Ваков вид на промени се случуваат и во образованието, на сите нивоа и степени. На микро ниво - промени во училиштето, училницата, промени во наставните планови, програми, промени во наставните методи, средства за работа, промени насочени кон подобрување на квалитетот на комуникацијата меѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес, се во насока на постигнување на добросостојба на детето, како и развивање на сензибилитетот во пристапот кон децата, пристапот кон процесите на учење и поучување....

Процесот на имплементирање на промени во образованието е долготраен процес, процес кој подразбира проучување на постојната состојба, задржување на се она кое што е позитивно и се одржало како такво години и години, она што претставува традиција, вредност, зачувување на позитивните педагошки искуства, зачувување на вредните елементи од она што е наше педагошко наследство и внесување на новини, промени во истата.

Сè што денес постои, што е тековна состојба во воспитанието, образованието, се јавува како резултат на она што директно или индиректно, претходело. Сите три временски димензии-минатото, сегашноста, иднината - меѓусебно се испреплетени и условени.

Следењето на една појава значи да се утврди нејзиното појавување, условите и факторите кои довеле до неа, развојот на таа појава, нејзиното

менување сѐ до современите состојби. Пример, може да се следи постанокот, појавата, примената на звучната метода, некогаш и денес, и врз основа на тоа да го прогнозираме развојот на наставните методи и за утрешнината.

Таа „историска димензија” - теориска и практична - помага во сознавањето на вистинските вредности на тој систем денес, но и прогноза за она што би можело да се случува во иднина.

Кога говориме за појавата и примената на оваа метода во наставниот процес во Македонија, неминовно се поврзуваме и потсетуваме на името на еден од нашите познати учители, најмаркатната личност во просветата во втората половина на XIX век, нашиот учител, нашиот сограѓанин, кој оставил траен печат на педагошката мисла од тој временски период - Јосиф Ковачев.

Името на Јосиф Ковачев се поврзува со основањето на првото педагошко- богословско училиште за образување на свештени и просветни лица во Македонија, во неговиот роден град Штип. Идеите за основање на вакво училиште Ковачев ги добил за време на својот претстој и школување во Духовната семинарија во Русија, во време кога се правеле обиди за реформирање на школството во Русија, негово поставување врз база на демократските принципи, во време кога Ковачев бил во друштво со истакнатите општествени, просветно-културни и педагошки дејци во Русија како Чернишевски, Добролјубов, Пирогов, Ушински.

Идеите на сите нив, особено идеите дека без образование, без развиена просвета, култура, без граѓани кои поседуваат знаења, знаења кои претставуваат сила, моќ, која го води човештвото напред, нема развој на општеството. своевиден одраз во отворањето на ова прво Педагошко-богословско училиште.

Педагошко богословското училиште во Штип,никнало во далечната 1869 год., училиште во кое за првпат бил воведен класниот и предметниот систем на настава, налик на руските богословски училишта. Она што е карактеристино за ова училиште е изведувањето на наставата според посебна метода позната како звучна, гласовна метода.

Методата која Ковачев ја применувал во своето училиште покрај „звучна“ во литературата е позната и под името звучна аналитичко-синтетичка метода или аналитичко-синтетичко гласовна метода.

За творец на оваа метода се смета Јосиф Жакото-творец на познатата Жакотова метода-одредена како аналитична метода, иако според повеќето истражувачи на методите на почетно читање и пишување има низа на аналитичко-синтетички постапки, бидејќи во практиката тешко се одделуваат овие две постапки: анализа и синтеза кои секогаш се наоѓаат во одредено единство.

Зошто ***оваа метода се нарекува звучна метода? Зошто Ковачев ја воведува оваа метода во реализацијата на наставните активности во своето училиште? Од каде е идејата за воведување на оваа метода?***

***Називот звучна, гласовна метода потекнува од поимот звук, глас, како основен поим, основен елемент на говорот, основа за почетното читање и пишување, основа за описменувањето на децата од основношколска возраст. Ковачев го користи и поимот звучна анализа која се применува како средство за откривање на составот на разните гласови, звуци во рамки на зборот, што претставува и основа за постигнување на трајна асоцијација на тој глас и неговата ознака-буква како негов писмен знак.***

Со звучната метода и ефектите од нејзината примена Ковачев се запознал за време на својот претстој во Русија, и неговото другарување со К. Д. Ушински.

Во што е суштината на оваа метода според Ковачев:[1]

1. Во основа на описменувањето е звукот (гласот) и звучната (гласовна) форма на зборовите;
2. Описменувањето секогаш е преку аналитичко синтетичка процедура;
3. Описменувањето т.е. читањето и пишувањето не течат паралелно;
4. Описменувањето се врши со поткрепа на живиот збор на децата односно социјалното искуство кое го изедначува со искуството од читање на текстови.

Целта на оваа метода била да се научат учениците полесно да читаат, да читаат со разбирање преку користење на кратки непознати текстови и писмено да ги изразат своите мисли и искуства со користење на реченици кои имаат смисла. Оваа метода била директен атак на дотогаш применуваната метода на срекување, метода која барала огромни напори и од страна на ученикот и од страна на наставникот, не постоела било каква поврзаност помеѓу буквата и зборот, водела кон механичко читање, а процесот на описменување бил долготраен, понекогаш траел дури четири- пет години.

Уроците или лекциите за основно описменување ги делел на – лекции за читање и лекции за пишување како одделни кои поминувале низ две фази и тоа: подготвителна и основна фаза.

Во подготвителната етапа на ***лекциите за читање*** се изведувала подготовка на учениците во класот (класен систем) за работа, се мотивирале преку известување за темата која ќе се работела тој ден,

1) www.pomagalo.com, Звуков аналитико-синтетичен метод за ограмотяване, преземено на 25.10.2010 г.

т.е. се вршело утврдување на старите знаење, се поставувала темата, се составувала приказна по слики од буквар, се запознавале со новиот звук и печатна буква, неговите карактеристики, неговото изговарање се применувало препознавање на буквите. На крај се работело со текст и се реализирале т.н. творечки задачи-драматизација, читање на улоги.

Кај ***лекции за пишување*** во подготвителната. фаза се реализирало организирање на класот за работа, подготовка, мотивирање на учениците, навестување на темата, работа за вледеење на графиката на елементите (строг редослед), резиме со диктат, проценка.

1. Аналитичко-синтетичката гласовна или т.н. звучна метода во училиштата во Р.Македонија се задржала долг временски период т.е. сè до Втората светска војна кога се јавуваат и неколку варијанти на истата како: непосредна аналитичко-синтетичка метода, аналитичко-синтетичко слоговна метода и аналитичко синтетичко-гласовна метода. Овој долг временски период на употреба, истата го задржала како резултат на предностите кои ги има во почетното описменување, кои се состојат во следнотозапознавањето на говорните елементи (реченица, збор, глас) се изведува преку вежби во набљудување, мислење, говорење;
2. запознавањето со буквата се врши при обработката во букварот;
3. анализирањето на говорната целина се врши усно-слухово;
4. до гласот или буквата се доаѓа со постапки на интерјекциона или фононимична-фонографична метода, а постојат и повеќе можности за мисловна активизација на детето/ученикот;
5. проверувањето на воочените гласови се изведува преку барање на зборови во кои гласот се слуша во почетокот, средината и на крајот на зборот;
6. читањето оди гласно, не читање во себе.

За неа Поповиќ, Ч.[2] ќе истакне: „Гласовната аналитичко-синтетичка метода ги обединува сите позитивни придобивки од синтетичките и аналитичките методи“, најповеќе одговара на структурата на нашиот јазик и на нашиот правопис, ја развива детската саморабота и има уште низа други позитивности.

2) Поповиќ, Ч. (1967) Методика на наставата по мајчин јазик за основните училишта ( I-V одделение), Скопје: Просветно дело, стр.46

**Што од оваа гласовна аналитичко-синтетичка метода за првпат употребена во Македонија, во Педагошко-богословското училиште на Ковачев е задржано до ден-денешен?**

Во врска со одговорот на ова прашање направивме мало микроистражување. чијашто цел беше да се испита како и низ кои постапки учениците се воведуваат во почетното читање и пишување, како и да се добијат сознанија за тоа дали оваа метода во видоизменета форма сè уште се применува во реализацијата на наставата по македонски јазик. Истражувањето се реализираше во Општина Штип. Станува збор за квалитативно истражување во кое беше поставена основната хипотеза т.е. претпоставивме дека низа на постапки од оваа метода навистина се применуваат во наставата по македонски јазик, особено во одредени програмски подрачја и при реализацијата на одредени цели. Го користевме методот на теоретска анализа и дескриптивно-експликативниот метод. Како техники за собирање на податоци ги користевме: анализата на педагошка документација со нејзиниот инструмент евидентен лист - ги анализиравме наставните програми по македонски јазик за I и II одделение од деветгодишното основно образование и техниката интервјуирање и нејзиниот инструмент протокол за врзано интервју наменето за наставници кои работат со учениците во прво и второ одделение. Популацијата беше конечна, примерокот го сочинуваа два субпримерока: субпримерок на наставни програми и субпримерок наставници-интервјуиравме пет наставника кои работат во I одделение и пет наставника од II одделение.

**Резултати од истражувањето**

Анализата на наставните програми по македонски јазик за I и II одделение ни открија низа значајни аспекти за третманот, поставеноста и практичната реализација на современата настава по македонски јазик.

Истакнатите цели и задачи, предвидените средства и активности преку кои треба да се стекнат одредени знаења и да се развијат одредени способности придонесуваат за практична реализација на концепциската поставеност на наставата по македонски јазик.

Во наставната програма се поставени глобалните цели на развојниот период од I до III одделение, како и целите кои треба да се постигнат со истата во прво одделение. Наставата од овој предмет ја дава основата на писменоста на мајчиниот јазик (за македонските говорители и за говорителите на други јазици, како јазик на општествената средина)[3]. Истакнато е, исто така, дека оваа настава е базата за стекнување на

3) www.bro.gov.mk, Наставна програма за I одделение од деветгодишното основно воспитание и образование, стр.3

знаења од други наставни предмети. Наставната програма се реализира преку пет програмски подрачја и тоа: Слушање и говорењ*е, Литература Изразување и творење; Медиумска култура, Почетно читање и пишување*.

Имајќи ги предвид карактеристиките и предностите на звучната метода, како и целта на нашето истражување, при анализата на наставната програма по македонски јазик за I и II одделение дојдовме до следниве констатации:

Како цели за овој развоен период, покрај другите се поставени:

- да се воведува кон самостојно и јасно/разбирливо читање и пишување со разбирање на текстот што го чита и пишува; / *да се чита со разбирање;*
- да ги развива преку говорењето и пишувањето способностите за логичко мислење;/ *да се развива умот*;
- да ги усвојува и увежбува основните правописни правила/ да се прифатат основните правила при пишување;

Како цели на наставата во I одделение се истакнати:

- да се поттикнува кон синхронизирано користење на вербалниот и невербалниот исказ; / предмет-слика-збор-глас*;*
- да се поттикнува кон правилно артикулирање на вербалниот говор; / правилно имитирање на звуци, гласови од природата*;*
- да се поттикнува кон откривање на значењето на новите зборови, како и кон нивно користење;
- да се поттикнуува да ја развива графомоториката-/развивање на графомоториката-вежби.

Наставата по македонски јазик за II одделение се реализира со фонд од 6 часа неделно или 216 часа годишно. Со неа се предвидени неколку програмски подрачја и тоа: *Почетно читање и пишување, Јазик, Читање, литература и лектира, Изразување и творење, Медиумска култура*. Во рамки на секое од овие подрачја се предвидени соодветни цели, содржини, поими, активности и методи на работа. Предвидени се и глобалните цели за овој наставен предмет / аналогни на целите поставени од Ковачев, од кои посебно значајни за нашето истражување се:

- да се оспособува за правилно артикулирање на вербалниот говор;
- да ги усвои печатните и ракописните кирилски букви;
- да се запознае со соновните говорни елементи (глас, збор и реченица);
- да се оспособува за правилно читање и пишување.

Во различните програмски подрачја се наведени следниве цели, содржини и поими кои учениците треба да ги стекнат, а кои се однесуваат на процесот на описменување на учениците (презентираме цели на само едно програмско подрачје).

***Слушање и говорење*** иако такви цели се присутни и во другите подрачја како: **Изразување и творење и Почетно читање и пишување.**

**Програмско подрачје Слушање и говорење**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| ...... да се поттикне кон разликување и правилно изговарање гласови во различна местоположба на зборот- на почеток, средина, на крај | ... дискриминација и артикулација на гласови | поими : р, с,з, ц, ш, м, ч, н, њ, г, к, ѓ. Ḱ, л, љ, х, | ... За вежбање (дискриминација и артикулирање) на гласовите во сите три положби на зборот: иницијална, медијална и финална, како и презентирање на активности од типот „Говорна игра: Лото“ (изговарање на зборови во кои потребниот глас се наоѓа во сите три положби (расипан телефон) слушање, препознавање и дискриминација на гласови во зборови „на буква на буква“, обработка на текст или приказна која соодржи зборови со потребниот глас. Игри за имитација на гласови (брмчење, шушкање, имитирање, звуци од животни и птици). Говорна игра за откривање на испуштените гласови во сите три положби на зборот (иницијална, медијална, финална) |

**Програмско подрачје: Јазик – II одделение**

| Цели | Содржини | Поим | Активности, методи |
|---|---|---|---|
| Да се оспособува да разликува глас и шум. Да ги изговара правилно гласовите во зборот и зборовите во реченицата | Глас, шум | Глас, шум | Вежби и игровни активности за разликување на глас и шум. Препознавање на глас во зборот, разликување, артикулација и правилно изговарање на гласот во зборот и зборот во реченицата. Корективни вежби за учениците кои неправилно изговараат одредени гласови |

Како што можеме да забележиме, во наставната програма по македонски јазик за прво и за второ одделение се предвидени низа активности кои подразбираат примена на аналитичко-синтетичката гласовна метода во процесот на описменување на учениците, т.е. воведување во читањето и пишувањето. Предвидени се содржини кои се однесуваат на формирање на поим за глас преку имитирање на звуци од непосредната околина, содржини кои се однесуваат на артикулацијата и дискриминацијата на одделни гласови, формирање на поим за збор, реченица, преку вежби за воочување на реченица во говорот, зборови во реченица како елементи на реченицата и како симбол (име) за означување на суштества, предмети и појави; содржини кои се однесуваат на снтетитизирање на гласови во зборови и анализирање на зборови нивно трансформирање во гласови, содржини наменети за графичко претставување на елементите на буквите и соодветни аналитичко-синтетички вежби; содржини кои се однесуваат на графичките симболи (печатни букви) за македонското кирилско писмо и соодветни вежби за нивно воочување.

**Резултати од интервјуирањето**

Интервјуирањето, поточно врзаното интервју го реализиравме со наставниците од две основни училишта, примерок по процена-одговараше за нашето истражување. На овој начин дојдовме до поблиски податоци за тоа како и низ кои фази поминува процесот на почетното читање и пишување во основното деветгодишно образование. Интервјуираните наставници од прво одделение ги истакнаа следните нивни размислувања (презентираме искажувања на по еден наставник од одделение):

- М.Т. – „Процесот на описменување, поконкретно учењето и пишувањето започнува дома пред детето да почне на училиште, кога во говорниот јазик во семејството, блиската средина ги учат гласовите од говорниот јазик. Имено, децата знаат звуци кои прават зборови важни за нив, почнуваат да ги имитираат звуците од непосредната околина. Истиот тој процес продолжува во предучилишната установа каде на организиран начин  децата постапно се воведуваат, играјќи игри - *На буква на буква* и др., реализирајќи задолжителни активности од подрачјето култура на говорот, посебно при реализацијата на активности кои подразбираат дискриминација и артикулација на одредени гласови (ова го заклучуваме врз основа на разликите кои постојат помеѓу нив во поглед на нивните предзнаења-дечиња кои одат во предучилишна установа и деца чувани во домашни услови - имаат претстава за глас како составен елемент на зборот, реченица, буква). Во основното деветгодишно образование поточно во наставата по македонски јазик во прво одделение  се реализира т.н. предбукварски период во кој изведуваме низа на визуелни активности -набљудување (непосредна околина, слики, форми, изрази на лица), акустички активности-слушање на звуци и шумови-нивно имитирање, активности за усно изразување - активности со кои се вежба артикулација на гласовите кои најчесто им претставуваат тешкотија на учениците, аналитичко-синтетички активности - се изведуваат усно преку игри со гласови (позиционо), зборови, реченици; моторички активности - насочени кон вежбање и координација на раката - цртање разни линии најнапред во воздух а потоа и во работните материјали фигури и сл. се усвојуваат поимите глас - со имитирање, збор - по пат на синтетизирање на одредени гласови преку користење на најразновидни предмети, а врз основа на нив формирање на слика и на крај зборови; поим за реченица - користење на аналитичко-синтетичкиот метод - анализирање на состав на реченица и нејзино расчленување на зборови, гласови и во обратен правец со користење на одредени текстови. Користиме најразновидни средства, игри, драматизации, гатанки, брзозборки, ја применуваме најчесто фронталната форма на работа со оглед на возраста на децата“.

Во второ одделение почнува т.н. букварски период. Според интервјуираните наставници  ова е период (октомври-декември) во кој учениците ги усвојуваат печатните мали и големи букви според одреден редослед, даден во учебниците по македонски јазик.

Љ.И. - „Методските постапки предвидуваат усвојување на гласови преку нивно издвојување, воочување во разни зборови позиционо, вежби за правилна артикулација, поврзување со гласови во природата, покажување и учење на буквите, преку најразновидни фонографски

вежби, воочување на букви во разни зборови, споредување на буквата, обликување во воздух на истата и пишување во тетратката. Понатаму, изведуваме сложување  на зборови од букварка во која ја има новата буква, считување и читање на новата буква, вежбаме читање на текстови. Користиме букварка, слики, брзозборки и сл. Предвидуваме и самостојна, творечка работа на учениците насочена кон составување на зборови, реченици, дополнување на реченици, пополнувалки, ребуси, крстозбори, техничка работа и цртање.  Во второто полугодие ги изучуваме и малите и големи ракописни букви, преку разговарање за одредени слики, цртежи, текстови, ја усвојуваме ракописната буква преку споредување со печатната и демонстрирање на начинот на пишување во воздух, а потоа во работната тетратка, вежбаме читање и пишување и имаме самостојни творечки активности за учениците“.

Врз основа на сите презентирани податоци ја потврдуваме поставената хипотеза на почетокот на нашето истражување т.е дека низа на постапки од оваа метода навистина се применуваат во наставата по македонски јазик особено во одредени програмски подрачја и при реализацијата на одредени цели.

Наведеното нѐ упатува на заклучокот, а имајќи ја предвид целта на современите методи „учениците да научат да читаат и пишуваат на што поедноставен, побрз, поефикасен начин“[4], имајќи ги предвид основните фактори од кои зависи изборот на методи: структурата на јазикот - морфолошката структура; правописот – читај како што е напишано, пишувај како што зборуваш; стручната подготовка на наставникот; неуморно да работиме на планот на нивно усовршување, се разбира почитувајќи го она што значи  наша педагошка вредност, наше педагошко наследство.

4) Китанов, Б. (2001) Методика на наставата по македонски јазик со практикум (од I до IV одделение), Штип: Педагошки факултет, стр.32

**Користена литература**

Китанов, Б. (2001) Методика на наставата по македонски јазик со практикум (од I до IV одделение), Штип: Педагошки факултет

Николовска Е, Николовски А. (1983) Методика на наставата по македонски јазик во основното училиште, Скопје: Студентски збор

Поповиќ, Ч. (1967) Методика на наставата по мајчин јазик за основните училишта ( I-V одделение), Скопје: Просветно дело

Синадиновска, О. (1991) Практикум за методиката на наставата по македонски јазик во одделенската настава во основното училиште. Скопје, Просвтно дело

www.pomagalo.com

www.bro.gov.mk

www.wikipedia.com

УДК: 37.014.5:2(497.7)”18” Александар Трајановски

# НАРОДНООПШТИНСКИ И ПЕДАГОШКО-БОГОСЛОВСКИ УЧИЛИШТА ВО МАКЕДОНИЈА КОН СРЕДИНАТА НА XIX ВЕК (ПО ПРИМЕРОТ НА УЧИТЕЛСТВУВАЊЕТО НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ, Д. МИЛАДИНОВ, СЛ. ДИНГОВА, К. ШАПКАРЕВ И ДРУГИ)

Во услови на повеќевековно турско-османско владеење во Македонија и другите балкански земји, школството, просветата и културата во Македонија биле непосредно поврзани со припадноста на религијата, односно црквата. Тоа произлегувало од основите на османското шеријатско право и милет-системот, кога кај оние христијански народи на кои им се признавала црквата, автоматски им се признавала и нивната народност. Во таа смисла, османските власти ги признавале училиштата и воопшто просветно-културните установи поврзани со црквата. Врз основа на ова, подоцна, кога целосно се изгубил верскиот карактер на школството и просветата, пак во услови на османското владеење, училиштата се граделе во цровните и манастирски дворови, порти или простории. Оттука и констатацијата дека во раниот период на османското владеење манастирите и црквите биле единствени книжевно-културни центри на македонскиот народ, хранилишта и чувари на македонскиот дух и народносната свест, средишта на македонско-словенската писменост и просвета. Во таа смисла, во овој временски период во Македонија постоеле неколку црковно-манастирски, културно-просветни и книжевно-препишувачки центри (одделни автори ги именуваат како школи или скрипториуми) и тоа: Охридско-преспанскиот, Дебарско-реканскиот, Демирхисарско (Битолско)-прилепскиот, Скопско-црногорскиот, Кратовско-лесновско-штипскиот и други скрипториуми.

Во овие културно-просветни центри се чувале традициите и народниот живот, се пренесувале од колено на колено спомените на минатото кога македонскиот народ поседувал своја црковна самостојност - Охридската архиепископија. Меѓутоа, по неканонското укинување на Архиепископијата (1767), дотогашната заштитничка на македонската просвета, култура и школство, тие институции кои останале без својот основен бранител и заштитник, беспомошно биле предадени во рацете

на Фанариотската цариградска грчка патријаршија, чија јурисдикција се проширила во диацазета на сите епархии на некогашната Охридска црква и воопошто во Македонија. Со тоа се започнал со константен елинизам и воопшто грчеење на македонскиот народ. За таа цел во епархиите во Македонија биле поставувани грчки владици под чија ингеренција било и школството. Така тие во сите македонски градови и поголеми села отвораle грчки училишта со настава на грчки јазик; ја форсирале грчката писменост, култура и влијание.

Македонско-словенскиот јазик и комуникација единствено се негувала во пазувите на одделни македонски цркви и манастири[1], каде што грчките владици, учители и воопшто елинизмот тешко можеле да продрат и фатат корен.

Во периодот од XVII до XIX век на територијата на Македонија како духовно-богословски и културно-образовни центри егзистирале над 40-тина манастири[2]. Од овие манастирски центри, без да навлегуваме во историјатот на Зографскиот, Хиландарскиот и Рилскиот, особено важна улога, како средишта на црковнословенска просвета и богослужбена богословска духовна надградба во Македонија одиграле манастирите *Св. Јоаким Осоговски* кај Крива Паланка, *Св. Архангел Гаврил* - Лесновскиот манастир; *Св. Јован Крстител* - Бигорскиот манастир кај Дебар; *Св. Богородица* - повеќе познат како Пречиста Кичевска; Трескавечкиот манастир *Св. Богородица* - кај Прилеп; Полошкиот манастир *Св. Ѓорѓи* - Тиквешко; Слепченскиот манастир *Св. Јован Крстител* - Демирхисарско; Лешочкиот манастир *Св. Атанасиј*, манастирот *Св. Наум* на Охридското Езеро, манастирот *Св. Прохор* Пчински, манастирот *Св. Јован* - (Ветерски-Велешко) и други.

Спомнативе и други манастири во Македонија биле оддалечени од главните сообраќајници од директниот или индиректниот допир на османското и грчкото влијание. Тие биле прилично материјално обезбедени. Поради тоа имале можност во нив да се продолжи црковнословенската

1) Одржувањето на црковнословенската писменост и традиции единствено се запазила во одделни македонски манастири и цркви. Таков бил случајот со манастирот „*Св. Јован Крстител*” во село Слепче-Демирхисарско (1828-1837), манастирот „*Свето Преображение*” во село Зрзе (1834) и други, во кои пресметката и кореспонденцијата се изведувала на црковнословенски јазик. (Види поопширно: Државен архив на Република Македонија, Ф.: Грчка пелагониска митрополија-Скопје (ДАРМ-ГПМ-С), Збирка: Кодекс на митрополитот Григориј (1826-1833 и митрополитот Герасим (1833-1840), II, Док. 80, 77-78).

2) Поопширо кај: Александар ТРАЈАНОВСКИ, *Богословските училишта во Македонија*, „Годишен зборник” на Православниот богослопвски факултет „Св. Климент Охридски”-Скопје, кн. 13, Скопје, 2009, 139-178

писменост и традиција, изразена во негувањето на словенска писменост и култура на македонски народен говорен јазик. Во нив најрано се отворале манастирски ќелијни[3] училишта во Македонија.

Манастирските ќелијни училишта, како и црковните, световните и општински ќелијни училишта[4] што се создале во одделни манастирски и црковни метоси, порти, конаци, во приватните градски и селски згради по градовите и селата биле издржувани од манастирските, црковните, односно световните ќелијни училишта од родителите на нивите деца. Во последните се школувале само децата на тие родители што можеле тоа да го платат. Се изучувале црковно-религиозните предмети: наусница (псалтир), светче (месецслов), требник и евангелие, а во поново време: сметање, црковно пеење и други главно црковни предмети, со цел од учениците да се подготвуваат свештеници, црковни лица, црковни пејачи, црковни служители и слич но.

Најстари манастирско-ќелијни и еден вид на богословски училишта во Македонија биле основани од св. Климент и св. Наум во Охрид и околината од почетокот на IX и X век, потоа во Лесновскиот манастир во Злетовско-лесновската, односно Кратовско-штипската книжевна школа кој крајот на XII век, во Трескавечкиот манастир во XVII век, во манастирот Пречиста Кичевска во крајот на XVIII век, во манастириот *Св. Јован Ветерски* во почетокот на XIX век, а во текот на последно спомнатиов век се изродиле речиси во сите македонски градови и поголеми села.

**Создавање на народноопштински училишта во Македонија**

Во почетокот на XIX век во Македонија се основаат повеќе општи ќелијни, но и општински народни училишта, во кои се поставувале учители од народот. Тие првенствено се отворале во поголемите градови и побогатите села.

Манастирските, црковните, световните и општинските ќелијни

3) Терминот **ќелија** е земен од старосемитскиот јазик уште во предхристијанскиод период. Под овој назив Евреите ги подразбирале нивните верски општини. Подоцна со примањето на христијанството за официјална религија, зборот **ќелија** бил примен со значење на верска општина или училиште. И денес Арапите под овој термин подрабираат основно верско училиште. Преку арапскиот и турскиот јазик, подоцна овој поим се европизирал. Според А. Матковски „ќелијните училишта го зачувале овој термин по верска линија и самите верски општини, кои во прво време се викале ќелијни”. (Види: Дискусија на Александар МАТКОВСКИ во зборникот: *Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата*, МАНУ-Скопје, 1969, 666).

4) За манастирските, црковните и световните ќелијни училишта во Македонија види поопширно кај: Ристо КАНТАРЏИЕВ, *Ќелијните училишта во Македонија*, „Просветно дело”, II/7-8, Скопје, 1964, 144.

училишта биле издржувани од манастирите, црквите и воопшто од граѓанството и чорбаџиството по градовите и побогатите села. Во нив можеле да се школуваат само децата на оние родители кои имале материјални средства тоа да го платат. Затоа посиромашните деца, чии родители немале можности да го платат ќелијниот учител (манастирски, црковен или световен), биле лишени од можноста да се школуваат. Со отворањето на општонародни општински училишта, кога учителот бил наградуван од месната општина, вратите на училиштата нашироко се отворале за помасовно школување, дури и за победните деца. На таков начин школувањето за сите заинтересирани ученици станувало бесплатно. Целокупната грижа за отворањето на народноопштински училишта, изградбата на училишната зграда, наоѓањето на учителка или учител, нивното финансирање, контролирање на нивната културно-просветна дејност и слично, ја презеле во свои раце црковната општина преку едно свое општинско тело, т.н. **училишно настојателство** или **настојништво**, избрано од членовите на општината. Во моментот кога црковната општина ја приграбила во свои раце и просветната компетенција, таа се трансформирала во *црковно-училишна општина*[5]. Значи, како резултат на нараснатите потреби за натамошен развој на просветното дело во Македонија, негувањето на македонскиот народен говорен јазик и писменост, а како дотогашаните ќелијни училишта ни приближно не можеле да ги задоволат нараснатите културно-просветни потреби на населението, која би се изведувала на световна основа, младото македонско граѓанство се нашло силно заинтересирано за изнаоѓање начини за решавање на ова прашање. Тоа значи, граѓанството било заинтересирано преку *поопштествувањето* на дотогашните црковни и приватни училишшта, истите да ги направи поблиски и подостојни за народот. На таков начин дотогашните постоечки училишта ги претворила во народни (општински) и бесплатни, така што сега истите станувале достапни за помалку имотните деца и воопшто ученици. За пример само ќе го спомнеме создавањето на народноопштинското училиште во Прцоречкото маало во Велес во 1832 година, односно во западниот дел на градот од 1840 година, во Прилеп од 1843 година и на други места. Така преземајќи ги и просветните прерогативи, тие општини се претвориле (трансформирале) во црковно-училишни општини.

Покрај доста широко распостранетата грчка училишна мрежа во Македонија, во која наставата се изведувала на грчки јазик и во духот

5) Поопширно во нашата студија: *Црковно-училишните општини во Македонија* - (Прилог кон историјата на македонските црковно-училишни општини од нивното основање до 70-тите години на XIX век), ИНИ-Скопје 1988, 409.

на елинизмот, практичните потреби налагале да се создаваат соодветни македонски училишта. Во таа смисла, веќе на почетокот од овој раст македонските црковно-училишни општини се судриле со редица тешкотии. Повеќето од нив биле од финансиска природа и од непостоење на македонски просветни кадри. За таа цел во прво време, биле искористени моменталните потенцијали од постоењето на дотогашните учители, свештеници и културно-издигнатите занаетчии како учители во ќелијните и приватните старовременски училишта во Македонија. Покрај тоа, доста општини привлекле македонски учители, кои се школувале во познатите грчки просветни центри и кои во текот на првата, па и во почетокот на втората половина на XIX век работеле како учители и професори во грчките училишта во Македонија, како што биле познатите: Димитрија Миладинов, Григор Прличев, Кузман Шапкарев, Јанаки Стрезов и други. Со тоа македонските црковно-училишни општини успеале еден значаен дел од веќе елинизираната македонска учителска интелигенција да ја повратат во крилото на словенизмот. Со тек на време, истите станале пламени борци против искоренувањето на елинизмот во Македонија, а за негување на македонската култура, јазик и писменост.

Сепак, бидејќи овие македонски интелектуални сили ни приближно не можеле да ги задоволат нараснатите народни потреби за натамошен развиток на школството, просветата и културата во Македонија, црковно-училишните општини пристапиле со помош на трговско-граѓанските и еснафските слоеви и печалбари во соседните балкански земји да донесуваат словенски учители и учебници најпрво од Војводина, потоа од светогорските манастири, од Србија, Босна, Херцеговина, Русија, Бугарија и од други места. Во таа смисла, познато е дека првите општонародни општински учители во Скопје, Велес, Штип, Битола, Куманово и во другите градови и поголеми села во Македонија биле организирани токму од дојдените учители и учителки од спомнативе земји и места. Секако, воведувањето на световната настава во македонските народноопштински училишта е од непроценливо значење за натамошниот културно-просветен и национален развиток на македонскиот народ. Иако првите чекори на световната настава во македонските училишта биле изведувани по грчки образец, а наставата спроведувана од македонските учители кои порано учителствувале во грчките училишта, сепак грчкиот јазик и култура постепено им го отстапувале местото на македонскиот говорен јазик и просвета, додека конечно грчкиот јазик не бил истиснат.

Во почетокот во наставата се користеле учебници набавувани од поблиските словенски земји - Србија, Бугарија, па дури и од Русија. Тоа е време кога националното осознавање на македонскиот народ сѐ уште

било на такво ниво, што не можело да ја согледа потребата од постоењето на литературен македонски јазик, пред сè и поради непостоењето на развиена македонска буржоазија, така што користењето на учебници од српско, бугарско или руско јазичко подрачје, за кое патем да спомнеме дека е мошне блиско до македонското јазично подрачје, не оставило некои видливи и подлабоки траги кај македонските ученици. Дури имаме доста примери дојдените наставници од словенските земји, да се одомаќинуваат во Македонија и да го научуваат македонскиот народен говорен јазик, со цел подобро да бидат разбирани од учениците и посолидно да ја обавуваат наставната дејност. Во еден краток временски период околу 40-тите години на XIX век навистина се направени обиди да се основа печатница во Солун на Теодосиј Синаитски и во село Ваташа на Даскал Камче Наков Поп-Ангелов[6]. Поради тоа што тие печатници работеле сосема кратко време, не била во состојба сосема да ги задоволат нараснатите потреби на македонскиот народ од печатени книги. Затоа еден значаен дел од македонската интелигенција своите книги ги печателе надвор од Македонија.

**Создавање на првите класни народноопштински и педагошко-богословски училишта во Македонија**

За потребите на натамошниот успешен подем на занаетчиството и трговијата во Велес во 1857 година се појавило прво класно училиште во Македонија. Имено, во источниот дел на Велес во Прцорек Јован Нешковиќ го основал Првото класно училиште во Велес и воопшто во Македонија т.н. Трговско школо[7]. Во крајот на и.г. во западниот дел на Велес било основано Второто класно училиште во градот на чело со учителот Ѓорѓи Икономов.

Во 1861-1862 година главно или класно училиште во Штип отворил Ѓорѓи Милетиќ. Откако го реорганизирал дотогашното штипско народноопштиско училиште и вовел во него модерна настава, го создал класното училиште во градот од два класа.

Во 1865 година двокласно училиште во Кукуш основал Кузман Шапкарев. Истата година К. Шапкарев отворил класно училиште и во Прилеп. Значајно е тоа што во класните училишта се изучувале меѓу другото богословските предмети: *Катехиизис*, *Закон божји*, од историите: *Црковна историја*, *Општа* и *Национална историја*, а од јазиците: мајчин,

6) Поопширно: Симо МЛАДЕНОВСКИ, *Учителот Камче Наков Поп-Ангелов и неговата просветителска дејност во с. Ваташа, Тиквешко*. Зб.: Школството..., 453-481.

7) Данчо Зографски, *Условеноста и намената на Велешкото трговско училиште од 1857 година*, Зб.: Школството, просветата и културата во Македонија во времето на преродбата, МАНУ-Скопје, 1969, 45-66.

турски и грчки јазик, а во одделни стручно-трговски училишта германски и француски јазик.

Првото **Педагошко-богословско училиште** во Македонија го основал ***Јосиф Ковачев***[8] во 1869 година во Штип. Јосиф Ковачев основно училиште завршил во родниот град Штип. Потоа ја завршил тригодишната Белградската богосливија (1860-1863)[9] и Киевската духован академија (1864-1868). Откако со успех ја завршил оваа високообразовна институција во Украина во 1868 година, на покана на Новоселската црковно-училишна општина, откако склучил договор со Училишното настојателство на Општината, станал народноопштински учител во Ново Село, Штип. Поради постигнатите солидни резултати во Ново Село, Штипската црковно-училишна општина како градска и поголема од Новоселската, склучила договор со Јосиф Ковачев за да им стане народноопштински и главен учител во Штип. Од таа година Ковачев основал класно училиште, врз основа на гласовно-аналитичката синтетична метода, во кое главни предмети биле оние со педагошка и богословска содржина со цел да создава учителски и богословски кадри во Македонија и пошироко. Класното Педагошко-богословско училиште во Штип Ковачев го основал по примерот на тогашните педагошко-богословски училишта, какви што егзистирале на просторот на Балканскиот Полуостров[10], па дури во Украина и во Русија. Од теолошките предмети на педагошко-богословските училишта биле застапени: *Вероучение*, *Библиовидение*, *Словесност*, *Есествоведение*, *Педагогија*, а од историите: *Библиска црковна историја*, *Општа црковна историја* и *Национална историја* и други. Во Штип Јосиф Ковачев останал народноопштински учител во Педагошко-богословското училиште до 1871 година, кога извел свечен училиштен испит на крајот од учебната

8) Јосиф Ковачев (Штип, 14. 01 1839 - 31. 10 1898, Софија).

9) Белградската богословиоја била основана во 1873 година и се именувала како *Богословија за „Србите од турските области“*. Подоцна од тригодишна прераснала во четиригодишна и се именувала како „*Второ одделение на Богословијата во Белград*“, која исто и како трокласната богословија исклучиво била наменета за школување и пропагандни цели за „Србите од турските области“. Во неа кон средината на втората половина од XIX век се школувале стотина ученици од Македонија. Презимињата на сите ученици од Македонија биле србизирани. Меѓу нив бил и Јосиф Ковачевиќ од Штип. (Види поопширно: Климент ЏАМБАЗОВСКИ, *Културно-општествените врски на Македонците во Србија во текот на XIX век*, Скопје, 1960, 109-110)

10) Во таа смисла го истакнуваме примерот со основањето на т.н. *Богословско-учителска школа*, во учебната 1871/72 година во Призрен, во која до учебната 1920/21 година се школувале околу 90-тина ученици од Македонија. (Види поопширно: *Споменица 50-годишнице Призренске богословско-учителска школе 1871-1921*, Београд, 1924, 133-160).

година. Од ова специјализирано педагошко-богословско училиште во 1870 и 1871 година излегле првите кадри завршени учители и свештеници за нужните потреби на македонското поднебје и пошироко.

Училишното настојателство на Прилепската црковно-училишна општина во 1874 година писмено се обратила до Јосиф Ковачев да им стане главен и општионски учител. Договорот бил скучен за 120 лири. Како во Штип, така и во Прилеп во просторите на дотогашното народноопштинско училиште „Св. Кирил и Методиј”, Ковачев извршил реорганизација, поделувајќи го истото на помали училници за потребите на повеќето класови и оспособувајќи го за новите нараснати потреби. Откако го реорганизирал класното училиште и во Прилеп, основал еден вид педагошко-богословско училиште, претворајќи го училиштето во четирикласно, повторно по новата гласовно-аналитичка синтетичка метода. Во новото класно и специјализирано народоопштинско училиште ги предавал, меѓу другото следниве богословски предмети: *Географија и есествена историја*, *Општа историја*, *Црковна историја*, *Богослужение*, *Пространен катихизис с воведение на светото писание*, *Методика на првоначално обучение*, *Псалтики*, *Мајчин јазик и славјански преводи*, меѓу нив турски и грчки јазик. Во црквата „Св. Благовештение” основал црковен хор, кој го раководел. На крајот од учебната 1876/1877 година извел свечен училиштен отчетен испит пред членовите на Општината и прилепското граѓанство. Меѓутоа, поради Руско-турската војна (1877-1878) и другите воени дејства во текот на Големата источна криза, Ковачев морал предвреме да го напушти Прилеп, а со тоа да замре педагошко-богословското училиште во градот.

**Компетенциите на училишното општинско настојателство**

Раководењето со народноопштинските училишта во Македонија кон средината на XIX век, а во компетенција на македонските црковно-училишни општини му се доверило на едно општинско тело - **училишно настојателство**, кое кај патријариските црковно-училишни општини се именувало како училишна управа или комисија, т.е. ефорија. Овој општински орган се состоел од 3 до 5 члена на чело со претседател и касиер (благајник), а подоцна и писар (секретар). Тоа општинско чисто просветно тело поседувало доста автономен карактер. Оттаму ова тело често пати го среќаваме и под називот „училишна општина”. Покрај спомнатиов назив, го среќаваме и како: *училишно надзирателство*, *училишно настојатеслтво*, *главно школско надзирателство*, *училишно попечителство*, а членовите на настојателството како: *школски*

*старател*, *школски епитроп* и слично.

Општинското училишно настојателство се бирало во мандантен период од една до две години. Настојателството располагало со посебен печат и сите свои прашања од областа на просветата и школството ги решавало самостојно. Писарот на настојателството ја водел официјалната кореспонденција и сите прашања од таа природа ги забележувал во посебена општинска книга за прашања непосредно поврзани со тој орган. Така, во документите се среќаваат називите *школска книга*, *општоучилишен тефтер*, *училишна кондика* и друго.

Училишното општинско настојателство се грижеле за решавање на сите прашања поврзани со школството и просветата на територијата на општината. Во таа смисла, настојателството најпрво се грижело за изграба на народноопштинска училишна зграда. За таа цел побогатите општини изградувале посебни специјални училишни згради за потребите на женското и машкото училиште, како што бил случајот во Скопје, Велес, Кукуш, Прилеп, Охрид и на други места. Во општиската зграда се школувале сите општински деца од забавачиња до класните ученици. Имотното и хигиенското одржување на училиштето, како што биле заштитата на општинско-училишните згради од елементарни непогоди, одржувањето на хигиената, редовно варосување на училниците, снабдувањето на огрев, вода, издршката на учителите, служителите и др. - сè паѓало на товар на училишното настојателство.

Друга, исто така, важна задача на настојателството била наоѓањето на соодветен наставно-просветен кадар. По пат на кореспонденција, препорака од соодветни општини или општински учители, по пат на директни средавања и контакти настојателството ги снабдувало општинските училишта со добри и подготвени учители и професори. Поставувањето на просветните работници на работа во некое народноопштинско училиште станувало по пат на склучување на устен или писмен договор (конкордат). Во него се наведувало дека општината ќе им плаќа определена месечна или годишна плата на учителката или учителот, ќе им обезбеди бесплатен стан, огрев и сл. Настојништвото ја следело просветната дејност на народноопштинскиот учител преку целата учебна година и при секоја потешкотија интеревенирало според своите можности. Во оваа смисла, настојништвото поднесувало тримесечни, шестмесечни или годишни извештаи, според потребите, до општината, што значи вршело еден вид на инспекторско-ревизорска дејност. Ако било задоволно од работата на учителката и учителот, што најдобро ќе се согледало на крајот на учебната година, општината по препорака на настојништвото им го продолжувала договорот на учителите за уште една учебна година. Во зависнопст од

постигнатите успеси и од материјалната состојба на општината, во таа свечена пригода им се зголемувала месечната, односно годишната плата на учителката или учителот за наредната учебна година, заедно со склучувањето на новиот договор, или пак платата останувала на рамниште од минатата година. Доколку пак настојништвото било незадоволно од работата на соодветниот учител или учителка, истите добивале препорака од општината за прекинување на работниот однос или предлагале изрекување на понекоја санкција. Во вакви услови општината можела да му даде отказ или парично да го казни учителот или учителката. Секако дека ваквите крупни чекори се извршувале на редовните или вонредните општински собранија во присуство на повеќе членови на општината и месното граѓанство. Спомнативе одлуки се донесувале меѓу другото при гласањето со мнозинство на гласови.

Училишното настојателство исто така се грижело околу набавувањето на *наставно-училишни помагала*, како: учебници, географско-историски карти, глобуси, потоа купување или изработка на училишни клупи, столчиња, маси, табли и слично, преуредувањето на училишните простории, кабинети и друго. Настојништвото се грижело околу натамошниот развиток и на околните селски училишта во непосредна близина на нивната градска општина. Се грижеле исто така и околу материјалната поддршка на посиромашните но солидни ученици, на децата на вдовиците, потоа на учениците со извесни телесни па дури и морални недостатоци и друго. На своите најдобри ученици или најбедни, кои не можеле понатаму да го продолжат школувањето во своето местоживеење, пред сè поради непостоењето на повисока училишна установа или пак поради финансиски причини не можеле да одат да учат во друг поголем и посоодветен град, настојништвото им доделувало *стипендии* и ги препорачувало на сродни институции за нивно понатамошно дошколување и прифакање.

Училишното настојништво поседувало извесна внатрешна самостојност. Тоа располагало со одделни материјални средства добиени според однапред подготвениот годишен буџет на општината со кои средства ги задоволувало просветните потреби во своето местоживеење. Така при изградбата на училишни згради или при купувањето на плац за училиштето, во моментот кога се склучувале договори со некои познати учители, побогатите граѓани и еснафи давале доброволни влогови во вид на пари или неподвижни имоти како: куќи, дуќани, плацеви за училиштето и слично и на таков начин ја помагале започнатата народноопштинска акција. Во оваа смисла вредно е да ја спомнеме акцијата на охридското граѓанство во давањето на материјална помош на основното училиште во Кочишта (1860) што ја регистрирал тоагашниот народноопштински

учител Димитрија Миладинов, кој по тој повод забележал: „М'жи и жени приложуваат кој колку можат. Папа Апостол надзорател 600 гроша, а презвитерата му (попадијата) гроша 100, Тане Гере и Папа Наум Игуменот на својот спас обителе гроша 300, попадијата гроша 100 и други по некои малцина до 150-100, а прочаја кон 20-50-10, но жени што немале новци (пари) давали кои платно, која риза, која кошула, убетки, прстени, гердани и една - женски ракави навезани...”[11].Собраните училишни пари се чувале во специјални *училишни каси*, како што бил случајот со училишната каса на училишното настојништво во Охрид (1840). Училишна каса била создадена и во Горна Џумаја (1857) со цел: „...за да учат ученіе всички сиромашки деца, градски и селски, по настојашему и ніе са всички пов‹дохме на това благоугодно заведеніе и обштество, и секіј споредъ силата си спомоќествова, но обќеството (казата) и собраса едно отъ части количество...”[12].

Црковно-училишните општини во Македонија одделувале најголем дел од своите материјални средства за одржување на училишното дело. Со нив самостојни располагало училишното настојништво. Во таа смисла ќе биде од интерес да се проследи примерот на училишниот настојник Мануш коџобашијата и другите настојници на Башиноселската општина, кои за развитокот на училишното дело во своето село и за школувањето на своите 80 ученици и 12 ученички ги користеле меѓу другото и средствата од неподвижните имоти од „училишните лозја и ниви”. Тоа го дознаваме од писмото на општината до Александар Егзарх од 10 мај 1848 година, каде што меѓу другото е наведено: „... На учитело плаќа ми се на година гроша 1.200 отъ опќо сир‹чъ: има малку нів‹ и малку лоз‹ школскіи, дакле отъ нивніо пріходъ плаќа се на учитело”[13].

Училишното настојателство, како најважен просветно-културен орган на црковно-училишните општини се ангажирале во создавањето на *општинските библиотеки*, *читалишта*[14], *неделни училишта* и

11) Д. Хр. МИЛАДИНОВЪ, *Въ касаба Струга 1860 сечкка 28*, „Цариградскиј в‹стникъ”, 476, Цариградъ, 26. III 1860.

12) Тоа го дознаваме од писмото на Горноџумајската црковно-училишна општина на чело со претседателот Г. Махиал од 1 октомври 1857 годинаа. (Види: А. П. Стоилов,*Документи и б‹л‹шки отъ миналото на Българит‹ въ Македониџ*, Сборникъ на БАН, кн. IX, Софиџ, 1917, 4-5).

13) Народна библиотека „Кирил и Методиј” - Български исторически архив-Софиџ (НБКМ-БИА-С), Фонд: бр. 66 Александар Стоилов Екзарх 1841-1885, Башино Село, 10 мај 1848.

14) Види: Михајло ГЕОРГИЕВСКИ, *Манастирските библиотеки и читалишта во Македонија до 1912 година*, Скопје, 1975, 91-123.

друго. Така, Прцоречката велешка црковно-училишна општина, заедно со создавањето на црковното настојателство (Т. Клисаров и Хаџи Тане) и училишното настојателство во состав: Димо Палашов, Давче Пулков, Кимо Лапев и Анѓелко Палашов во 1832 година го задолжила својот најмлад настојник **Анѓелко Палашов** да се грижи за прибирање на потребна библиотека. Со тоа биле поставени темелите на *Првата општинска библиотека* во Велес и воопшто во Македонија[15].

Први чекори за основање на општински читалишта во Македонија ги презела Скопската црковно-училишна општина во периодот 1848-1853 година. Така во една дописка на в. „Српски дневник" од 1853 година народноопштинскиот учител Јордан Хаџи-Константинов - Џинот, меѓу другото е забалежано за постоењето на скопското општинско читалиште. Во таа смисла, во дописката Џинот навел дека Скопската „општина има собу где се састаје, која је с руским образима окичена. (Ово је Читалиште)..."[16]. Потоа се основале други читалишта, како што се: битолското читалиште „Согласие" (1860), прилепското „Надежда" (1867), охридското „Св. Климент" (1869), кукушкото од 1869 година, кривопаланечкото „Зора" (1869), воденското (1870) и други[17].

Црковно-училишните општини, односно нивниот најважен просветно-културен орган - училишните настојателства биле иницијатори и за создавање на неделни училишта во одделни места во Македонија, со цел да им се даде можност да се школуваат и дополнително да се збогатат со знаења повозрасните мештани, кои таа можност ја испуштиле во младоста. За таа цел се користеле неделните и верските празници по одржувањето на верските богослужби во црквите и манастирите. Така, основите на *Неделното училиште во Прилеп* ги поставил Димитрија Миладинов, кој покрај изведувањето на редовната настава со учениците, одржувал и курсеви за повозрасните и заинтересираните мештани, за работниците, за жените и друго[18]. Со тоа Д. Миладинов ги поставил основите на неделното училиште во Прилеп, што подоцна ќе го доразвијат неговите следбеници, како што е случајот во Џинот (1859) и други.

---

15) Види поопширно во нашиот прилог: *Основањето на Првата црковно-училишна библиотека во Велес во 1832 година*, Зб.: Библиотекарството во Велес и велешко, ДНУ-Т. Велес, 1991, 50-165.

16) Климе ЏАМБАЗОВСКИ, *Борбата на Џинот за скопското народно училиште (1848-1857)*, „Годишен зборник" на Фил. ф., Кн. 7, Скопје, 1954, 568-590.

17) Стилиџнљ ЧИЛИНГИРОВЉ, *Български читалиќа преди освобожението*, Софиљ, 1930, 204.

18) Архив на гр. Прилеп, Ф.: Прилепска црковно-училишна општина, кн. 1.- Сметките на црквата „Св. Благовештение".

И покрај досега спомнатите автономни права на училишните настојателства, сепак тие се наоѓале во подредена улога спрема месната црковно-училишна општина. Во таа смисла, тие биле задолжени да ѝ даваат редовен отчет на месната општина за својата дејност и финансиско работење. Обично во крајот на секоја учебна година, кога се менувале или бирале нови членови на општината, училишното настојателство, исто како и црковното и манастирското настојателство, поднесувало отчет пред едно општонародно општинско изборно собрание, на кое присуствувале покрај сите членови на општинта и повеќемина видни и заинтересирани месни граѓани. По опстојната анализа на нивната дејност и финансиско работење, во зависност од  нивниот успех откако ќе се отчитало старото настојништво, истото можело да добие уште еден манадатен период, потоа од редовите на старото настојништво се отстранувале понеактивните членови или оние што биле зафатени со друга дејност и кон нив се кооптирале нови членови или се бирало сосема ново училишно настојателство.

УДК: 37.014.511:2
(497.7)”18”

Валентина Миронска-Христовска
Институт за македонска литература - Скопје

# УЛОГАТА НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ ВО МАКЕДОНСКАТА ПРОСВЕТНА ТРАДИЦИЈА

Македонската просветна традиција има свои длабоки корени уште од времето на светото дело на браќата Кирил и Методиј и на нивните ученици и продолжувачи на светата мисија Климент и Наум Охридски. Македонската просветна традиција се развивала во зависност од културно-цивилизацискиот развој, од општествено, политичките и економските услови. Притоа учесниците во оваа света мисија секогаш се движеле по патеката на своите претходници, на своите учители. Како што светите Кирил и Методиј ја создале азбуката, со цел описменување на народот, како што светите Климент и Наум го пренесувале своето знаење на народот, така и во средновековниот период книжевноста била создавана и чувана во книжевните центри. „Книжевниот центар е пореална појмовна синтагма за местото каде што се одвивал книжевно-творечкиот процес и каде што се негувала и чувала ракописната книга. Тоа биле владетелски дворци, архиепископски или митрополитски седишта, манастири или цркви“ (Поп Атанасов, Велев, Тошиќ, 1997:5). Во нив се одвивала пишувачката, преведувачката и препишувачката активност преку пишувачките работилници и библиотеки. Како дел од книжевниот центар, а кој можел да егзистира самостојно во процесот на книжевното создавање се смета скрипториумот, кои не егзистирале исклучително во манастирите и во црквите, туку и по приватните домови во градовите и селата, кои биле стимулирани од црковните и манастирските управи, па монасите морале задолжително да читаат и препишуваат богослужбени книги, „Во таа насока се вклучиле и специјалните калиграфски школи, каде што монасите и другите духовни и световни лица се подготвувале да научат да читаат и да пишуваат. Постоеле два вида на училишта: парохиско и манастирско“ (исто, 6).

Традицијата на борбата што ја започнал свети Кирил: „Зар не паѓа дожд од Господа на сите подеднакво? Или сонцето не свети за сите исто така? Зар не го дишеме воздухот сите еднакво? Како тогаш не се срамувате, да признаете само три јазици, а за сите други народи и племиња сакате да бидат слепи и глуви?Речете ми, дали Господа го сметате толку

немоштен тоа да ме може да го даде, или завидлив, па тоа да не го сакате?" уште позасилено ја воделе преродбениците, просветителите од XIX век.

Со појавата на просветителската идеологија настапил периодот на „нововековната историја", во кој човечката егзистенција се здобила со примат над божјата егзистенција. Просветителството станало општо културно-политичко движење, преку кое се развивала граѓанската свест. Совршенството и на индивидуален и на колективен план можело да се постигне доколку секој човек ја усвоил класичната максима „Спознај се себеси" односно да ја развие самосвеста, за која, односно на прашањето: „Што е самосвест?", одговор дал А. Шопенхауер: „Свеста за *сопственото* јас, како спротивност за *другите нешта*, при што ова другото е моќ за сознание" (Шопенхауер, 1998:54). На прашањето: што содржи самосвеста, односно во која форма човекот може да стане непосредно свесен за своето јас?, одговорот повторно го наоѓаме кај А. Шопенхауер: „Се разбира, како *суштество што сака*. При набљудувањето на сопствената *самосвест* секој ќе стане сигурен дека неговиот предмет во секое време е сопственото *сакање*" (исто, 56). Но просветителската идеологија не насочувала само човекот да се спознае и да се сака само себеси, туку таа го насочувала и кон колективната односно националната свест. Па токму грижата и љубовта кон народниот јазик, кон сопствената, колективната културна традиција ја пропагирале учителите кои биле вклучени во повеќе активности: од вршењето на основната дејност, преку ангажманот на подобрување на учителскиот кадар и обезбедување на нивниот материјален надоместок, преку обезбедување на средства за школување на сиромашни деца, отворање на читалишта, библиотеки, снабдување со потребни учебници и книги итн.

Во XIX век црковно-училишните општини ја одиграле најзначајната улога во ширењето на просветата меѓу македонскиот народ. Тие биле најцврстите бранители на македонскиот јазик и на неговата употреба во училиштата и црквата, а преку другите активности од културната надградба, тие биле едни од најголемите агитатори на македонската националана свест.

На територијата на Македонија црковните општини биле формирани уште од ранохристијанскиот период, а првата словенска епископија била создадена во Охрид, за време на Климент Охридски. Бројот на црковните општини растел во периодот околу Самоиловото царство, кои биле под јурисдикција на Охридската архиепископија. Црковните општини биле главниот стожер на црковно-просветниот и општествено-културниот развој на македонскиот народ. Својата функција тие ја задржале и во времето на турското владеење, при што биле активни освен

околу просветата, и „во регулирање на одделни функции од областа на социјалната политика, здравството, семејното право, во решавање на договори, на наследни, судско-административни и други права, кога ги применувале односно ги решавале според месните обичаи, црпени од канoните на црквата, односно од обичајното право” (Трајановски, 1988:42). Но, по укинувањето на Охридската архиепископија во 1767 година, сите епархии односно црковните општини потпаднале под јурисдикција на Цариградската патријаршија.

Според шеријатското право, официјалните органи на турската држава не признавале етничка и национална поделеност на населението. За нив најзначајна била религиската припадност, која била единствениот критериум за право на изградба на културна автономија. Со тоа, правото за национална самобитност до определен степен го имале само оние народи кои со султански ферман се здобиле со своја црква. Според правилата на Цариградската патријаршија, патријархот имал право да управува со сите цркви и манастири, право да поставува архиереи, со што патријархот ја извршувал и функцијата на врховен судија на целиот клер. Архиереите кои морале да бидат потврдени од Високата порта со „специјален берат” добивале право на ограничен имунитет (Битовски, 1998:9). Со Султанскиот ферман „Рум-милет” сите православни христијани во империјата биле обединети во еден народ без разлика на нивната народност. „Во прво време носителите на овие самоуправни права на теренот беа митрополитите и нивните намесници и соработници, сите од кругот на свештенството. Тие тела ќе се наречат црковни општини, црковно-религиозни општини, потоа црковно-училишни општини или, во обичната комуникација, само општини” (исто, 9).

Стекнатите определени автономни права на еснафите и општините овозможиле просветителските идеи да навлезат во секој сегмент од животот и да започне нивна реализација. Започнало масовно обновување и градење на цркви и манастири. Затоа од посебно значење е формирањето на црковно-училишните општини. За време на турското владеење, како прва евидентирана (барем досега) е Серската црковна општина, од 1614 година. Според усните преданија и раскажувања, од страна на велешанецот Христо Чочков, кои се однесувале на црковно-просветниот и културниот живот во Велес, Чочков соопштил дека првата црковна општина во Велес, била отворена во 1750 година, а втората во 1780 година. Калуѓерите го описменувале населението, а калуѓерката Марија Самуркашева „ги собирала женските деца за да ги учи на книги” (Трајановски, 1991:50). Во тој период активни биле и Охридската црковна општина, Костурската, Кожанската, Банската, Битолската, Мелничката, Прилепската итн.

Црковните општини биле во фунција на црквата и црковниот живот, на просветата, се грижеле за одржувањето на ќелијните училишта.

До XIX век функционирале манастирските ќелијни училишта и црковните и световните ќелијни училишта, кои материјално биле финансирани од манастирите и црквите и од родителите на учениците во световните ќелијни училишта во кои се изучувале црковно-религиозни предмети, а подоцна и сметањето и црковното пеење. Световни ќелијни училишта биле отворени во Велес и во Крива Паланка, во средината на XVIII век, а од крајот на XVIII век евидентирано е и во Ново Село, Штипско. Тие функционирале во манастирите или во куќите на побогатите граѓани. Првото ќелијно училиште во Охрид било отворено во 1802 година, поточно од почетокот на XIX век почнале да се отвораат општи ќелијни или општински народни училишта, во кои им било овозможено школување и на сиромашните деца. Учителската фунција започнале да ја извршуваат луѓе од народот.

Во третата деценија од XIX век во Велес произлегла иницијативата црковните општини да се трансформираат во црковно-училишни општини, односно општински со бесплатна настава. Од почетокот на XIX век е изразен подемот на општонародните училишта во Македонија, а со тоа и ширењето на масовната просвета низ неа. Од ден на ден потребата од широкото образование, од световните предмети (аритметика, историја, географија, странски јазици) добивала сè поголеми димензии. Првото световно заемно училиште во Македонија било отворено во Велес кон крајот на третата деценија и тоа по иницијатива на Јордан Хаџи Константинов - Џинот, која набрзо била проширена ширум Македонија: Скопје, Тетово, Прилеп, Штип, Башино Село, Куманово, Струга, Кукуш, Охрид, Битола, Кавадарци и на многу други места. Во некои места биле отворени унијатско-католички заемни училишта, а во 1857 година во источната велешка Прцоречка црковно-училишна општина било отворено и првото класно училиште.

Црковно-училишните општини, од 50-тите години на XIX век, се од особено значење за македонскиот просветен и воопшто културен и национален развој, бидејќи тие биле едни од главните поборници против грцизмот и главни распространувачи на македонскиот народен јазик и на македонската национална свест. Тие станале и основоположници на другите институции потребни за сеопфатниот просветителски развој на Македонецот како за: отворањето на општинските читалишта, библиотеки, неделните училишта, обнова и изградба на цркви. Народните училишта ја започнале борбата против грчката пропаганда, борбата за истиснувањето на грчкиот јазик од наставата и отстранувањето на грчката црковна,

духовна доминација. Туѓите пропаганди вршеле силно влијание и обиди за да ја спречат оваа тенденции, но наспроти тоа, кај народот сè повеќе растела потребата за свое писмо, за образование на мајчиниот јазик, за идејата Македонија да се оддели во самостојна, автономна национална држава, да го потврди сопствениот идентитет. Процесот на просветителството продолжил и покрај сите неповолни околности. Започнало помасовно отворање на училишта во кои не се одвивал само процесот на образование на македонски народен јазик, туку и на развивање и зајакнување на националната свест.

Народно-просветителското дело во Македонија го добило својот легитимитет во 50-тите години, по прокламирањето на Хатихумајунот од 1856 година, со кој било предвидено и овозможено проширувањето на правата на општините во просветната дисциплина. Со тоа започнал процесот на одделување од Патријаршијата и на создавање на македонски просветни и религиозни институции. Во овој процес најактивно учество земале многумина, од кои како најистакнати биле Јордан Х. К. Џинот и Димитрија Миладинов, кои со своето учителување во Велес, Скопје, Прилеп, Струга, Охрид и Кукуш го смениле текот не само на просветното туку и на духовното движење.

Взаимоучителското образование во Етрополе било воведено во 1842 година од страна на Манол Лазаров, заедно со учителот Димитар Ивано Дидив, а во Велес било воведено од страна на Дамаскин Велешки во 1849 година; започнало и градење на училишни објекти, како на пр. во Крива Паланка била изградена двокатна зграда од средства на Митре П. Нешев во 1850 година (Радев И., Радев. Р, Налбантова. Е., 1997:111,138). Недела Петкова била првата учителка во Охрид и ја повела иницијативата за отворање на женски училишта во Прилеп (1865/1866), Битола, Солун, Воден, Охрид, Неготино и во други градови во Македонија. Во Битола кон крајот на 1865 година било отворено општинско народно училиште, а на 5 мај 1869 година била основана црковно-македонската општина, која требало да биде црковно-просветна институција на македонскиот народ во Битола. Славка Динкова го отворила првото женско училиште во Солун во 1866 година.

Од средината на XIX век започнале да се отвораат и училишта за повисоко образование т.н. главни, класни или прогимназијални. Првото вакво училиште било отворено во Велес во 1857 година, потоа во Штип во 1861 година, каде што во 1869 година било основано и првото педагошко училиште од страна на Јосиф Ковачев.

Токму името Јосиф Ковачев (1839/1898) е главниот стожер на старото и модерното образование. Тој ги вовел значајните реформи

и модернизирањето на народните училишта во Македонија. Ковачев потекнува од семејство кое дало голем влог во македонската култура и историја воопшто. Брат му Михаил (1840/1908) бил учител и раководител на Револуционерниот комитет во Штип и учесник во Илинденското востание, а неговиот син Славчо[1] бил војвода на чета во Илинденското востание.

Дејностите со кои се занимавал Јосиф Ковачев: учител, педагог, реформатор на наставата т.е. образованието, автор на неколку книги од областа на педагогијата, општествен работник, ни даваат за право да истакнеме дека кога зборуваме за него зборуваме за просветител во вистинска и во поширока смисла. Школувањето го започнал во родниот град, а од 1860 до 1863 година тој учел во Белградската духовна семинарија. Потоа школувањето го продолжил на духовната академија во Киев (1863-1867), каде што бил под материјално покровителство на В. Априлов. Во тоа време во Русија започнало реформирањето на школството врз основа на демократските принципи, при што активно дејствувале истакнати општествено, просветно-културни и педагошки работници како Н. Г. Чернишевски, Н. А. Доброљубов, Н. И. Пиргов, Н. А. Корф, К. Д. Ушински и други (Кантарџиев, 1985:107). Нивните идеи и активности ги следел Ковачев, од кои ја усвоил и гласовната аналитичко-синтетичка метода, а истовремено пројавувал интерес и за идеите од западноевропските педагози. Ковачев познавал седум светски јазика: грчки, руски, француски итн. Како учител работел повеќе години и во повеќе места: Гнилање, Скопско (1855-1859); Габрово (1868); Ново село, Штипско (1868-1869); Штип (1870-1872) и Прилеп (1874-1877).

По враќањето од Русија, Ковачев започнал со остварување на својата цел: унапредување и модернизирање на школството во Македонија. Во 1869/1870 година во Штип тој го основал класното училиште во кое би се подготвувале учителите и свештениците за својата понатамошна работа. Го вовел предметниот систем на наставата и вовел повеќе предмети, меѓу кои: црковна историја, библиоведение, сеопшта историја, педагогија, географија, политичка економија, аритметика, геометрија и други. Притоа, покрај општообразовните, значајно место земале богословските и педагошките предмети, поради што училиштето било наречено Педагошко-богословско училиште, со што ги поставил темелите на современото односно професионалното образование. Ковачев ги учел идните учители, на кои им предавал педагогија, психологија, морално

1) Завршил правни науки во Париз и докторирал во Брисел; бил член на Македонската федеративна партија и член на Илинденската организација, и својата работа во целост ја насочил во правилно решавање на македонското прашање.

и физичко воспитание, училишна хигиена и како да се управува со училиштето. Тој одржувал нагледни предавања, ја вовел и практичната примена на предаваното, од страна на учениците, а вовел и курсеви преку кои учителите се запознавале со практично усвојување на гласовната аналитичко-синтетичка метода. Отворил и неделно училиште за возрасни, додека во празничните денови Ковачев кажувал сказни и речи пред народот. Исто така, Ковачев организирал и курс за сметководство за месните трговци и занаетчии.

Придонесот на Јосиф Ковачев во просветната преродба на македонскиот народ е огромна. Тој бил одличен педагог, со огромна желба да го образова народот, а во училиштата да го воведе модерното образование. Неговата напредна мисла во однос на образованиот процес се потврдува и од неговиот став во едно писмо до рускиот конзул Најден Геров од 1870 година, во кое истакнал дека се определил „за училишното народно дело или подобро речено за образованието што треба да го добијат во училиштата нашите идни членови на општеството во оној квалитет во кој тоа се предлага во реформираните народни училишта во Германија и на други места во образованата Европа“ (МИ-АН, 2007:139). Дека неговиот ангажан бил насочен кон подобрувањето на образовниот систем се потврдува веќе следната година, кога повторно во писмо до Најден Геров, Ковачев го известил дека ќе ги имал готови за печатење неговите најпознати педагошки дела *Општи педагошки основи за обучени во народните училишта* и *раководството за правото предавање на буквите по звучната метода* (исто, 142).

За Јосиф Ковачев народната просвета била пред сè. Тој ја одбил понудата на Н. Геров, кој во 1870 година му понудил место во рускиот конзулат во Пловдив, како и понудата да им биде домашен учител на неговите деца. Ковачев бил одлучен дека тој повеќе ѝ треба на Македонија и на потребните културни и образовни реформи.

Откако ги поставил темелите на реформите во Штип (1869/1872), на крајот од 1872 година Ковачев бил назначен за училиштен испектор во Ќустендил. Веќе следната година (1873) Ковачев ја објавил книгата „Школска педагогија“.

Следното место каде што Ковачев заминал за да ги постави темелите на реформираниот просветен систем во Македонија е Прилеп во 1874 година, каде што ја спровел иницијативата: прилепското класно училиште прераснало во педагошко училиште, кое претставувало еден вид семинарија каде се подготвиле голем број модерни учители. За време на неговиот престој во Прилеп училиштата биле од основа реорганизирани, добиле современа физиономија, биле изработени нови наставни програми и планови.

Ковачев останал да дејствува во Прилеп до 1877 година, а за неговата успешна работа од Прилеп била испратена информација до весникот „Зорница“, каде што било истакнато задоволството од неговата тригодишна работа „Од учителите кои досега учителствувале во градот, Ј. А. Ковачев остави вонредно добри спомени на прилепчани“ (исто, 214).

Значајно е што во класните училишта на Јосиф Ковачев, во Штип и во Прилеп, се изучувале богословија, дидактика, педагогија и методика, бидејќи во тоа време во Македонија не постоеле специјални училишта, како на пример трговски, педагошки, богословски во кои би се подготвувал специјалниот кадар (Кантарџиев, 1985:118), па со тоа на еден начин се вршело подготвување на потребните кадри.

Од особено значење е што учениците на Ковачев прифаќајќи ја гласовната аналитичко-синтетичка метода им ја пренесувале на своите ученици ширум Македонија. На пример во Штип, во 1870 година, три месеци го следел курсот кај Ковачев, Арсени Костенцев, кој потоа отишол за учител во Неготино, каде што ја вовел оваа метода (исто, 121).

Дисперзирањето на Ковачевата метода придонесло за ширење на новите педагошки-методски методи и со тоа усовршување и осовременување на просветата во Македонија. Успешноста на Ковачев се потврдува и со објавувањето на неговите учебници. Најпрвин Ковачев ги отстранил дотогаш користените учебници и започнал да им диктира на своите ученици. Потоа во периодот од 1874 до 1875 година Ковачев започнал да работи на своите буквари. Неговиот прв буквар *Български буквар по звучната метода за народните школи от Й. А. Ковачев* (1875) бил напишан на ќустендилското наречје, бидејќи сметал дека ова наречје заземало средно место меѓу бугарските и македонските говори, за да биде достапен за двете јазични подрачја (исто, 149).

Букварот на Ковачев бил изработен по гласновно аналитичко-синтетичката метода, постапка која ја изложил во своето раководство за првоначално обучување во читањето и пишувањето по звучна метода од 1879 година, за што нè информира Ристо Кантарџиев. Букварот бил составен од три дела. Првиот дел се однесува на буквите и истакнува дека според Ковачев во почетното читање и пишување требало да се поаѓа од живиот говор, па преку анализа на речениците и зборовите како јазична целина, да се дошло до поимот за гласот, потоа до поимот за буквата која се врзува за гласот и се чита во зборови. „Тој сметал дека е единствено логичен и природен пат да се појде од она што за децата е попознато и поблиско, т.е. од јазичните целини (речениците и зборовите) со помош на кои се изразува човековата мисла, па со анализи на оние јазични целини да се дојде до запознавањето на нивните елементи, т.е. до она што за нив

е понепознато и подалечно. На таков начин значително би се олеснило и соединувањето на елементите во зборовите“ (исто, 148). Според Ковачев, буквите (најпрвин ракописните па потоа печатните) требало да им се покажуваат на учениците тогаш кога тие биле во состојба да ги распознаваат зборовите во речениците, зборовите да ги делат на гласови, а гласовите да ги составуваат во зборови и да ги пишуваат елементитете од кои се составени буквите (исто, 148).

Во вториот дел бил даден текст за читање и пишување, кој бил даден постапно и нагледно, преку кој учениците се запознавале со правописот, со интерпункциските знаци и со црковнословенското писмо. Во третиот дел биле дадени писмени вежби за пишување со перо на хартија. Букварот содржел и мали стихотворби, гатанки и пословици (исто, 149).

Во 1877 година Ковачев бил еден месец во солунскиот затвор, по што бил интерниран во Штип. По една година, успеал да пребегне во Пловдив, каде што работел како чиновник во Одделението за просвета. Потоа Јосиф Ковачев го дал својот влог, односно тој бил основоположник на Катедрата по филозофија и педагогија на Вишото педагошко училиште во Софија, во 1888 година. Исто така, Ковачев бил член и на Големото народно собрание во Трново.

На 27 февруари 1894 година во Софија, во салонот „Славјански беседи“ било одржано третото собрание на Македонците кои живееле во бугарската престолнина, на кое по трет пат бил прочитан Уставот и било избрано раководството на друштвото „Татковина“: Јосиф Ковачев, Д. Македонски, Д. Матов, Ј. Урумов, К. Сарафов, Ч. Иванов, Јончев, Нејчев, Јор. Иванов, Божилов и К. Шахов (Тоциновски, 2010:99) и Д. Каранфиловиќ, кои пред себе првенствено си ја поставиле задачата: помагање на црквата и училиштата за заедничка борба против влијанието и моќта на Егзархијата (МИ-АН, 2007:273).

Јосиф Ковачев ги објавил книгите „Школска педагогија или методичко раководство за учителите и управниците на народните училишта“ (Виена, 1873, с.159), „Буквар по нагледна и гласна метода“ (Виена, 1874, с. 48) и „Бугарски буквар по звучната метода за народните училишта“ *која била преобјавена пет пати*. Во браилското „Периодично списание“ кн. XII, 180-197, ја објавил статијата „Врз организацијата на народните училишта“ (Периодическо списание, 1899), а повремен дописник бил и на весникот „Ден“.

Јосиф Ковачев прв го вовел класно-урочниот систем, а наставата ја изведувал по звучната метода. Ковачев бил голем интелектуалец со богата култура. Тој во развојот на педагошката мисла ги дал вонредните теоретски и практични упатства. Учениците добивале теоретска и

практична педагошка подготовка, со што Ковачев ги создал првите модерни и професионални кадри на учители кои биле оспособени да ги применуваат новите наставни принципи и методи. Со тоа бил овозможен развојот на методиката и организацијата на образованието односно просветата во Македонија. Затоа со право може да се каже дека Јосиф Ковачев е втемелувач на македонската педагошка наука.

**Користена литература**

Битовски Крсте, *Континуитетот на македонските национално-ослободителни борби во XIX и почетокот на XX век*, ИНИ, Скопје, 1998.

Кантарџиев Ристо, *Македонското преродбенско училиште*, НИО „Студентски збор“, Скопје, 1985.

Миронска-Христовска Валентина, *Просветителството во Македонија*, ИМЛ, Скопје, 2005.

*Периодическо списание на Българското книжовно дружество*, кн. LVIII, (58), (от год. XI, кн. 4), София, 1899.

Поп-Атанасов Ѓорѓи, Велев Илија, Јакимовска-Тошиќ Маја, *Скрипторските центри во средновековна Македонија*, ИМЛ, Скопје, 1997.

Радев Иван, Радев Радослав, Налбантова Елена, Петков Ст. Петко, *История и култура на България в дати възраждане*, Велико Трново 1997.

Тоциновски Васил, *Предвесници*, Академски печат, Скопје, 2010.

Трајановски, Александар, *Црковно-училишните општини во Македонија*, ИНИ, Скопје, 1988.

Трајановски, Александа, „Основањето на првата црковно-училишна библиотека во Велес во 1832 г.“, стр. 50, *IV Научен собир – Библиотекарството во Велес и Велешко*, Титов Велес, 1991.

Шопенхауер, Артур, *Етика*, Култура, Скопје, 1998.

УДК: 37.014.511:2(497.731)(091)

Елена Јосимовска
Штип

# УЧИЛИШТАТА ВО ШТИП ПРЕД И ПО ЈОСИФ КОВАЧЕВ

Училишната историја на Штип не започнува во 1793 година или уште помалку во 1830 година, како што досега е објавено во литературата. Таа започнува во IX век, со мисијата на Константин Брегалнички, точно пред 1.200 години. Штип е град првенец, лулка на христијанството и писменоста. Овде на реката Брегалница, започнало покрстувањето на славјаните, овде се напишани првите 32 букви на словенската азбуката - темел на писменоста на сите словенски народи[1].

Во Штип уште многу порано од првите печатници постоела книжевна школа во која рачно се препишувала свештена литература за богослужба на христијанските цркви и манастири.

Со доаѓањето на Османската Империја на Балканот започнува петвековната епоха на распаѓање на образовните и просветните центри. Голем дел од тогашните учени луѓе биле убиени, други заробени и депортирани, а трети пак емигрирале во балканските и европските земји. Османското владеење станало пречка за нормален културен развиток.

Возобновувањето на книжевно-просветната дејност започнало одвај кон средината на XV век. Во црквите под формата средновековно, старовремско или „ќелијно училиште“ повторно била организирана просветна дејност. Овие училишта во периодот од XV до XIX век биле единствената форма на образование и одиграле важна улога во зачувувањето на книжевните и просветните традиции.

1) Алексова Блага, Епископијата на Брегалница, прв словенски црковен и културно-просветен центар во Македонија, Скопје, 2000.; Солунска Легенда, Й. Иванов, „Български старини из Македония”, фототипно, БАН, 1970 г.; Краткото житие на Константин-Кирил Философ „Житие и подвизи на преподобниот наш отец Кирил Философ” припишувано на св. Климент Охридски или на некој од близките следбеници, ја опишува неговата мисија кај Словените по течението на реката Брегалница. Истото го пишува и во „Слово на Кирил Философ како покрстител на Словените“ или т.н. солунска легенда; слични кажувања има во „Моравската легенда” и „Чешката легенда”, во кои се споменува дека тој пред да дојде кај западните Словени, проповедал и ги покрстил Словените во долината на реката Брегалница.

Ќелијните училишта се еден вид основни училишта со елементарен религиозен карактер. Обуката ја вршеле духовните лица и била индивидуална, се работело со секој ученик одделно. Учебниот процес имал за цел да даде знаење за читање, пишување и црковно пеење. Понекогаш учењето се комбинирало и со изучување на одреден занает. За учебници биле користени богослужбените книги Часослов, Апостол и Псалтир[2].

Со доаѓањето на Јоаким Крчовски[3] за духовник и учител во Штип, некаде во втората половина на XVIII век, содржината на ќелијното училиште била надградена и со световни знаења. Освен читање и пишување, даскал Јаким, како што го викале штипјани, вовел нови предмети: Географија, Економија, Историја, Уметност итн. Во училиштето за негово време се описменувале и женските деца.

Нешто подоцна во штипско Ново Село, монахињите од женскиот манастир „Покров на св. Богородица“ формирале ќелијно училиште за девојчиња. Истото било направено и во староконачката црква „Св. Рангел (Арахангел)“. Тоа подоцна, во втората половина на XIX век, прераснало во основно заемно училиште за девојчиња во кое работела учителката Ефка Попдаова Милетиќ.[4]

Во етапите на движење на просветата во Штип познати се и „славјано-елинските“ училишта како преодна фаза во модернизацијата на школите. Тие покрај елементарно религиозниот карактер имале и световна содржина. Обуката во нив била на грчки јазик, на црковно-словенски, а понекогаш и на двата јазика заедно. Кон крајот на XVIII век во Штип среќаваме и приватни, општински или народни ќелијни училишта, во зависност од тоа кој ги плаќал трошоците за школување.

Од средината на XIX век старите „ќелијни училишта“ се заменети со така наречените „заемни основни училишта“ во кои се работело по методата на британските педагози д-р Андреј Бел (Dr Andrew Bell)[5] и Џозеф Ланкастер (Joseph Lancaster)[6], позната како Бел-Ланкестерска или заемна метода. Во нив еден учител обучувал по 50 па и повеќе деца, со тоа што тој работел со постарите ученици, а тие пак ги обучувале помалите.

2) Р. Валчева „Изграждане на новобългарската просвета и на възрожденската култура“ София, 2006 г.; Енциклопедия Британика , Българска енциклопедия, сп. Цариброд, 2000, бр. 2.

3) Емил Георгиев, Люлка на старата ...........цит.дело.

4) Й. Иванов, Съверна Македония, стр. 395 и 360; А.П. Стоилов, Село Лешко, П.С. кн. XIV.

5) Bell, Andrew: An analysis of the experiment in education, made at Egmore, near Madras, London, 1807.

6) *The Lancasterian System of Education*, by Joseph Lancaster (1821)

На тој начин бил решен и проблемот со недостиг од учителски кадар, исто како што тоа го правеле сите европски земји.



Со доаѓањето на Јосиф Ковачев за учител во Штип завршила ерата на старовремското ќелијно образование. Со отворањето на првото педагошко училиште „Даскалоливницата“, во 1869 година започнува модерното време на штипското образование.[7]

Што променил Јосиф Ковачев?

1. Го укинал заемното училиште и раскрстил со средновековниот модел на обучување.
2. Го снабдил училиштето со нов инвентар и нагледни средства, по углед на модерните европски училишта.
3. Ја укинал поделбата на учениците по пол и бил силен приврзаник за образование на женските деца.
4. За првпат учениците ги поделил на класови според нивната возраст,

---

7) Ристо Кантарџиев, Јосиф Ковачев – основач на првите педагошки училишта во Македонија, Просветно дело, 1966; Периодическо списание на Българското книжовно дружество в София, кн. 58 (от годишнина XI - книжка 4). С., 1899, 691-692.

со тоа станал основач на класните училишта.

5. Во основното образование за првпат ја вовел звучната односно нагледната метода која се користи и денес.
6. За првпат воведува физичко образование во наставата и бил голем поборник на спортот. Турците тоа го сфатиле како воени подготовки и му забранувале изведување на гимнастика во училишниот двор.[8]
7. Го основал првото училиште за учители, што во тоа време се викало „Даскалоливница“, со паралелки за свештеници, со тоа точно определил кој треба да го води воспитно-образовниот процес.
8. Пишувал учебници со најновите европски методи на образование, го напишал првиот учебник по педагогија и првиот буквар по нагледна односно звучна метода.
9. Формирал библиотека во училиштето, со којашто можеле да се користат и граѓаните, со тоа ги удрил темелите на библиотечната дејност во Штип.
10. Формирал Неделно училиште што било претходница на Читалиштата. Тоа не било само училиште за описменување на возрасните, туку еден вид дом на културата. Во него биле изведувани музички настапи, драматизација по мотиви од народните песни или драматизација на народни приказни, одржувал предавања за младината и припадниците на еснафот.[9]
11. Јосиф Ковачев е основач на фолклористиката во Штип. Уште пред да замине за учител во Гнилање, тој почнал да запишува народни песни, приказни и пословици, потоа во таа работа ги упатил и своите колеги. Собирачи на народно творештво по углед и задача на Јосиф Ковачев станале браќата Костенцеви[10], Петар Чачаров, Ефрем Каранов, Иван Шандаров, а подоцна Панчо Михајлов и др. Некои од нив успеале собраното творештво и да го објават.

---

8) Периодическо списание ...

9) Автобиографични бележки, БИА, фонд 111, а.е. 369; Биографија на дарителите Екатерина и Јосиф Ковачови, София, 1936; Йордан Иванов, Северна Македония, С.1906г.

10) Арсени Костенцев „СПОМЕНИ“, Изд. на Отеч. фронт, София, 1984 г.

УДК: 929Kovacev, J.

м-рВанѓа Димитријева
Технолошко-технички факултет – Пробиштип
Универзитет „Гоце Делчев“– Штип

# ЈОСИФ КОВАЧЕВ И ЗНАЧЕЊЕТО НА НЕГОВАТА ЛИЧНОСТ ВО КУЛТУРНОТО ПОЛЕ НА МАКЕДОНИЈА

Во поднебјето на малата држава Македонија, како по некоја непишана традиција, секогаш се раѓале деца кои генетски наследувале многу благотворни особини и вештини, и во сопствената крв го носеле тој борбен дух кој неуморно се борел во културните натпревари, развој и создавање на креативноста во неуморното општество кое во секое време само за себе имало различни потреби за подготовки на сопствената држава за борба за културен натпревар и во инвестирањето во сопствените деца за водење на сопствената држава напред во културниот и цивилизиран свет, натпреварувајќи се во мултикултурниот натпревар на цивилизациите. Така на 14 февруари во 1839 година се родил и еден од познатите македонски креатори на културното општество - Јосиф Ковачев, кој со своето постоење придонел за сопствената држава една голема гранка на стеблото на културата кое е поврзано со школската педагогија, која во тој период значела многу и придонела за реформи во алката на школството.

Неговата голема инвестиција во знаењето преку неговото школување најпрво кај својот татко Антон Ковачев, потоа завршувањето кај Павел Златанов каде што се здобил со звањето наусничар, звањето на сите во тоа време кои завршувале во келијните училишта. Ковачев потоа се запишал на богословија во Белград каде завршил во 1861 година. Значењето на изучувањето на богословијата на една индивидуа од една култура и цивилизација е многу значајна за сите, бидејќи со раѓањето го добиваме во нас тоа што е најсвето, односно духот, и со чија помош му помагаме на телото за неговото постоење и за кое треба да веруваме, учиме и научивме од некого за вистинската смисла на нашето постоење и по традиција да ја изучиме нашата земја и постоењето на нашите цркви и манастири кои без сомнение се нашата најголема вредност во богатата македонска културна ризница. Овие духовни објекти биле и сè уште се спиритуални центри, извори и сведоци на опстојувањето на Македонија и Македонците низ вековите. Тие просветлуваат низ мракот на бурната македонска историја. Тие биле првите жаришта на словенската писменост во светот. Потоа во високите школи во Виена и во Киев, дополнувањето на неговите знаења

и запознавањето на делата на најголемите руски педагози и со делото на основачот на руската педагогија Константин Димитриевич Ушински, особено влијаела кај Ковачев за поделба на учениците по возраст и во посебни одделенија. Тој како одличен студент добил стипендија од фондацијата на Васил Евстатиев Априлов, познат како Фонд Априлов.

Јосиф Ковачев, покрај Богословскиот факултет во Киев, студирал и завршил и педагогија со психологија. Во учебната 1869/1870 година се вработил во основното училиште во Штип. Таму Ковачев започнал со своите училишни реформи, притоа формирал посебна институција за подготовка на учители со два класа, каде што го вовел класниот и предметниот систем на настава, вклучувајќи ги и световните предмети покрај богословските. Врвниот педагошки креатор на иновативните педагошки дејности кои во тоа време имале висок карактер во образованието, како на пример модифицирањето на класичното училиште во Штип во 1869 година во педагошко-благословно училиште, прво од таков карактер во тоа време во Македонија. На 18 јули 1874 година се вработил како директор на Народното училиште во Прилеп, каде што останал три години од 1874 до 1877 година. Ковачев го вовел и пеењето како световна содржина, напоредно со црковното пеење (*псалтикија*) во училиштата. Црковното пеење го предавал според руската (киевската) црковна традиција. Најголема новина е основањето на црковниот хор, составен од учениците кои вежбале редовно во црквата *Св. Благовештение* во Прилеп.

Со секоја реформа и со секоја педагошко дидактичка метода, со извонредено педагошко размислување и со воведувањето на традицијата за црковното пеење и преку него воведување на децата во вистината на постоењето на еден човек односно верата. Преку многуте идеи и реализација во нашата држава, тој се истакнал со своето знаење и постоење и во соседна Бугарија каде што преку многу работни ангажирања во високите државни институции, како што се Просветителството во Пловдив вработен како началник, Народното собрание во 1879 година избран како претседател на Општинскиот совет во Софија, од 1880 година до 1887 година ја извршува функцијата главен секретар на Министерството за внатрешни работи, член на Државниот совет и градоначалник на Софија (1886 - 1887). Јосиф Ковачев во Бугарија заземал многу значајни позиции, но секако најпрестижната е кога при основањето на Универзитетот во Софија во 1888 година бил назначен за доцент на Катедрата по педагогија, на Историско-филозофскиот факултет. Таму ги предавал предметите: Социологија, Педагогија, Историја на педагогија и Педагошка психологија.

Јосиф Ковачев е автор на статии за македонското (јужно-бугарското), балканското (северно-бугарското) и шопското (средно-бугарското)

наречје во бугарскиот јазик, како е и еден од поддржувачите на идејата за основа на книжевниот бугарски јазик да се прифати шопското наречје. Во своите дела Ковачев зборува за македонското наречје како дел од бугарскиот јазик и се самоидентифукува како припадник на бугарскиот народ.

Јосиф Ковачев умира на 31 октомври 1898 година во Софија. Погребан е со почести на централните софиски гробишта.

Го оставил својот имот за поттикнување на истражувањата на „бугарското отечественоведение”, а во 1908 година е основан фонд „Екатерина - Јосиф”, средствата од кои се користат *„за награди за студентски научни студии по историја на бугарскиот јазик, бугарската етнографија и бугарската културна историја, како и двегодишна стипендија за странство на студент од Софискиот универзитет за развој по словенска филологија, бугарската историја, бугарската географија, философија и педагогија”*.

Креирањето и создавањето на Јосиф Ковачев на овие наши простори е маркантно и запечатува еден голем културен сегмент во историјата на Македонија и го рефлектира и во соседната Бугарија, како голем културен и историски креатор на педагогијата, реформите, политичките и научните истражувања во тоа време. Помагајќи си најмногу на себеси, со тоа што вложил во сопственото знаење и постоење со цел, помогнал во културното развивање и истакнување на двете држави, на двата народа и на усовршувањето на школството.

Во различните времиња со различните и динамични потреби за опстанок и социјализација на една индивидуа, секогаш се потребни многу знаења, многу работа и влог во сопственото културно истакнување и со помош на нашите учители од историјата кои ги оставиле сопствените дела, нè оставаат и нас како наследници на културното поле да се оспособиме преку пишаниот збор да одиме понатаму во широката палета на културниот свет и да создаваме идни генерации кои ќе ги наследат сопствените предци и ќе ги надополнат во светот на цивилизираните општества и култури.

Истакнувањето на сопствената култура и реализацијата на нашите предци, на нашите татковци и мајки, и на нас, секаде во светот ја надополнува големата карта на просветители од ова поднебје кои заеднички учествуваат во истакнувањето на нашата држава преку своите дела, како културна цивилизирана и водечка земја во светот на културата и културните натпревари.

Нашата мала карта на Македонија е исполнета во секое и најмало место од нејзината почва со деца кои биле родени да придонесат историски идеи и реализации во целиот овој свет, со истакнати имиња од ова поднебје

кои во секое културно поле придонесувале за реализација и истакнување на нашата земја како културна и цивилизирана алка во рамките на целиот културен свет.

Жртвите на искуствата за проблематиката во педагогијата во одредените времиња низ историјата придонесле за значајни реформи, благодарејќи им на знаењата стекнати од високите светски институции и од големите имиња во светот на педагогијата и имплементацијата на истото во сопствените живеалишта, а некои и надвор од рамките на нашата држава придонесле за значајни промени во школството во нашата држава. Таков е и примерот на нашиот Јосиф Ковачев, кој преку освоените територии на знаења во текот на неговата младост поставил значајни темели во школството во далечните 70-ти години на XIX век во Македонија, за генерациите кои ја имале привилегијата да станат понапредни во своето знаење, благодарејќи му на постоењето на еден ваков кадар во тие години на кои преку различни методи им била пренесувана нивната ризница на знаења во сопствената држава.

Ако во далечните 80-ти години на XIX век бил од голем придонес еден ваков кадар во школството да ги поврзе сопствените искуства во својата држава и да му направи мост на населението од тоа време кон модерното и ефикасно учење, денес во истиот овој град Штип од каде што е и потеклото на овој легендарен креатор на школството, од 2007 година во Штип се роди и една голема институција која ја има истата дејност како на познатиот педагог Јосиф Ковачев, педагошката установа Универзитет „Гоце Делчев”, која преку 13-те педагошки установи – факултети ја има истата цел за создавање на млади кадри оспособени преку разните педагошко - дидактички методи до стекнување на знаење и стекнување на дипломи за високоизградени личности, со помош на големиот број на професори од ваков домен од различни категории и со нивните соработници, креирајќи ја големата судбина на овој историски град во широкиот спектар на мултикултурното поле на овој свет.

„*Не смеете да ме следите, морате да ме пресоздадете*”
Паоло Фрар

УДК: 37.02(072)

асис. м-р Ирена Китанова
Педагошки факултет
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

# ЕТИЧКО-ЕСТЕТСКИТЕ СЕГМЕНТИ ВО БУКВАРОТ НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ

Во овој несигурен и променлив свет преку традицијата човекот се обидува да ги сочува оние содржини со темелни вредности и погледи на свет кои се јавуваат како анализа на општествениот и историскиот живот во онаа мерка која го разликува трајното од менливото или неисцрпното од исцрпливото. Оттука и темата *Јосиф Ковачев и неговото време* се поставува во вистинско време, со благородна цел и со обид да се каже погласно дека: носталгијата по вистинските вредности и содржини на традицијата не е носталгија по минатото, ами носталгија по/кон иднината.

На магистралното прашање ќе се обидеме да проговориме низ призмата на две позиции:

1. Вредностите на традицијата како феномен и
2. Етичко-естетските сегменти во *Букварот* на Јосиф Ковачев како неодминлива педагошка категорија.

Во европската традиција планинските врвови се метафора за погледот на свет или место на мудрите од каде што бурно се вардат трајните вредности и содржини на минатото, на традицијата. Тоа е само потврда на тезата дека сè што е вредно и трајно треба да се чува и негува, да се надградува и доградува и од него да се учат и воспитуваат сегашните и идните генерации. Но со променливоста на традицијата како феномен, а со тоа и на вредностите на општествениот систем се појавува и потребата од нов начин или нови техники на трансфер на трајните вредности и содржини на традицијата.

Во рамките на културата, уметноста, образованието, особено на Балканот, постои опасност вистинските вредности и содржини на традицијата да се конзервираат во рамките на општествената пракса. Оттука и потребата кон вредното, кон нашите рисанија и писанија, кон нашите цркви и манастири, кон нашите библии и селвии, кон нашите свадби и печалби, кон нашите културни и уметнички споменици кои нè вардат од можната педагошка катаклизма што сè поneконтролирано пенетрира на овие простори и се заканува да ја потисне нашата светла традиција. Затоа

губењето на традицијата особено треба да се доведе во врска со губењето на меморијата како посебна категорија. Со појавата на компјутерските и интернет системи таа меморија како полека и програмирано да исчезнува. За жал, дисквалификацијата на меморијата на ниво на сите степени на образованието е појава која го отуѓува човека од неговите вредности, па тој во онтолошкиот бунар наместо убавина, пласти `рѓа. Традицијата е убавина што треба да се чува (Езра Паунд).

Што да се направи? Каде е излезот? Како да се зачуваат традицијата и нејзините вистински вредности и содржини?


БѪЛГАРСКИ БУКВАР
ПО
ЗВУЧНАТА МЕТОДА
ЗА
НАРОДНИТѢ ШКОЛИ
ОТ
I. А. КОВАЧЕВА.
Со 17 нагледни картини и 48 шарки.
първо изданiе.
Издава Книжарницата на Хр. Г. Дановъ
въ
Пловдивъ, Рущукъ, Велесъ.
1875.

Првенствено мислам дека е неопходно да се вратиме кон негување и заштита на феноменот фиделе-верност, чесност, преданост што упатува на синтагмата „Мојата чест е моја вредност“ и не подразбира вредност или подреденост на некој друг објект, туку верност на себеси, на мојата непоколебливост, неустрашливост, непоткупливост и достоинство. Впрочем, така се создаваат вредности, така се создаваат содржини, така се создава традиција која секогаш ќе има поглед свртен кон светлата иднина во културата и во уметноста и во образованието, а пред сѐ, кај човекот.

Во прилог на горнава теза – меморијата - ќе изложиме 2-3 примери од *Букварот* на Јосиф Ковачев (1839, Штип - 1898, Софија). На едно место од *Букварот*, Ковачев ја истакнува народната мисла: „Вкнига читаи/Во ум ставаи“. Значи меморијата заедно со сопственото вјерују т.е. фиделе се двете движечки сили за заштита на традицијата која секогаш и во секое време ги отвора и ги нуди добрите дидактички погледи кон големиот европски воспитно-образовен прозорец што ширум се отвора кон светот.

Затоа овде ќе посочиме само неколку примери од *Букварот* на Јосиф Ковачев, кои и денес имаат трајно место во историјата на педагогијата, како и конципирањето на современите дидактички текстови со затврдени воспитни, образовни и естетски вредности.

Најпрво сакаме да го посочиме текстот/басната од Езоп – ***„Гавранот и лисицата“.*** Тој и денес се применува во нашата пракса, особено заради тоа што претставува еклатантен пример кој ги содржи класичните драмски композициски елементи/ компоненти (експозиција, заплет, кулминација, перипетија, расплет); според содржините и развојот на дејството се нуди можност за вежбање на естетското, изразното, уметничкото читање; текстот содржи специфична дидактичка потка за снаодливост, итрина (лисицата) наспроти глупавоста, брзоплетоста (гавранот) како особини.

Другиот текст е приказната со наслов ***„Чудна расходка на магарето“.*** Тоа е дидактички текст со хумористични нијанси и интонации кои особено го развиваат и поттикнуваат логичкото мислење кај учениците.

Третиот сегмент се однесува на присуството на поетски и прозни текстови со нагласена хумористична содржина што е од особено значење кога се има предвид конципирањето на букварите во нашата педагошка пракса. Тоа значи дека во програмските содржини особено место треба да им се отстапи на текстовите со хумористична содржина која е мошне прифатлива за меморијата и духовната структура на детето од најразлична возраст.

Исто така, во *Букварот* на Јосиф Ковачев од важно значење е присуството на творби од народната усна поетска традиција, од нашиот неисцрпен лирски тезаурус во кој се среќаваат мноштво лирски паралелизми: анафора, епифора, палилогија, асонанца, алитерација, рефрен и други стилско-изразни средства.

Овие содржини/текстови кои имаат примена и во денешната теоретска и практична настава во основното училиште се пример за нивното вградување во она што значи традиција со трајни и неодминливи содржини со дидактичко и естетско значење. Оттука и нашево навраќање на одделни естетски сегменти од Букварот на Ковачев го разбираме како уште едно апострофирање на она што е трајно и вредно како педагошка,

воспитна и образовна содржина која го свртува погледот на реципиентот кон вистинските вредности на традицијата за да го потсети дека само со нејзино чување во длабините на срцето и здравата меморија се отвораат перспективите за поквалитетно образование и воспитание на човекот.

УДК: 929Ковачев, Ј.

Донче Ефремов
виш кустос историчар, Музеј - Штип
Емилија Коруновска
виш кустос историчар, Музеј - Штип
Олгица Ефремова - наставник по историја

# ЈОСИФ КОВАЧЕВ И НЕГОВОТО ВРЕМЕ

Просветата во Штип и Штипско, како и во цела Македонија, во текот на XIX век поминала преку повеќе развојни фази, во зависност од типот, видот и степенот на училиштето: од педагошко-методски пристап кон наставниот (воспитно-образовниот) процес и работа; од структурата и крактерот на наставните планови и програми, односно од содржината на наставниот материјал и методологијата на просветно-училишната дејност[1].

Во периодот од првата половина на XIX век преовладува староврherемска школа. Тогаш немало посебни училишни згради, ниту во градот ниту во селата. Училиштата биле сместени во манастирските конаци или во приватни куќи. Дури во втората половина на XIX век започнала изградба на посебни училишни згради, обично тие биле градени во дворовите на црквите или во нивна близина[2].

Училиштата израснале во активен фактор во националната преродба и силен фактор во борбата за духовна еманципација од грцизмот, за самостоен културно-просветен и национален развиток на македонскиот народ.

До средината на XIX век најраспространети училишта биле ќелијните, познати уште како и манастирски или црковни. Ќелијните училишта биле единствени центри на македонската писменост и просвета. Во 30-40 години на XIX век, ќелијни училишта имало во стопански развиените градови меѓу кои и во Штип.

Како прв учител во Штип, односно даскал, се споменува даскал Мано во 1830 година уште познат и како Крив Мано[3].

Прво световно училиште во Штип било отворено кон крајот на 1840 година. Штипската црковно-просветна општина за учител го ангажирала даскал Павле Грозданов за 15 лири годишно. Павле Грозданов бил на

1) Д-р А.Стојановски, Просветата, културата и почетоците на националното будење - Штип низ вековите I, Штип, 1986, стр. 346

2) Исто, 347

3) Исто, стр. 348

пракса кај Неофит Рилски, каде што ја усовршил новата Ланкастерска метода, позната уште и како *заемна метода*.

Еден од познатите и најистакнати ученици на Павле Грозданов бил штипјанецот Јосиф Ковачев.

Јосиф Ковачев е роден на 14 јануари 1839 година во Штип во занаетчиско семејство. По сеќавање на пензионерот од Штип, Ванчо Јосифов, семејната куќа на Ковачеви се наоѓа на денешната улица „Ванчо Прќе” бр.7 на триаголникот помеѓу кафеаните „Софра”, „Заки” и Огледалото. Куќата е на два ката и е во руинирана состојба. Негов брат бил Михаил Ковачев (1840-1908), тој е татко на Владислав и Владимир Ковачеви[4].



***Слика 1.*** Куќата на Јосиф Ковачев

Основното образование го добил во штипското ќелијно училиште и Заемното училиште на Павле Грозданов[5].

4) Д. Ефремов и Ј. Протогерова: Владислав Ковачев (1875-1924). Во: Штипски весник, бр. 306, од 26.12. 1997 год. стр. 10

5) Д-р А. Стојановски: Просветата, културата и почетоците на националното будење. Во Штип низ вековите I, Штип 1986, стр. 353

Како млад заминал за учител во Гнилање, каде што работел од 1855 до 1859 година. Овде покрај учителската работа, собирал и народни умотворби[6].

Со својот тивок карактер и големата трудољубивост и достоинственото пеење во црковниот хор, населението од Гнилање многу го засакало и не сакале тој да си замине од нивната средина. Но, тој не бил задоволен од себеси, не се чувствувал многу полезен за својот народ и сакал да се здобие со поголемо образование. Со таа цел Јосиф Ковачев го напуштил училиштето и заминал во Цариград, од каде што се надевал дека ќе замине за Русија. Во Русија не успеал да се задржи долго време и набргу се префрлил во Белград.

Потоа завршил Духовна семинарија (академија) во времето од 1860 до 1863 година[7]. Белградската семинарија давала богословско-педагошко образование. Овде Јосиф Ковачев оформил средно образование и се здобил со стручни познавања и педагошко-методски квалификации.

Престојот во Белград за Ковачев бил од голема корист и значење, бидејќи тој ги запознал современите методи на наставната работа, благодарејќи на тоа, тој се оформил како голем педагог, просветен реформатор и модернизатор на народните училишта во Штип, а со тоа и во Македонија[8].

Во 1864-1868 година Јосиф Ковачев отишол во Русија, во градот Киев, каде што се запишал на Духовната семинарија на која, покрај духовните науки, се предавало и историја и педагогија, за која тој пројавувал посебен интерес и редовно ги посетувал предавањата и хоспитациите (практичната работа)[9].

По завршувањето на Духовната академија во Киев, Ковачев бил кратко време учител во Габрово, каде што главен учител во тоа време бил Цветко Самарџиев[10]. Овде вовел нова метода за обучување на учениците, која ја нарекол „нагледна и звучна” метода, а одржувал и беседи и курсеви со габровските учители[11]. Освен неговите предмети, кои тој ги вовел за збогатување на теоретската настава на учениците, вовел и нагледни Средства, како на пример: географски карти, црни штици, клупи и др.

6) Д-р А. Стојановски: Просветата, културата и почетоците на националното будење, Штип низ вековите книга I, стр. 354

7) Исто, 354

8) Исто, стр. 354

9) П. Завоев, Град Штип, София 1928, стр.28

10) Исто, стр.29

11)Албум Борческа Македонија, Македонскиот вьпрось,София 1931,стр.4

а обрнал и големо внимание на физичкото воспитување на учениците, а најчесто биле применувани гимнастички вежби. Османлиите не можеле да не го видат успехот на Ковачев и поради големата завист го наклеветиле на валијата во градот Русе, Митхад-Паша, како многу опасен човек. Валијата дал наредба уште пред завршување на учебната година, и покрај симпатиите и молбите на граѓаните, бил интерниран во Штип во текот на 1869 год[12].

Јосиф Ковачев во своите „Автографски белешки" за ова забележал: *„По една година од моето враќање во Штип, по предлог на тамошните граѓани поминав во нивното училиште како главен учител и како таков работев таму цели три години"*.

Не наоѓајќи слободно учителско место во Штип, се согласил да биде учител во штипско Ново Село.

Веднаш Ковачев го реформирал новоселското училиште, претворајќи го во класно училиште со специјална насока за подготовка на учители за основно училиште и свештеници. Во објавената статија *„На врвот на организацијата на народните школи"*, Ковачев имал идеи ова училиште да биде од најопшт вид, и покрај учители и свештеници да подготвува и воспитаници за високи школи, сакајќи со тоа да создаде едно универзално училиште кое би ги соединувало сите поважни стручни дејности[13].

Штипското специјализирано класно училиште, сепак, не успеало да ја добие таа широчина и било ограничено само на подготвување на учители и свештеници. Не е познато колку класови имало училиштето но во податоците се наведува дека постоеле три курса. Вториот и третиот курс кои, всушност, претставувале класови се состоеле од три одделенија во кои се предавале следните предмети: вероучение, библиовидение, црковна историја, педагогија, географија, естестововедение, бугарска историја, сеопшта историја, политичка економија, бугарски јазик, словесност, аритметика и геометрија.

Поради ваквиот карактер на предметите и предметните содржини и како единствено и прво такво, ова училиште се викало педагошко-богословско и давало средно оформено образование[14]. Завршените ученици биле оспособени да ја вршат учителската и свештеничката работа. Настојувајќи да го постави школството во Македонија на модерни основи, Јосиф Ковачев со штипското училиште го направил првиот пробен чекор.

---

12) П. Завоев, idem, стр. 29

13) Б. Цветковски, Сто години од првото педагошко училиште во Штип, стр. 26

14) Д-р. А. Стојановски, Просветата, културата и почетоци на националното будење, Штип низ вековите книга I, стр.355

Овде тој за првпат ја вовел новата гласовна аналитичко-синтетичка метода, тоа време позната  како „гласовна”, „звучна” и „нагледна”. Посебно внимание Ковачев обрнувал на практичната работа. Под негово раководство учениците од погорните класови хоспитирале и држеле предавања во основното училиште и ја вежбале гласовната метода[15].

Неговото училиште во Штип брзо се прочуло, во него се нашле голем број  ученици од сите краеви на Македонија: Тиквешко, Прилеп, Велес и од Бугарија: Габрово, Софија, Плевен и други градови[16]

Штипското педагошко училиште било мешано, учеле и машки и женски. Во поглед на женското образование, Ковачев имал напредно мислење, дури се застапувал за отворање на женски институт за подготвување на народни учителки, на кои им одредувал посебна просветителска улога[17].

Првата генерација ученици од Штипското педагошко училиште излегла во 1871 година. Успехот на учениците бил одличен. Новина во образовниот систем на ова училиште бил и воведениот јавен испит на крајот од годината, нешто како денешниот завршен испит (матура).

Дотогаш такви испити не се изведувале во ниедно училиште во Македонија. На јавниот испит се полагале одредени предмети, теоретски и практично[18].

Јосиф Ковачев во Штип во 1871 година отворил и Неделно училиште во кое, за време на празничните денови, држел предавања на разни теми. Отворил и неделни курсеви за обучување на возрасни лица, а трговците ги упатувал како да ги водат трговските книги и сметководството[19].

Во наредната 1872 година тој го преместил училиштето во центарот на градот, но во истата година скопскиот митрополит го назначил за училиштен инспектор во Ќустендилско. Новата должност, која не била лишена од никакви опасности, не им се допаѓала на османлиските власти кои сакале да го отстранат Ковачев од оваа должност и тој повторно станал учител во Прилеп, каде што развива жива народно-полезна дејност[20].

Успехот и резултатите што ги постигнал во штипското училиште дале повод црковно-училишната општина во Прилеп да го покани да стане главен учител во Прилеп, со цел да ги реформира и модернизира

15) Б. Цветковски, Сто години од првото педагошко училиште во Штип, стр. 27

16) Албум Борческа Македонија, Македонскиот въпрось, Софија 1931, стр.4 .

17) Б. Цветковски, Сто години од првото педагошко училиште во Штип, стр.26

18) Исто, 27

19) П. Завоев и др. стр.30

20) Исто, 30

тамошните училишта.

Јосиф Ковачев во учебната 1874/1875 година ја поминал во Прилеп и таму се задржал до крајот на учебната 1876/1877 година[21]. Во 1877 година Ковачев бил истеран од Прилеп и со големи маки успеал да побегне во Бугарија. Таму подоцна работел како окружен инспектор и како народен пратеник. Од 1888 година станува професор по педагогија во Вишото училиште[22].

Починал во Софија на 31 декември 1898 година и оставил 20.000 лева како подарок на Военото училиште, а целата своја огромна библиотека ја подарил на Солунската машка гимназија и Цариградската духовна семинарија[23]. Покрај просветно-педагошката дејност, Јосиф Ковачев се занимавал и со учебникарска дејност. Тој е прв македонски автор на педагошка литература. Ги напишал делата: „Школска педагогика”, „Раководство на првоначалното обучение буквар по гласовна метода” и други[24]. Во чест на големиот педагог Јосиф Ковачев, штипјани имаат улица што го носи неговото име.

21) Д-р А. Стојановски и др. стр. 356

22) Албум Борческа Македонија, Македонскиот въпроьс, София 1931, стр. 4

23) Исто

24) Д-р А. Стојановски и др. стр. 355

УДК: 37.011.1-051

м-р Оливер Цацков
Институт за историја и археологија
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

# ЈОСИФ КОВАЧЕВ - УЧЕНИК И УЧИТЕЛ

Времето во кое живееше и работеше Јосиф Ковачев, родоначалникот на првото педагошко училиште во Штип, односно во Македонија, беше силно обременето со револуционерни превирања за ослободување од грчкото влијание во црквата и училиштата. Уште како дете добро го запознал тој систем на школување со сите недостатоци што ги содржел, и во него, во тие рани детски години, започнува да се раѓа идејата еден ден кога ќе порасне да успее нешто да промени.

Јосиф Антонов Ковачев, роден во 1839 година во Штип, во свештеничко семејство, своето образование го започнал во родниот град, по тогаш важечките методи за описменување на децата, во „ќелијното училиште“. Според старата метода во прво одделение се учеле само буквите: аз, буки, веди..., учебници немало и тоа било многу тешко за ученикот, биле потребни 3-4 години за да научи да чита. Кога тоа ќе го совладале им се давала „наусница“ – научено наизуст. Тие што успеале да го совладаат дадениот материјал по завршувањето на „ќелијното училиште“ станувале наусничари, односно сите молитви ги кажувале напамет без да читаат од книга. Освен тоа се учело *псалтир* (црковно пеење) и најпосле *евангелие*. Во тие три предмети се состоела целата наука на старата школа[1]. Тогаш учител во тоа училиште бил неговиот татко, свештеникот Антон Ковачев.

Во времето додека тој бил ученик, во штипските училишта започнале реформи поради „европеизацијата“ во Отоманската Империја. Стариот систем на образование бил заменет со нов ,па така малиот Јосиф своето образование го завршил во 1844 година како ученик во новоформираното „заемно“ училиште кај учителот Павел Златанов. Тој посетувал предавања за модерната Ланкестерка метода и професионално бил обучен за учител по неа. Како еден од најдобрите ученици во ова училиште тој му станува помошник на учителот Златанов и се стекнува со педагошка пракса која подоцна многу ќе му помогне да се одлучи за самостојна учителска дејност. Откако го завршил своето образование во родниот град, заминал

1) Илия Бобчевъ : „Македонските Българската народна просвета“, София, 1922

во село Гнилање на Косово, каде четири години бил учител[2]. Ова работно место било пресудно тој да почне да размислува да го продолжи своето образование кое ќе му овозможи да ја реализира својата идеја за реформи на учебните методи. Поради тоа што се покажал како многу вреден и способен за работа со деца, активен член и поборник на црквата каде што бил забележителен исполнувач на духовна музика во црковниот хор, му била понудена стипендија за школување во Белградската духовна семинарија. Овде тој имал можност да се запознае со современи педагошки идеи кои доаѓале од западот и станал голем приврзаник на педагошкото образование. Но, не се задоволил само со диплома на средно образование, па одлучил да продолжи со своето школување. Успеал, како одличен ученик, да добие стипендија од фондот на Априлов од Габрово, кој бил силен поборник на просветната дејност и заминал на студии во Киев на Духовната академија. Школувањето на Богословскиот факултет траело четири години (1863-1867). За тоа време тој, покрај Богословијата, студирал и завршил педагогија со психологија, каде што се запознал со делата на најголемите руски педагози, како и со делото на основачот на руската педагогија, Константин Димитријевич Ушински. Особено голем интерес пројавил за работата на основните училишта, каде штосе користела т.н. „звучна метода“. За таа цел својата педагошка пракса ја изведувал во редица основни училишта и ја следел најновата литература со што успеал да ги збогати своите знаења за оваа метода. Под влијание на руската прогресивна педагогија и западноевропските падагози кои во тоа време биле популарни во Русија, Јосиф Ковачев израснува во зрела личност за решавање на проблемите во образованието.

Во учебната 1868/1969 година, штипскиот ученик од ќелијното училиште, Јосиф Антонов Ковачев се враќа во родниот град со диплома на Киевскиот универзитет и по покана од црковно училишната општина во штипско Ново Село е назначен за учител во новоселското „заемно“ училиште.[3]

Како човек кој израснал во оваа средина и ги познавал сите слабости на тогашното образование, а од друга страна бил познавач на најсовремените педагошки методи на европското образование, се зафатил со засилени и интензивни педагошки реформи. Прво што направил во основното образование ја вовел т.н. „звучна“ односно „нагледна“ метода која во тоа време била тренд на европското образование. Веднаш потоа ја реализирал и другата голема идеја, да создаде образование за идните

2) „Биография на Екатерина и Јосиф Ковачеви“, Придворна печатница, София, 1936

3) Ристо Кантарџиев: „Јосиф Ковачев – основач на првите педагошки училишта“, Скопје 1966

учители по европски терк.[4] Сите негови идеи со задоволство и одушевување биле прифаќани од ученољубивите Новоселци кои во тоа време го имале апсолутното првенство во градот во поглед на образованието и културата. Така за прв пат во Европска Турција, во штипско Ново Село, започнува образовно-едукативно современо педагошко училиште во кое се подготвувал покрај учителски и свештенички кадар. Школувањето во него траело две години, а се изведувало со теориски предавања и со задолжителна педагошка пракса. Потребата од учителски кадар го наполнила со ученици училиштето на Јосиф Ковачев. Неговите ученици не биле само од Штип и другите македонски градови, туку од Косово и повеќе градови на Бугарија. Учењето во него било бесплатно и за сите ученици надвор од Штип постоел бесплатен пансион. За да биде целосна идејата на младиот и перспективен учител, по укинувањето на заемното училиште, се зафатил со едукација за новата образовна метода, најнапред на учителите од училиштето, а потоа и на сите учители од околните селски училишта. Така со игра на судбината, ученикот Јосиф Ковачев им станал учител на своите учители, а училиштето во кое учел го издигнал до главен педагошки центар на поголем дел од Балканот, што нас како штипјани нè прави особено горди.

**Користена литература**

Ристо Кантарџиев, „Јосиф Ковачев – основач на првите педагошки училишта“, Скопје 1966.

Периодическо списание на Българското книжевно дружество във София

Астибо I-XX век, Скопје, 1964 год. Илия Бобчеъ: „Македонските Българската народна просвета“, София 1922

Биография на Екатерина и Јосиф Ковачеви, Придворна печатница, София 1936

4) Периодическо списание на Българското книжевно дружество въ София,кн.58, 1899.

УДК: 37.011.3-051(497.731)
929Ковачев, Ј.

м-р Ленче Насев
Факултет за музичка уметност
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

# ПОГЛЕД КОН ЖИВОТОТ И ДЕЈНОСТА НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ – ИСТАКНАТ МАКЕДОНСКИ ПЕДАГОГ И РЕФОРМАТОР ОД ШТИП

Јосиф Антон Ковачев е роден на 14 јануари 1839 година во Штип – Македонија. Овој податок го сретнуваме речиси во сите извори. Сепак, во неговите „Автобиографични белешки” (*Историски архив* при Народната библиотека „Кирил и Методиј”, фонд N[0] 111, арх. ед. 369, л. 540) тој спомнува дека е роден во 1840 г. Израснува во занаетчиско-ковачко семејство. Своето образование го добива најпрво во ќелијното училиште, а потоа во новото заемно училиште. Заемното училиште било основано од штипскиот учител Павле Грозданов, кој е основоположник на првото световно народно училиште во Штип (Штип низ вековите, 1986, книга прва, Штип, 351). Како негов ученик, покрај образованието, Ј. Ковачев се здобива и со педагошко искуство како негов помошник. Тоа извршило големо влијание да се оддаде на самостојна учителска дејност.

Така, на 16-годишна возраст учителствува во Гнилање, каде што работи четири години (1855-1859). Овде ги формира своите погледи кон светот. Покрај учителската работа врши запис на народни умотворби, пее во црковен хор, размислува за реформа на учебните методи. Во тоа време, почувствувал потреба и стремеж да го продолжи своето образование. Па така, решил како питомец на гнилањската црковно-училишна општина да замине на школување во Русија. Но, од непознати причини, наместо да учи во Русија тој е префрлен да учи во Белградската духовна семинарија (академија). Во периодот од 1860 до 1863 година се здобива со средно богословско – педагошко образование. Овде се запознава со некои современи педагошки методи на наставна работа, кои се преземени од западните земји.

По завршувањето на Духовната семинарија во Белград заминува во Киевската духовна академија. Покрај духовните науки ја изучува педагогијата и историјата. Тој се запознава со делата на најголемите руски педагози меѓу кои и со делото на основачот на руската педагогија Константин Димитриевич Ушински. Како одличен студент добива стипендија од фондацијата на познатиот Васил Евстатиев Априлов. За време

на студирањето пројавува голем интерес кон работата на т.н. *гласовна (звучна) метода*. За таа цел посетува училишта, ја следи новоиздадената литература и ги збогатува знаењата за таа метода. Паралелно со идеите на руските педагози, Ј. Ковачев воспriема погледи и од западноевропските научници, кои во тоа време биле популарни во Русија. Така јасно се гледа во предговорот на „*Школска педагогија*“ (1873 г.) каде што тој пишува, дека при создавањето на таа книга користи трудови од француски, германски и руски педагози од таа област.

**Педагошка дејност**

По завршувањето на Киевската духовна академија, во учебната 1867/1868 г. од бугарскиот одбор во Одеса е испратен за учител во класното училиште во бугарското гратче Габрово. Веднаш со пристапувањето на работа тој се зазема да ја исполни задачата со воведување на новата како што тој ја нарекувал *нагледна и гласовна (звучна) метода*. За таа цел со неа тој ги запознава учителите од Габрово со говорни разјаснувања и практични лекции. Тој непосредно раководи со целата работа во училиштето. Структурата на училиштето се променува од корен соодветно на потребите на *гласовната (звучната) метода*. Резултатите од новиот учител се согледуваат и за него зборува целиот град. Тоа го свртува вниманието на турските власти, посебно гимнастичките вежби, кои изгледале како воена подготовка на народот. Па така, Мидхад паша, управител на Русенскиот вилает, лично го протерува учителот Јосиф Ковачев во неговиот роден Штип. Истата година тој станал учител во штипско Ново Село, каде тогашното училиште го реформира во класно.

По предлог на граѓаните, во 1869 г. Ј. Ковачев преминува во училиштето во Штип и овде ја започнува својата педагошко-реформаторска дејност. Од забелешките на неговиот ученик – Саранов (бугарски учител), во наставниот план биле застапени следните предмети: 1. Веронаука (Вероучение), 2. Библиоведение (Библиведение), 3. Црковна историја (Църковна история), 4. Педагогија (Педагогия), 5. Географија (География), 6. Естетика (Естетвоведение), 7. Бугарска историја (Бълг. история), 8. Сеопшта историја, 9. Политичка економија (Политическа економия), 10. Бугарски јазик (Бълг. език), 11. Словесност, 12. Аритметика и 13. Геометрија (Геометрия). Поради вклученоста на богословските и педагошките предмети, ова училиште уште било наречено и *Педагошко-богословско училиште*. Ова, всушност, била ПРВАТА СТРУЧНА, ПРОФЕСИОНАЛНА УЧИЛИШНА УСТАНОВА од таков вид во Македонија, која подготвувала учители и свештеници. Со ова дело, со право можеме да забележиме, Ј. Ковачев станува основоположник на

педагошкото образование во Македонија. Ј. Ковачев овде ја исполнува улогата на главен учител и како таков работи три години. Тој за првпат ја вовел *гласовната метода*, како и предметниот систем на настава.

Забележително е и неговото настојување да се обрне внимание на практичната обука за идните учители. Па така, учениците од горните класови под негово раководство држеле часови во основното училиште. Во 1871 година завршува првата генерација учители, кои на крајот од годината полагале јавен завршен испит во кој биле вклучени теоретски и практични предмети.

Исто така, Ј. Ковачев отвора Неделно училиште за возрасни, води курсеви по трговско сметководство, изнесува лекции пред граѓаните на различни теми. Покрај тоа, организирал и педагошко-методски курс за учителите за примена на *гласовната метода* во училиштата. Меѓу големиот број учители кои го завршиле овој курс од Македонија и Бугарија во 1869 г., бил и учителот Арсени Костенцев кој престојувал во Штип три месеци (Кантарџиев, Р. 1965, *Македонско преродбенско училиште,* Скопје, 134).

Високо оценет како педагог-реформатор, тој е назначен за училиштен инспектор во Ќустендилската епархија. Тоа се случува во 1872 г., кога Ј. Ковачев станува прв училиштен инспектор кој се заземал со сериозна реформаторска дејност. Во ќустендилските училишта го воведува истиот ред од штипското училиште. За помалку од една година, Ќустендил се претвора во ново средиште за распространување на *гласовната метода* и класниот систем на обучување. Покрај тоа, Ј. Ковачев воведува новини и во женското училиште. Во исто време размислува во Ќустендил да отвори Духовно педагошко училиште. Ваквата реформаторска дејност го привлекува вниманието на турските власти. Па така, Ковачев бил принуден да ја напушти работата и повторно да се врати во Штип. Во ова време тој пишува некои од неговите значајни педагошки трудови и ги подготвува за печат (Кантарџиев, Р. 2002, *Историја на образованието и просветата во Македонија*, Скопје, 311).

На 5 јули 1874 г. прилепската општина го поканува Јосиф Ковачев да ја преземе грижата за развитокот на училиштата во градот Прилеп. Причина за ваквата покана е амбицијата на општината да создаде прилепско училиште кое ќе биде расадник за науката и просветата во западна Македонија, односно кое ќе подготвува учителски сили за градовите и селата. Ковачев одговорил позитивно и на 18 јули 1874 г. се вработил како главен учител и директор во прилепското училиште. Неговата плата изнесувала 120 лири и бесплатен стан. Со својата подготовка и работа Ковачев ги оправдал надежите на прилепската општина.

Раководењето со училиштата како со просветата, школството, така и со културата во втората половина на XIX век во македонските црковно-училишни општини било доверено на едно општинско управно тело, т.н. *училиштен одбор (училишно настоятелство)*. Ј. Ковачев, како директор, му предложил на училишниот одбор да ги прегради двете големи крила (салони) со по три училници од општинското училиште. Во него се собирале учениците во одделенија и класови и секој учител имал самостојна класна училница. Во две училници се поместувале класовите - по два класа во училница, раководени од четири учители М. Ковачев, Н. Ганчев, П. Орлов, В. Пападопуло. Во други две училници биле поместени горните одделенија од основното училиште, раководени од Стефан А. Зограф и Григор Алексиев (прилепчани), а во останатите две училници т.н. ученици звукари, раководени од Пере Ачев и Коне Устаилиев (прилепчани). Подоцна биле изградени уште две училници во ходникот, каде што учеле забавачињата и женското училиште, раководени од Сава Палашева и Зах. Манасиева. Освен тоа, по предлог на Ковачев за училиштето биле обезбедени и наставни помагала – глобус, географска карта, слики и др. Била составена и нова наставна програма. Во класното училиште имало четири класа и се предавале следните предмети: 1. Бугарска граматика и словенски преводи (Българска граматика и славянски преводи), 2. Аритметика и бугхалтерија (Бугхалтерия), 3. карактеристики и практична геометрија (чертние и пракрическа Геометрия), 4. Географија внатрешни врски кон ест. историја (География въ свръзка съ ест. История), 5. Популарна физика, 6. Бугарска историја со општ преглед на општата историја (Българска история съ общъ преглед върху всеобща история), 7. Општа црковна историја со обреди (Обща црковна история съ обрядословие), 8. Простран Катахизис со вовед во св. писмо (пространенъ Катихизисъ съ въведение въ св.писание), 9. Методологија за почетна обука (Методика за първоначалното обучение), 10. Турски јазик (Турски езикъ), 11. Грчки јазик (Гръцки езикъ), 12. Псалтикија – пеење (Псалтикия - пэние)

Во училиштето Ј. Ковачев прв ја вовел *гласовната метода*. Тој држел честопати пробни лекции во присуство на сите предавачи од основните училишта за да ја осознаат и усвојат новата метода. Оваа метода ја пренесувал со голема страст, ентузијазам и умеење. Ковачев им давал предност на богословските предмети, па училиштето заличувало на семинарија. Овде паралелно со црковното пеење (псалтикија) во училиштата го вовел и пеењето со световна содржина. Ова пеење го предавал според руската (киевската) црковна традиција. Новина претставува оформувањето на црковниот хор составен од учениците кои вежбале редовно во црквата *Св. Благовештение* во Прилеп.

Испитите и годишните приредби се одвивале на отворено во училишниот двор, пред многу народ и во присуство на офицери од турската власт. Имало столови за поканетите гости, за публиката, а на средина од училишниот двор стоела покриена голема маса. На неа стоеле раскошни вазни со букети цвеќе. Се испитувале учениците според Законот Божји, решавале задачи, раскажувале за Европска и Азиска Турција, читале, преведувале и пишувале на турски, читале и преведувале на грчки и на крај читале слово по турски, со пофалби за султанот и неговите административни и воени чиновници како и за градските турски првенци. На крај се пееле песни.

Ковачев во Прилеп останал три години, од 1874 до 1877 г. Неговата грижа за издигање на прилепското училиште била добро оценета. Ковачев бил пофален и во Цариград. Меѓу другото за првпат училишното настојателство таа година (1874/1875) дало извештај за текот на учителското дело. Таа година биле обучени околу 600 ученици, со 10 учители на кои им се плаќале 38,520 гроша. На учителите со вишо и средно образование им се плаќале од 12,960 до 4.500 гроша.

Назначувањето на учителите во прво време било усно, а подоцна со договор. На чело на училиштата стоела општината која се грижела за средствата. Главниот извор за училишниот буџет била црквата. Училишното настојателство кое било трichлено имало грижа да ги снабди училиштата со помагала, огрев, да се грижи за покуќнината, за обновување, но исто така давало и мислење за дејноста на учителите.

Во 1877 г. била една од најтешките години за учителите. Тоа било времето на руско-турската војна. Бурата се приближувала и кон Прилеп. Секој ден низ градот минувале арнаутски башибозуци. Властите будно го следеле секое движење на учителите и градската интелигенција, па така еден ден Ковачев како руски воспитаник бил уапсен и одведен во Солун. Од затворот бил ослободен благодарение на влијателни Евреи и негови пријатели од Солун. Исклучителна помош му укажуваат и прилепчани (Трајчев Ѓ. (1925), *Град Прилеп, Историја, географски и стопански преглед*, Софија,116-118).

По ослободувањето од затвор, се враќа повторно во Штип. Цела година е без работа и од страв од нови притисоци и заплашувања одлучува да пребега во тогаш ослободената Бугарија.

Јосиф Ковачев во Бугарија зазема високи и одговорни позиции како: началник на Народното просветителство во Пловдив (1878 г.), училиштен инспектор во Софиската околија (1879 г.), народен претставник во Конститутивното собрание во Трново, претседател на Општинскиот совет, главен секретар на Министерството на просвета, член на Државниот совет

(1881 г.), градоначалник на Софија и претседател на Градска комисија (1885-1887 г.). За време на отворањето на Вишото училиште во Софија (денес Софиски универзитет „Св. Климент Охридски”) во 1888 г. станува првиот професор по педагогија на Катедрата по педагогија и предава: социологија, историја на педагогија и педагошка пеихологија. Овде работи до крајот на животот. Во 1895 година на Вториот македонски конгрес е избран за потпреседател на Врховниот македонски комитет. На Третиот македонски конгрес следната година повторно е избран за потпретседател на Комитетот, а од март до јуни 1897 година е негов претседател.

Дека Јосиф Ковачев бил високоценета личност согледуваме и во книгата *Бугарија 20 век (алманах)*, во која е изложен дел од одржаната седница (28 мај 1880 г.), на Второто обновено Народно собрание. На седницата било одлучувано за името на бугарските пари. Во расправата учествувал и Јосиф Ковачев, кој предложил: „Франкот не е чисто народно нарекување. Чисто народно нарекување е лев“[1] Неговиот предлог бил прифатен и од тогаш бугарската парична единица се здобива со името „лев“.

Благодарение на својата разнообразна педагошка и општествено-културна дејност, Ј. Ковачев се здобива со голем авторирет како кај студентите, така и во општеството.

**Книжевна дејност**

Освен со педагошка и општествена, Ј. Ковачев се занимава и со книжевна дејност. Едвај 30-годишен, тој веќе успева да состави два педагошки прирачници. Треба да се забележи дека овие дела се создадени во најтесна врска со предавачката и организаторската дејност како педагог.

1. ШКОЛСКА ПЕДАГОГИЈА или методика за учителите на народните школи (ШКОЛСКА ПЕДАГОГИЯ или методическо ръководство за учителите на народните школи). Книгата е составена, кога Ј. Ковачев бил учител во Штипското педагошко училиште и негов директор. Завршена е во 1872 г., а издадена е од Д. В. Манчев во 1873 г.
2. БУГАРСКИ БУКВАР ПО ЗВУЧНАТА МЕТОДА ЗА НАРОДНИТЕ ШКОЛИ со 17 нагледни слики и 48 црти (БЪЛГАРСКИ БУКВАР ПО ЗВУЧНАТА МЕТОДА ЗА НАРОДНИТЕ ШКОЛИ, с 17 нагледни картини и 48 шарки). Составен е во 1872 г. Изграден е преку процесот на неговата работа како учител. Истиот буквар е издаден во 1875 г. На Ј. Ковачев му се припишува и друг БУКВАР ПО НАГЛЕДНА И ГЛАСНА МЕТОДА, с 15 картини и 3 образа в текста, издаден во Виена преку 1874 г.“. Тој истовремено излегол и во Пловдив, Русе и Велес, и претрпел 5 изданија до 1885 година.

1) Авторски колектив, (1999 г.), България 20 век (алмнах), Труд, 381 ISBN 9545281464

3. УПАТСТВО ЗА ОСНОВНАТА ОБУКА ЗА ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ ПО „ЗВУЧНАТА МЕТОДА“ (РЪКОВОДСТВО ЗА ПЪРВОНАЧАЛНОТО ОБУЧЕНИЕ ПО ЧЕТЕНЕ И ПИСАНЕ ПО „ЗВУЧНАТА МЕТОДА“). Издадено е 1879 г. Во него тој ја изложува методата, по која работел и која тој ја пренел од Русија.
4. ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА НАРОДНИТЕ ШКОЛИ (ВЪРХУ ОРГАНИЗАЦИЯТА НА НАРОДНИТЕ ШКОЛИ). Статија која заземала место во едно од најсериозните списанија во тоа време - *Периодическо списание* (година I, кн. 9-12, 1876 г.), орган на *Бугарското книжевно друштво* (*Българското книжовно дружество* идната *Българска академия на науките*). Таа публикација е забележителна со оригиналните идеи на авторот.
5. ЕДНО МИСЛЕЊЕ ЗА ЗАЕДНИЧКИОТ ЈАЗИК И ПРАВОПИСОТ КАЈ НАС (ЕДНО МНЕНИЕ ВЪРХУ ОБЩИЯ ЕЗИК И ПРАВОПИСАНИЕ У НАС). Статија отпечатана во списание „Ден“ (бр. 16-17 од јуни 1875 г.). Пишувана е по повод на една критичка белешка за букварот на Ј. Ковачев, поместена во весникот „Напредок“ (в. „Напредък“).

Во 1888 г. Ј. Ковачев ја преведува од француски јазик книгата „Експериментална политика“ от Л. Донат - француски општественик со либерални политички погледи. Последните години од животот ги посветил и во служба на делото за ослободувањето на Македонија.

На 31 декември 1898 год., Јосиф Ковачев починал. Тој оставил 20.000 лева на военото училиште. Својата огромна библиотека ја остава на солунската машка гимназија и на цариградската духовна семинарија (Албумъ, 1931 г. *Борческа Македония*, Софија).

Јосиф Ковачев е реформатор кој ги согледал слабостите и успесите на народното училиште. Неговото сознание за недостаток на учебници во споредба со напредните европски земји го поттикнува да создава. Тој се водел со идејата да го реорганизира народното училиште во модерно, за идните граѓани да стекнат образование на европско ниво.

Забележително е тоа што сложеноста на образовните проблеми тој ја насочува кон основното училиште – најблиска и најдостапна за народот училишна институција. Ковачев посветува многу внимание да ги подобри методите на описменување во основното образование. Тој сфатил дека правилното и брзо описменување на децата и народот е прва и решавачка стапка кон реформите на образованието и демократизирањето во културата. Во таа смисла Ј. Ковачев го следи патот на педагозите демократи: Коменски, Пестлоци, Ушински и други, кои ги разработуваат

пред сè проблемите во основното образование. Како автор на педагошки трудови тој се раководи со идејата да создаде целосен педагошки систем.

Делото на Јосиф Ковачев претставува прекрасен пример за тоа колку можности и бесконечна сила носи новото во учењето и животот.

**Користена литература**


Собрание на Општина Штип, (1986 г.), *Штип низ вековите*, книга прва, Штип, 351

Кантарџиев, Р. (1965), *Македонско преродбенско училиште,* Скопје,134

Кантарџиев, Р. (1985), *Македонско преродбенско училиште,* второ дополнето издание, Скопје

Кантарџиев, Р. (2002), *Историја на образованието и просветата во Македонија*, , Скопје, 311

Трајчев Ѓ. (1925), *Град Прилеп, Историја, географски и стопански преглед*, Софија,116-118

Авторски колектив, (1999 г.), *България 20. век (алманах)*, Труд, 381 ISBN 9545281464

Албумъ, (1931 г.) *Борческа Македония*, Софија

УДК: 37.011.3-051(497.742)

Иван Котев, Струмица
Милена Цацкова
Педагошки факултет,
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

# ПРЕРОДБЕНСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО СТРУМИЦА И СТРУМИЧКО И УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА АРСЕНИ КОСТЕНЦЕВ

Покрај Јосиф Ковачев, човекот кој направи многу за унапредувањето и реформирањето на образованието и образовниот систем не само во Македонија, туку и во Бугарија[1], стои, и тоа сосема заслужено, и името на првиот учител во Струмичко, Арсени Костенцев. Условите во кои растеле, работеле и се развивале овие учители и борци за народна просвета биле тешки. Тоа е време на големи, би рекле, драматични општествено-економски и политички промени; тоа е време кога на овие балкански простори започнуваат преродбенски и национално-ослободителни движења чија крајна цел е создавање на независни национални држави.

За преродбата во Македонија, која стенка под стегите на Отоманската Империја, може да се каже дека по многу нешта е специфична. Се одвива во време на распаѓањето на доцниот феудализам во Турција и продирањето на новиот начин на капиталистичкото производство. Како разултат на овие општествено-политички и социјално-економски процеси и во Македонија почнале да се развиваат занаетчиството и трговијата.

Масовните миграции полека, но сигурно, ја менуваат етничката слика на градовите во Македонија. До крајот на XVIII век во селата живеело мнозинското македонско население, додека во градовите живееле Турците. Поголем број градови, меѓу кои и Струмица, имале речиси чист турски карактер со незначителен процент на Македонци и Грци.[2] Со тек на времето полека, но сигурно, се менувала етничката слика на градовите во корист на македонското население. Овие миграциони процеси влијаеле не само врз зголемувањето на бројот од градското население, туку и врз неговото зајакнување. Новодојдените доселеници ги раздвижиле економските потенцијали на граѓанството. Овие процеси се однесуваат и на Штип, и на Струмица. Со приливот од селото „... граѓанството од Струмица, зајакнато и освежено, поврзано со селанството (кое беше предводено од зародената

1) Доне Пановски, Учебникари и просветители, Скопје, 1992, с. 191.

2) Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, Скопје, 1965, с. 10.

селска буржоазија), започна во првата половина на XIX век брзо да се оформува и да застанува на сопствените нозе“.[3]

Интензивното навлегување на капиталистичките процеси и влијанија од Запад доведуваат до создавање на нови стоковно-парични односи што обусловува силен подем на занаетчиското производство.[4] Солидно изработените занаетчиски производи биле конкурентни на пазарот, така што нивниот пласман не претставувал проблем. Производите од памук, свила, волна и кожа со својот квалитет се наметнале на пазарите и надвор од Турција. Зела замав и се развила внатрешната и надворешната трговија. Одделни градови имале и панаѓури, на кои доаѓало до широка размена на стока меѓу нашите производители и трговците од европските држави. Се среќавале и соработувале и трговци од македоснките градови. Тоа не биле средби или саеми организирани од еснафи, туку повеќе индивидуални контакти кои прераснувале и во лични пријателства и до интензивирање на соработката. Од една таква блиска трговска врска ќе се случи и идењето на Арсени Костенцев во Струмица, чиј татко бил трговец и блиско соработувал со напредното струмичко семејство Раненикови.[5]

Доаѓањето на младиот Арсени Костенцев во Струмица се совпаѓа со економското закрепнување и културното издигање на нашето граѓанство во половината на XIX век, кога се одигруваат остри конкурентски борби меѓу нашите и грчките или грковлашките трговци и занаетчии, борба што попримаше национална обоеност и што, по ред перипетии, заврши со слабеење и преземање на позициите на грцизмот во повеќе градови во Македонија, освен во некои од нашите најјужни градови.[6] Меѓу тие „најјужни градови“ спаѓаше и Струмица. Во втората половина од XIX век „Струмица, која дотогаш била сестрано повлијаена од грцизмот... речиси во текот на целиот XIX век претставувала негов силен центар“.[7] Грчкиот митрополит во Струмица од своите епархиски свештеници и учителите направи силни орудија за погрчување на населението не само во Струмица, туку и во околните градови. Во тоа лежат и причините што Струмица се претворила во „тврдина на грцизмот“.[8] А Струмичката епархија била

3) Бранко Панов, Црковно-просветните борби..., с. 87.

4) Собрание на Општина Штип, ШТИП НИЗ ВЕКОВИТЕ, книга прва, Штип, 1986, с. 330-333.

5) Арсени Костенцев, Спомени, София, 1984, с. 9-15.

6) Блаже Конески, Кон македонската преродба..., с. 7.

7) Проф. д-р Ристо Кантарџиев, Отворање на народни училишта во Струмичко и Струмица во 60-тите и 70-тите години од XIX век, Просветно дело, списание за педагошки прашања, 9-10, Скопје, 1981, с. 39.

8) Бранко Панов, Црковно просветните борби ..., с. 87.

многу голема. Покрај Струмичката каза, во нејзиниот состав биле и Радовишката, Тиквешката, делови од Прилепската (12 села од Мариово), Дојранската и Гевгелиската.[9] Затоа Јеротеј, струмичкиот митрополит, имал голема моќ. Во негови раце биле црквите и училиштата, имал право да поставува и разрешува свештеници и учители и бил бескрупулозен во своите настапи. Преку него дејствувала Цариградската патријаршија, која по создавањето на грчката национална држава наполно се слеала со грчката државна политика во настојувањата за елинизација на македонското и бугарското население, со цел да се реализира идејата за создавање Голема Елада.

Од тие причини во корен се сечел секој обид за отворање училишта на народен македонски јазик или воведување богослужба на разбирливиот мајчин збор. Тоа особено се чувствува во Струмица, каде што богатиоиот граѓански слој имал грчка ориентација. А присутни биле и пропагандите од другите балкански држави. Туѓите пропаганда во многу ја успорувале преродбата.

Во една таква констелација на односите се одвивале преродбенските процеси во Струмица, која е специфична уште по нешто: овде на чело на борбата за преродба не застанало крупното граѓанство - трговците, лихварите, чифлиг-сајбиите и интелигенцијата, иако од словенско потекло. Преродбата ја воделе македонските селани кои дошле † ... во градовите носејќи го својот бит на еден закоравен селски начин, откако станале граѓани позаможни и поучени... само тие можеле да бидат носители на македонската преродба, само симбиозата на градското стопанство, граѓанската култура и поглед на свет со здравата, вековна селска народна традиција и бит довеле до појавата на македонската преродба, а сето тоа било условено со открепоснувувањето на селаните".[10]

Основната карактеристика на преродбата во Струмичко е таа што движењето нема центар. Струмица и струмичкото граѓанство имаат негативен став спрема процесите на преродбата. Повеќе влијаеле другите градови од Македонија - Кукуш, Штип, Велес и други. Значи, движењето било без одреден центар, автохтоно и оргинално.

Друга карактеристика е таа што народните световни училишта со настава на македонски народен јазик прво биле отворени во селата, а многу подоцна во градот.

Преродбата во Струмичко се карактеризира и со тоа народните учители и свештениците кои богослужеле на црквенословенски јазик, како и водачите на движењето, требало да се борат со еден, навистина

9)А. Иширков, Стопански чъртици, „Македонски преглед", I, София, 1924, 34.

10) Александар Матковски, Крепосништвото во Македонија, Скопје, 1978, с. 362.

добро извежбан, и со силни позиции, пропаганден апарат.[11]

Еве, во едно такво бурно време и заострени до крв односи го започнал своето учителствување младиот, сè уште дете, Арсени Костенцев. Тој како да бил предодреден за улогата што требало да ја одигра. Растел и се челичел заедно со движењето на кое му служеше и во кое го внесе сето свое битие, претворајќи го од младо и мало момче, ситно на вид, но јак по дух, во жилав и бескомпромисен борец против грцизмот.

Роден е во август 1842 год. во Ново Село кај Штип, од татко Георги Костенцев и мајка Марија Х. Каранфилова - Костенцева. Завршил ќелијно училиште кај учителите Василко и Темелко. Прво ја научил азбуката, потоа буквар, наусница, псалтир, апостол и светче. Кај друг учител, Павле Грозданов (ученик на Неофит Рилски), научил да пишува на книга, а кај учителите Коце Шиќерински и Димитар Павлов учел црковно пеење и псалтика. Биле ден од најдобрите ученици и псалти во градот. Според кажувањето на Костенцев, сите негови учители биле од Штип.[12] Големиот родољуб, Георги Костенцев ќе влијае и врз првите чекори на Арсениј во преродбенското движење. Имено, своето преродбенско „крштавање“ да се израземе фигуративно, Арсени го доживеал во Струмица, две години пред да стане учител, како дете, на шеснаесетгодишна возраст, кога татко му го довел на гости кај Костадин Раненико в за Петровден. На тој ден во Струмица се случувал голем народен собор што траел два дена и на кој доаѓале луѓе од повеќе градови и села.

Посетата за големиот празник Георги Костенцев не сакал да биде обичен гост. Тој на ум имал нешто поголемо: преку младиот Арсени, кој бил одличен црковен певец и знаел да чита црквенословенски, сакал да ја пропагира силата на народниот збор и писмо. Затоа, пред да тргнат за Струмица, по барање на татка си, Арсени го подготвил Неофитовото евангелие и псалтиката за да пее во Струмица. На денот посетиле петнаестина куќи на виза и секаде, во секоја куќа, тој псалел или пеел, се разбира на народен јазик. Тогаш, на Петровден во 1858 година е направен првиот обид за воведување богослужба на црквенословенски јазик и на тој ден под сводовите на грчките цркви во Струмица зазвучел разбирливиот, милозвучен црквенословенски јазик, со што е зададен првиот удар на грцизмот и Патријаршијата, дотогаш неприкосновена и семоќна. Тоа бил голем настан за Струмица иако од страна на грчкиот владика биле упатени силни закани. Тој дури организирал и убиство на младиот Арсени, но во тоа не успеал.

11) Иван Котев, Училиштето во село Робово од преродбата до денес (1860-1995), Струмица, 1995, с. 30.

12) Арсени Костенцев, Спомени, Софиа, 1984, с. 9.

Ставајќи го животот на коцка, затоа што Јеротеј организирал убиство на младиот Арсени, тој во еден метеж, во една мачна и тешка атмосфера исполнета со клетви и дофрлања, во една ѓурлутија, како што ќе рече Костенцев, ги прочитал апостолот, херувикото и достојно ест. Другиот ден истото се повторило и во црквата „Св. Костадин“. Сега во богослужбата учествувал и струмичанецот Евтим Раникиков кој го прочитал апостолот, а Арсени ги прочитал другите црковни песни. Тоа читање во двете струмички цркви е првото огнено крштавање на младиот Арсени Костенцев. Ладнокрвен и храбар, а истовремено одличен црковен певец, тој ги пленил срцата на струмичани, но станал трн во окото на Јеротеј. Тој ќе стане најголем душман и прогонувач на Арсени сè додека не го отстрани од просветата, барем за еден подолг период.

Овие два настапи го означаваат продорот на словенскиот јазик во црквите, а малку подоцна и народниот македонски јазик во училиштата.

И отворањето на првото училиште во Струмичко на народен македонски јазик е поврзано со името на Арсени Костенцев. Судбината ги замешала своите прсти.

Во ноември 1859 година умрел татко му, оставајќи ги незгрижени своите три сина и две ќерки. Згора на тоа, ортаците му ја прикриле стоката од дуќаните, оставајќи го семејството на Георги Костенцев буквално на улица. Затоа Арсени го напушта своето Ново Село и повторно доаѓа во Струмица кај побратимите на својот татко. Тој се надевал дека видните трговци и влијателни граѓани ќе му обезбедат работа за да го помогне опстанокот на своето семејство. И не се излагал. Овде останал кратко време затоа што браќата Раникикови успеале да му најдат учителско место во блиското село Робово. Со тоа започнува учителската одисеја на осумнаесетгодишниот Арсени Костенцев.

Кога се работи за отворањето на првото училиште на народен македонски јазик во Струмичко треба да подвлечеме дека освен Арсени Костенцев, големи заслуги има и селскиот првенец дедо Мицо Караџата. Тој бил и заштитник и пријател, и другар и советник на голобрадото учителче, како што го викал од милост. Тој бил исклучителна личност. Повеќе автори кои пишувале за робовското училиште, за дедо Мицо го означуваат како „најмудар и најхрабар“[13], „истакнат селски првенец“[14],

13) Александар Трајановски, Преродбеникот Арсениј Костенцев, Современост, 5-6, 1994, с. 142.

14) Манол Пандевски, Преродбенското движење во Струмичко до 70-тите години на XIX век, Зборник на трудови, Струмица, 1989, с. 194.

„родољубивиот селски првенец"[15], „енергичниот, интелигентен и богат"[16], „селски првенец чорбаџи Мицо Караџата"[17] итн. Работата на Арсени Костенцев во робовското училиште била тесно поврзана со активностите и несебичното залагање на овој исклучителен човек. Тоа е указ дека првите училишта на народен македонски јазик опстојале и работеле затоа што се потпирале на народот и на неговите врвови; тоа е показ дека времето на преродбата барало такви луѓе - смели, практични и енергични и раѓало такви луѓе.

Дедо Мицо ги собрал робовчани во својата куќа, им го претставил новото даскалче и им објаснил дека тој ќе ги учи нивните деца на народен јазик што го разбираат сите. Притоа тој ги советувал своите соселани да не ги слушаат струмичките гркомани, затоа што тие сакаат да ни се изгуби јазикот и да не водат како мечки врзани за носевите. Иако неписмен, но со бистар и остар ум, дедо Мицо ја чувствувал исконската врска меѓу јазикот и народот. Јазикот го разбирал како орудие за одбрана на својата народност. Богат и моќен не се плашел од Јеротеј и неговите закани дека ќе биде изопштен од црквата. Таквата храброст и сигурност тој ја пренесувал и на робовчаните, но и на младиот Арсени Костенцев кој тргнал по трнливиот пат на учителскиот живот.

Училиштето прво почнало да работи во куќата на Мицо Караџата. Во почетокот дури и донирал учебници што биле набавени од печатницата на Костадин Држилович од Солун. Уште во првите денови одзивот за посета на училиштето бил голем. Според искажувањата на Арсени Костенцев, се собрале 45 деца од селото, а од околните села Дабиља, Сачево, Муртино, Моноспитово и Банско дошле 4-5 деца на повидни и побогати селани. Во училиштето настава посетувале и 5 деца од Струмица - Ефтим, Јанаке и Томчо Раненикови и две деца на Кантарџи Панов Гугуш.

Според сознанијата со кои располагаме, во училиштето Костенцев ги вовел следните предмети: Пѫрво познание, Св. история, Катагизис, Землеописание, Бѫлгарска кратка история, Краснописание и пр.[18] Не е исклучена можноста, учениците да учеле и од црковни книги - Псалтика, Часлов, Евангелие и др.

Арсени Костенцев, иако млад, покажал солидни организациони способности. Наставата се одвивала во една поголема соба од куќата на

15) Проф. д-р Ристо Кантарџиев, Отворање на народни училишта во Струмичко..., с. 42.

16) Д-р Манол Пандевски - Ѓорѓи Стоев - Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица, 1969, с. 163.

17) Бранко Панов, Црковно-просветните борби..., с. 93

18) Арсени Костенцев, Спомени, .... с. 16.

дедо Мицо. Сите деца, и оние од другите села, и од Струмица, живееле во селото, а дома си оделе само во саботите. По извесно време училиштето се преместило во една напуштена селска куќа што набрзина била адаптирана за оваа намена. Немало клупи. Децата седеле на обични рогозини. Условите за работа биле многу тешки. По барање на учителот, дедо Мицо во Струмица порачал 25 клупи. Наставата се одвивала целодневно. Преку зимата децата учеле од сабајле до заодот на сонцето, а летно време се правела пауза учениците да одат до дома и да јадат. Пред да си одат дома, учениците секогаш читале молитви и пееле песни.

Во своите „Спомени“ Костенцев не ни соопштува за тоа, по кои учебници работел. Но, тргнувајќи од неговите искази дека учебниците ги набавувале од книжарницата на Костадин Држилович во Солун, претпоставуваме дека станува збор за учебниците на Партенија Зографски „Кратка Свештена историа на Ветхо - и - Новозаветната црква“ печатена во Цариград во 1857 година и „Началное ученóе за децата“, печатена исто во Цариград во 1858 година. Овие книги тогаш биле во употреба во училиштата на народен македонски јазик Јужна Македонија. Нешто порано по овие учебници работел и Димитрија Миладинов додека бил учител во Кукуш (1857-1859).

Арсени Костенцев бил силна личност. Иако млад, скоро дете, целиот свој физички и духовен потенцијал го употребил за принципите и идеалите на преродбата. Ако напорите на преродбениците беа насочени кон будењето на народниот дух, а тоа бараше обнова на старите и градење нови цркви и манастири, отворање на училишта на народен македонски јазик, собирање и зачувување на материјалното и духовното богатство на народот и печатење книги на народен јазик, Арсени наполно се вклопува во тие напори.

Во текот на своето четиригодишно учителствување во селото Робово, тој ќе го употреби сето свое знаење и умешност и како учител, и како црковен певец, и како активен чинител за градење на нова црква и училиште во село Робово. Активно се вклучил за исфрлањето на грчкиот јазик од црквите во Струмичко, а за воведување на црквенословенскиот, активност која му донела многу почит кај обичниот македонски човек од една, и голема омраза кај гркоманите и Грците на чело со Јеротеј, од друга страна. Народот бил жеден за разбирливиот мајчин збор. Затоа бил слушан со внимание и восхит. Во тој контекст да ја спомнеме случката што се случила во село Босилово, оддалечено околу 2 км од Робово. На инсистирање на дедо Мицо, Арсени на Св. Атанас, селскиот празник на Босилово, во босиловската црква читал на народен јазик. Во тоа време во Робово уште немало црква. Кога дознале селаните од околните села

дека во црквата во Босилово се чита на родниот јазик, почнале масовно да ја посетуваат. Оттогаш во Босилово во црквата повеќе не се читало на грчки.

Таквата антигрчка активност наишла на отпор кај претставниците на грчката црква. Струмичкиот иконом кој свештеночинувал во неколку блиски села до Робово, почнал кампања меѓу селаните да не ги праќаат децата на училиште, оти било протестанско и сл. Зад таа кампања стоел владиката, Гркот Јеротеј. Тој знаел дека училиштето е искра која секој миг може да пламне и затоа настојувал преродбенскиот процес да го задуши уште во зародиш: со клетви и клевети, со анатеми и тужби, па и со убиства, ако треба. Тие биле испробани методи. Поврзани со турските власти, борбата за словенски јазик и писмо во црквите и училиштата ја претставувале како политичка борба и бунт против султанот. Така, благородните напори и активности биле претставени како антидржавни и политички дејствија што имале за цел рушење на турската империја. Јеротеј од своите платени и неплатени доушници добивал секојдневни информации за работата на училиштето и другите активности на младиот учител. Затоа тој почнал да го клевети и да го прогонува Арсени. Неколку пати бил затворан поради клеветите и обвинувањата на Јеротеј. Доколку не биле силните врски на дедо Мицо и другите напредни струмичани, Костенцев сигурно ќе завршел во некој од казаматите во Турција и прашање е дали ќе извлечел жива глава. Имено, Јеротеј го обвинувал Арсени дека е руски шпион и барал најстроги казни.

Созреала идејата за градење на црква во Робово. Иницијатор бил пак дедо Мицо. Тој го замолил Арсени да направи список на селаните од Робово и околните села кои ќе приложат пари или материал за изградба на црквата. Дедо Мицо бил извонредно богат човек. На Св. Спас, патронот на робовчани, ден кога селото го славело својот верски празник, почнала акцијата за изградба на црквата. Прв на списокот се запишал Мицо Караџата, дарувајќи скоро 700 кг пченица на свое и на името на неговите синови. Арсени Костенцев и дедо Мицо Караџата оделе од куќа во куќа и запишувале кој што ќе даде. Собраните материјали биле продавани и претворени во пари. Заслужува внимание фактот дека Алим бег, чифлиг-сајбија во Робово и многу влијателен меѓу беговите, активно се вклучил во изградбата на училиштето и црквата и со материјали и со давање помош за добивање дозволи за градба што не била лесна и едноставна работа. Кога материјалот за градба бил набавен, и дозволата за градба на црквата обезбедена, и кога требало да се постават темелите на црквата и да се пазарат мајсторите, Арсени застанал пред селаните и рекол:

- Браќа селани, ве молам, ако ги сакате своите деца, направете

понапред училиште, оти е штета и гревота децата да ви мрзнат во оваа колиба, оти тоа не е училиште, а просто колиба, затоа што кога ветерот дува од една страна, излегува низ другата, затоа пак ве молам, понапред пазарете го училиштето, а по црквата или и двете одеднаш ги пазарете.[19]

Селаните го поддржале учителот. Едногласно се донело решение прво да се изгради училиштето, а потоа црквата. Била добиена специјална дозвола за градба на училиштето, царски документ, ферман, документ што и денеска се чува во фамилијата на Крсто Милков, еден од правнуците на дедо Мицо Караџата.

Арсени Костенцев не бил случаен човек. Со тек на времето созревал и како учител и како општественик. Покрај дедо Мицо, кој одржувал врски со многу видни општественици и познати луѓе, младиот учител стапил во контакт со познатиот етнолог и фолклорист Стефан Верковиќ, со браќата Шулеви од Велес и со други, за што сведочи и сочуваната кореспонденција на Ст. Верковиќ. Оваа кореспонденција сведочи дека Стефан Верковиќ живо се интересирал за изградбата на училиштето и црквата и за текот на работите бил редовно известуван. Така, во едно писмо, Ташо Мицев, член на семејството Раненикови, го известува за состојбата со градбата на црквата во Робово и бара книги за сè уште неизградената црква. Тој го моли Верковиќ колку е можно побргу да испрати црковни книги заради тоа што „основна тешкотија за ширење на јазикот е недостатокот од црковни книги, заради што топло ве молиме како знаете, час порано да се потрудите да испратите книги на робовската црква на која, бидејќи ѝ е готово целото ќересте, ќе почнеме да ја правиме...“[20]

Во понатамошниот текст на писмото, Ташо Мицев го известува Верковиќ дека Грците се готови да набават книги и да ја изградат црквата целосно под услов во неа богослужбата да биде на грчки. Чувствуваме потреба да го цитираме и овој дел од истото писмо: „За оскудицата од книгите, бидејќи има некоја грчка сила и тоа доста јака, која ветува не само книгите бадијала да ги дарува, туку и црквата цела совршено да ја направи...“[21]

Соработката на Костенцев со Стефан Верковиќ се проширувала и во други области. Тој за еминентниот археолог, етнолог, етнограф и фолклорист собирал и фолклорни материјали и му ги испраќал на Верковиќ. Така, во споменатото писмо тој пишува: „А заради песните,

19) Арсени Костенцев, Спомени ..., с. 23

20) Документи за българското възраждение от архивата на Стефан И. Веркович 1863-1893, София, 1969, документ бр. 77, с. 107.

21) Исто.

ако сакаш 300 јас ќе ти испратам 600, да не береш касавет“.[22] Од истата кореспонденција дознаваме дека струмичките преродбенски дејци собирале и етнографски материјали и ги испраќале на Верковиќ.

Собирањето и објавувањето на народни умотворби има големо значење за позитивните текови на преродбата. На наједноставен и за обичниот човек разбирлив и прифатлив начин народните умотворби го афирмираат македонскиот народ како посебен народ со своја традиција, култура, обичаи и историја. Народната ризница го сочувала и, преку фолклорот што се ое објавувал, го дава на показ и го афирмира македонскиот јазик како посебен. И, што е многу битно, фолклорот во својата целост ги истакнува духовните и творечките вредности на народот. Затоа Зборникот на Миладиновци е книга над книгите, по која следат многу други зборници и изданија на материјали од фолклотот во разни весници и списанија со што се афирмирал и фоклклорот и неговите собирачи. Овој наплив на љубов кон народниот дух не го избегнал и Костенцев. Тој собирал материјали за Верковиќ, ама и објавувал.[23]

Тој и во наставно-воспитниот процес често се служел со фолклорните материјали, особено со кратките жанри. Тој во предговорот на својата книга со кратки жанри 1.000 поговорки, пословици и кратки поучения[24] пишува: „Со нив често се служев за воспитното влијание врз учениците и возрасните, наместо да им држам долги говори и поуки. И смело тврдам дека успешно и на место кажаната поговорка или пословица или мудра изрека дава неспоредливо посигурни резултати од долгите дидактички изливи“.[25]

Арсени Костенцев од училиштето во Робово направил минијатурен училиштен центар, но и расадник на учители. Овде останал четири години. Работел многу напорно, дење и ноќе, зиме и лете без никаков одмор. Откако „оставив за учители неколку мои ученици во околните села, се најмев за учител во село Попчево, еден саат јужно од Струмица“.[26] Овде на училиште доаѓале 15 деца од Дојранската каза. Очигледно Арсени станал популарен и надвор од границите на Струмичката каза. Во Попчево Арсени останал две години, од 1864 до 1866 година. Потоа, по наговор на Јеротеј, оди за учител во селото Ваташа, а потоа, по краток престој во Измир, а

22) Исто.

23) Поопширон види: Ленка Татаровска, Браќата Михаил и Арсениј Костенцеви како фолклористи, Јубилеен годишен зборник, книга 22, I, Скопје, 1996, с. 293 - 309.

24) 1000 ПОГОВОРКИ, ПОСЛОВИЦИ И КРАТКИ ПОУЧЕНИ, събралъ и съставилъ АРСЕНИ КОСТЕНЦЕВ от 1860 - 1886 год., София, 1916.

25) Исто, с. 3.

26) Исто.

по препорака на Димитар поп Ѓоргиев, станал учител во Пехчево. Овде останал неполни две години, од 1867 до 1868 година.

Кога во 1869 година Јосиф Ковачев во Штип организирал педагошко - методски курс со цел да ги обучи наставниците од штипските и другите училишта кои имале желба да ја применуваат новата гласна (звучна) метода, Арсени Костенцев се запишал и го посетувал овој курс. Учител со богато педагошко искуство, Арсени бил свесен дека педагошката наука оди напред. Тој бил совесен човек и сакал да оди во чекор со времето. Затоа, по три месеци учење, по препорака на Јосиф Ковачев, заминува за учител во Неготино каде што сакал практично да ја примени новата метода.[27] Потоа учителствува во Битола и во други места.

Својот трнлив животен пат го завршува во Софија во 1921 година.

Арсени Костенцев остави длабоки траги во педагошката и не само педагошката историја на Македонија, особено во Струмичко и Струмица и во родниот Штип. Секогаш кога требало да се легитимира при честите апсења под обвинение дека е од Московот, тој гордо изјавувал дека е од Штип и дека неговото отечество е Штип.

Активно учествувал во градењето на цркви и училишта, помагал на бедните, иако бил беден, учел и поучувал, псалел на македонски народен јазик со што, и во училиштето и во црквата, ја будел и развивал љубовта спрема родниот мајчин збор. Собирал и објавувал фолклорни материјали, одел по селата да собира помош за училиштата и црквите демонстрирајќи пр тоа голема љубов спрема сѐ што е народно.

Костенцев од младо учителче порасна во учител и патриот со дух и визија за една посреќна, просветена и просперитетна Македонија.

Тој го даде својот дел. Со срце и душа.

Ние му благодариме!

27) Доне Пановски, учебникари и просветители, с. 193 - 194.

УДК: 37.014.3(497.7)”18”

м-р Верица Јосимовска
Институт за историја и археологија
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

# ДЕЛАТА НА ЈОСИФ КОВАЧЕВ И ВРЕМЕТО ВО КОЕ ГИ СОЗДАВАШЕ

Постои еден период во штипската историја за којшто велиме дека е период на педагошките реформи на Јосиф Ковачев. Со неговото име е поврзан почетокот на модерната ера на педагошко-просветната работа во Штип, во Македонија и во поширокиот регион на Балканот.[1]

Имено, тој веднаш по дипломирањето во Киев, како стипендијант на Фондот на Васил Априлов, од почит и благодарност кон него, заминува за Габрово, и таму станува учител во учебната 1867/1868 година, во тамошното класно училиште, кое подоцна прераснало во гимназија.[2] За кратко време за него почнал да зборува целиот град. Сите биле восхитени од неговата работа. Но тоа не им се допаднало на тогашните власти и по неколку месеци, по наредба од Мидхад Паша, кајмакамот од Габрово му дава налог веднаш да го напушти градот и да замине за Штип. На тој начин присилно била прекината неговата реформаторска дејност и така протеран од Габрово се враќа во родниот Штип.[3]

По покана од училишното настојателство во „заемното училиште“ во штипско Ново Село, каде и пред тоа го завршил своето образование, овој прочуен педагог и просветител, почнувајќи од учебната 1868/1869 година, направил неговите ученици да учат во училиште по сите европски стандарди. Набргу потоа, пак со негова заслуга, Штип станал непресушен извор на кадри за учителска дејност во Македонија и надвор од неа.[4] Од 1871 година кога излегла првата генерација учители, неговото училиште станало расадник на педагошките идеи во Румелиските вилаети. Тие стандарди, кои тој ги воведе во образованието пред 141 година, сè уште

1) Ристо Кантарџиев, Јосиф Ковачев – основач на првите педагошки училишта во Македонија, Просветно дело, 1966

2) Юбилеенъ Сборникъ по случай 25 годишнината отъ Габорвската Априловска Гимназия, Пловдивъ, Печатница на ХР. Дановъ,1900

3) Иван Илиев Стоянов. История на Българското възраждане Издателство „Абагар“, Велико Търново, 1999 г.

4) Йордан Иванов, Северна Македония, С.1906.

не загубиле од својата важност. Но, токму поради тие свои идеи, младиот учител Јосиф Ковачев со универзитетска диплома од Русија, која во тој период била непријателска земја на Турција, се соочил со прогони, полициски иследувања и затворски тортури наречуван со погрдно име „московец“. Независно од тоа што бил чист професионалец, целосно предаден на педагошката модернизација на училиштата, на подготовка на квалитетни учители, полицијата постојано се сомневала во него.

Во квечерината на Руско-турската војна во 1877 година, турските власти не му давале спокој, како руски воспитаник постојано бил иследуван и малтретиран. Поради тоа, тој одлучил да испрати писмено образложение до претставниците на Големите сили во Цариград и го испратил по специјален пратеник. Во него тој ги опишал страдањата на населението од турскиот терор и самоволие и бара од Русија да се заложи да ги заштити за да се подобри положбата. Им образложил дека постои опасност, населението вака незаштитено да го прифати Унијатството со Римо-католичката и да се отцепи од Источно-православната црква. Тоа му направило силен впечаток на грофот Николај Игнатиев, руски пратеник во Цариград, кој не допуштил образложението да се предаде на другите претставници. Го успокоил пратеникот на Ковачев и го убедил дека Русија наскоро ќе победи и се ќе се реши.

Веднаш потоа Јосиф Ковачев бил уапсен и испратен во озлогласениот затвор Беаз куле (белата кула) во Солун. Од затворот го спасиле паричните средства од пријателите Евреи од Солун и граѓаните на Прилеп. Цела година по излегувањето од затвор останал без работа.

Таа година тој не ја потрошил залудно, токму во тој период ја започнува неговата книжевна дејност. Седнал во својата родна куќа во Штип и се зафатил со пишување на учебници.[5] На Благовец, во 1873 година, како што пишува во предговорот, го напишал учебникот „Школска педагогија“.[6] Тоа е, всушност, и првиот учебник по педагогија на нашите простори. Следната негова книга напишана во Штип е Букварот по звучна метода за народните школи, напишан на бугарски јазик од причини што во тоа време на тој јазик се говорело во училиштата. Тој е автор и на Букварот по нагледна и гласова метода, печатен во Виена во 1874 година,

5) Првиот буквар изработен по гласовната аналитичко-синтетичка метода во Македонија (1875 година), Просветно дело, Скопје, 1966 г.; Й. К., Буквар по нагледна и гласна метода - Виена, 1874 г.; Й. К., Едно мнение за общия език и правописание у нас, в. Ден, г. 1, бр. 16, 1875 г.; Й.К.,Раководство за првоначално обучение в четечото и писането звучна метода - Пловдив и Софија, 1879 г.

6) Йосиф Ковачев, „Школска педагогия или методическо ръководство за учителите и управителите на народни школи”, 1873 г.

кој подоцна целосно е загубен. Го напишал и учебникот Методика за обука на учителите за читање и пишување по звучната метода објавен во 1879 година.

Во периодичното списание „Орган на бугарското книжевно друштво“, едно од најсериозните списанија во тоа време[7], во 1876 г., објавил статија под наслов „Организација на народните школи“ забележителна по оригиналните идеи на авторот. Преведувал и дела од француски јазик.

Јосиф Ковачев, млад и перспективен, полн со енергија и прогресивни идеи, со забрана од турските власти за вршење на дејноста, без средства за егзистенција и страв од нови иследувања и тортури, се решава на бегство во штотуку ослободената Бугарија. Тоа било присилно напуштање на родното огниште, и тоа засекогаш[8].

Во новата средина знаеле да ги ценат неговите способности. Целосно му било овозможено да ја организира педагошката дејност, дури бил поставуван и на одговорни функции. Станал началник на одделението за просвета во Пловдив, а потоа општински училиштен инспектор во Софија. Подоцна бил назначен за главен секретар во Министерството за просвета и член на Државниот совет за просветна дејност. Во периодот 1885-1887 бил градоначалник на Софија. Тој е основач на Катедрата по педагогија на Софискиот универзитети нејзин прв професор[9]. Благодарение на разнообразната педагошка дејност Јосиф Ковачев бил голем авторитет и за колегите и за студентите и за општеството во целина. Јосиф Ковачев и неговата сопруга, која исто така е штипјанка, спаѓаат и во редот на добродетелите[10]. Во тестаментот што го оставил пред смртта огромната библиотека што ја поседувал ја подарил на Солунската гимназија, а својата сопруга ја задолжил со тестаментот да формира Фонд „Јосиф и Катерина Ковачеви“ и да го подари целокупниот имот што го поседуваат за школување на талентирани деца.[11]

Починал на 31 октомври 1898 година, на 50-годишна возраст. Временската дистанца од 121 година не успеала да ја избрише неговата големина, тоа за нас како негови сограѓани е голема чест, но неодминлив е коментарот дека поради теророт што го вршеле турските власти посебно

7) „Орган на бугарското книжевно друштво“, год.I, кн. 9-12, 1876,

8) ........и се реших да оставам времено отечеството си и да се оддалечам въ свободна България ....извадоци од „Автобиографијата“; Алманах Софийския университет „Св. Кл. Охридски“, 1940 г., стр. 298.

9) Първостоителите на първия български университет, Брошура в чест на 120 години от създаването на Софийския университет „Св. Кл. Охридски“, София 2008

10) Биографија на дарителите Екатерина и Јосиф Ковачови, Софија, 1936.

11)Исто

врз интелектуалниот слој, Штип го загубил својот Јосиф Ковачев и плејада личности слични на него. Во овој случај, најголемиот добитник во сето ова била соседна Бугарија.

УДК: 37.014.511:2(497.731)(091)”17” м-р Кире Филов

# РАЗВОЈОТ НА ПРОСВЕТНАТА ДЕЈНОСТ ВО ШТИП ПРЕД, ЗА ВРЕМЕ И ПО ЈОСИФ КОВАЧЕВ

Кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, Турската Империја ја следат големи општествено-економски промени што биле резултат на силниот продор на капитализмот и создадените капиталистички односи.

Во феудална Турција занаетчиството и трговијата земале замав што условувало да се создаваат поволни услови за економското јакнење на градовите во Македонија. Со порастот на занаетчиството и трговијата во Македонија започнало да се оформува и македонското граѓанство, средина која на своите плеќи ќе го понесе и развојот на општествено-економскиот и културно-просветниот живот на Македонскиот народ во XIX век.

Во овој период на развој на Турската Империја, Штип се развил во еден од поголемите занаетчиски и производни центри. Штип бил прочуен по производството на шарлаган, кожи, казани, производи на терзискиот занает и сл. Освен занаетчиството и трговијата во Штип започнала да се шири и писменоста. Во почетокот на XVII век манастирите и црквите во Македонија биле центри на македонско-словенската писменост. Тука, освен што се чувала црковната книжевна традиција, туку се вршела и училишна функција-црковната просвета и образование. Така започнува просветната дејност не само во Штип туку во цела Македонија. Првото скалило од образованието биле т.н. ќелијни училишта (манастири), потоа, црковни ќелијни училишта (кога оваа улога од манастирите ја презела црквата) за да од средината на XVII век започнат со работа првите световни келијни училишта.

Да се задржиме малку на световните келијни училишта. Овие училишта произлегле од црковните училишта. До овој период наставата се одвивала во црквите. Подоцна овие училишта од црквите и манастирите се преселиле во македонските домови. Овие училишта сега нема да работат во црквите и манастирите, туку во приватни куќи. Ќе имаат учители световни лица. Училиштата ќе се отвораат по иницијатива на световни лица и во нивна издршка за работа ќе учествуваат родителите на учениците.

Дека навистина постоеле вакви училишта во Штип покажува податокот дека „*во почетокот на XIX век половина од граѓаните на Штип знаеле да читаат и пишуваат*”, тврди Петар Завоев во неговата книга „Град Штип”. Во Македонскиот алманах од 1940 година издание на ЦК на македонските политички организации од САД, Канада и Австралија стои: „*Уште пред 1793 година штипјани имале блгарско келијно училиште… Во Штип имало одамна ќелијно училиште, а од пред 100 години сето машко население било писмено*”.

Со порастот на бројот на световните ќелијни училишта растел бројот и на учениците во нив. Прв учител кој се споменува во Штип бил даскалот Крив Мано, за кого се знаело дека учителствувал во Штип некаде околу 1830 година.

Ова биле само почетоците на просветната дејност во Штип. Подоцна овие световни ќелијни училишта прераснале во општи ќелијни училишта. Кон крајот на 1840 година во Штип е отворено првото општо ќелијно училиште и прв учител бил Павле Грозданов.

Многу е значајна 1861 година за развојот на просветата во Штип. По покана од истакнати штипски граѓани во Штип да учителствува бил повикан познатиот учител од Велес Ѓорѓи Милетиќ. Милетиќ наполно го реорганизирал училиштето во Штип. Во наставната работа ја вовел Ланкехстерската метода, вовел нови предмети и користел наставни помагала во работењето. Истата 1861 година е отворено и првото женско училиште.

Според Ристо Кантарџиев, во неговата книга, „Македонското преродбенско училиште во Ново Село, Штипско, првото световно училиште датира од 1862 година, а до 1876 година се отвориле над 118 вакви училишта”.

Првото класно училиште во Штип го отворил Јосиф Ковачев. Тоа е од исклучителна важност зошто станува збор за специјално класно училиште. Преку него штипјани на најнепосреден начин ја започнуваат борбата за свое национално осознавање. Тоа претставувало брана против бугарската Егзархија и нивните пропаганди. Јосиф Ковачев бил основач на педагошкото богословско училиште во Штип.

Во развитокот на просветата во Македонија, педагошките идеи на Јосиф Ковачев имале и имаат значајно место. Роден во Штип во 1839 година, се школувал во келијно училиште во родниот град кај познатиот учител Павле Грозданов. Својата учителска работа ја започнал како многу млад на 16 години кога бил учител во Гнилање од 1855 до 1859 година. Овде за првпат доаѓа до судир со суштествените педагошки прашања на кои започнал да бара одговори. Сакајќи да ја надгради стекнатата педагошка

основа своето школување го продложил во Духовната семенарија во Белград. Стремежот кон повисоко образование го водел Ковачев кон понатамошни студии во Духовната академија во Киев. Тука престојувал четири години, од 1864 до 1868 година. Тоа е периодот на неговото формирање и изградување во комплетна педагошка личност, педагог и еден деец. Особено влијание на неговото образование има познатиот руски педагог Ушински чии дела ќе најдат широка примена во работата на Ковачев по неговото враќање во Македонија. Во 1868 година се враќа во Штип, поточно во Ново Село, каде што започнал да работи како учител. Веќе во 1869 станал главен учител на градот и ја започнал својата реформаторска педагошка работа. Во Штип започнал да размислува за поставување на македонските училишта врз нови и современи основи, за што основен услов бил кадарот. Затоа во 1869 година во Штип го основа Специјаното училиште кое ќе служи за производство на наставнички кадар. Ваквото училиште е прво од ваков тип во Македонија. Тоа е класно училиште и има два класа. Во ова училиште Ковачев за првпат ќе го воведе класниот и предметниот систем на наставна работа. Сите свои педагошки способности Јосиф Ковачев ги насочува на ова училиште и неговиот напредок.

Напоредно со ова Ковачев започнува и со својата творечка работа. Напишал и издал буквар според звучниот метод. Ја објавил првата Школска педагогија. Покрај специјалното училиште, Ковачев во Штип оторил и неделно училиште за возрасни. Недостигот на школски простор, како резултат на зголемениот интерес за школување во двокласното училиште, Ковачев го решавал преку својот авторитет. Тој го заинтересирал граѓанството во Штип за изградба на ново училиште. Ова училиште било изградено за неполни две години, а го носело името на македонските просветители браќата Кирил и Методиј.

Иако придонесот на Јосиф Ковачев за развојот на просветата во Штип бил огромен, сепак на треба да се заборават и неговите современици кои исто така дале голем придонес во изградбата на просветната дејност во Штип. Не бил помал уделот кој во развојот на просветата го дале соработниците и следбениците на Ковачев, како: Димитар Грозданов, Коце Шекеринов, Александар Живков, Атанас Чепреганов и други. Во седумдесеттите години на XIX век со Ковачев работеле и: Михаил Ковачев (негов брат), Александар Поп Орушев, Манџуков и други.

За време на работата на Јосиф Ковачев во Штип започнале да се образуваат и жените. Градот на свој трошок испратил ученички во Габрово да се подготват за идни учителки. Меѓу нив биле: Сава Шекеринова, Анастасија Ковачева (сестра на Јосиф) и Славка Темелкова.

Големото ангажирање на Јосиф Ковачев направило сомнеж кај турските власти дека како човек може да биде опасен за турската држава. Затоа често бил прогонуван. Пред Руско-турската војна Ковачев работи во Прилеп. тогаш е затворен и одведен во солунскиот затвор од каде што по еден месец излегува и се враќа во Штип. По едногодишно прогонување во 1878 година го напушта Штип и оди во Бугарија, каде што живее и работи сè до својата смрт во 1898 година. По заминувањето на Ковачев од Штип за учител бил назначен Иван Каранов-Кратовец. По него биле повикани Димитар Павлов, Димитар Белајана, а до 1883 год. во Штип учителствуваат уште Константин Шекеринов, Александар Живков и Атанас Чепреганов.

Зад себе Ковачев оставил три значајни дела за педагошка работа: „Школска педагогија“, „Раководство на првоначелното обучение“ и „Блгарски буквар устроен по звучната метода“. Секако, најважна е „Школска педагогија“, прв учебик во Македонија од таков вид од македонски автор. Како што вели и Ковачев во книгата „Школска педагогија“ претставува вид методолошки водич за учителите и управителите на училиштата.

И покрај силните странски влијанија во Македонија и во Штип, педагошката дејност не замрела. По заминувањето на Јосиф Ковачев неговата работа ја продолжиле неговите соработници кои дале голем придонес за развојот и зачувањето на училиштата во Штип. Штипските учители и јавно се судирале со странските пропаганди во Македонија, како што се грчката, српската и бугарската пропаганда. Борбата со Бугарската егзархија била извонредно тешка и исцрпувачка. Подоцна учителската дејност продолжила во услови на силната револуционерна дејност. Револуцинерниот дух особено ќе се почувствуа со доаѓањето на Даме Груев, а подоцна и на Гоце Делчев заедно со Туше Деливанов како учители во штипско Ново Село. Овде покрај овие истакнати револуционери учителствувале и Ристо Ѓурков, Ѓошо Горчев, Славко Арсов, Александар Поп Орушев, Мише Развигоров и други. Со доаѓањето на Гоце Делчев во Штип, во учебната 1894/1895 година заедно со Туше Деливанов и Даме Груев, во Штип започнала организирана работа на учителите.

Во услови на силни странски пропаганди, во услови на силна револуционерна дејност, школството во Штип продолжило да работи и да се развива сè до ден-денес кога Штип е модерен град со неколку основни и средни училишта, со модерен Универзитет кој го продолжува делото на старите штипски учители и произведува модерни наставни кадри од сите области на науката и уметноста.

**Користена литература**


Трајко Донев: Развојот на школството и просветата во Штип и Штипско, Штип 1997

Астибо I-XX век

Dragan Taskovski: Radzanje makedonske nacije

Штип низ вековите, книга прва, Штип 1986

УДК: 37.011.3-051:94(497.7)”18”

Лидија Камчева

# ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ И НЕГОВОТО УЧИТЕЛСТВУВАЊЕ ВО ШТИП

Просветата во Штип и Штипско, како и во цела Македонија, во текот на XIX век поминала преку повеќе развојни фази, во зависност од типот, видот и степенот на училиштето. Најнапред просветата се одвивала преку т.н. старовремска школа. Основните карактеристики на старовремската школа, поточно нејзината физиономија и педагошко-наставна содржина биле следниве: училиштата немале ниту закони ниту правилници, работеле според установената традиција. Училишта отворале манастирите и црквите и некои приватни даскали и граѓанството. Во училиштата се изучувале: азбука, буквар, наусница, псалтир, светче, пишување, сметање, пеење и морално воспитување. Прибор за пишување биле плоча, хартија и плајвес. Старовремските даскали биле народни. Спогодувањето на даскалот станувало преку пазарлак меѓу даскалот и црковните муктари. Освен плата, даскалот добивал бесплатен стан и храна во манастирот или училиштето.

Во првите децении од XIX век немало посебни училишни згради, ниту во градот ниту во селата. Училиштата биле во манастирските конаци или во приватни куќи. Дури од половината на XIX век започнала изградбата на посебни училишни згради.

До средината на XIX век најраспространети биле ќелијните училишта. Во Штип вакви училишта имало во 30-тите години од XIX век. Според некои податоци, ќелијни училишта во Штип имало уште во XVI век, а веќе во 30-тите години од XIX век постоеле помодерни ќелијни училишта. Во Штип, во овој период, постоеле неколку видови на училишта (општонародно, приватно ќелијно, приватни училишта). Првото световно училиште во Штип било отворено кон крајот на 1840 година, а за даскал бил избран Павле Грозданов. Тоа постојано се развивало, проширувало и зацврстувало. По неговата смрт за учители биле поставени неговиот син Димитар и полубратот на Јосиф Ковачев, Анастас Ковачев. Во 60-тите години на XIX век се појавуваат и првоначално (основно) и класно или главно, со што училиштето во Штип се подигнало на прогимназијален степен.

Меѓутоа, потребите што ги наложувало времето и развојот ги принудило штипјани да размислуваат за насочување на училишното дело кон една попрактична специјализација и за отворање на нови поудобни и современи училишта.

Основоположникот на овие нови класни специјални училишта бил Јосиф Ковачев, роден во 1839 г. во Штип. Основното образование го добил во штипското ќелијно училиште и заемното училиште на Павле Грозданов. Својата наобразба ја стекнува во Белград и Русија на Духовните семинарии (академии), а работи како учител и во косовско Гнилање. Престојот во Русија ќе одигра решавачка улога во натамошниот развој на Ковачев. Посебно кај него ќе најдат израз реформаторските идеи на руските општествени, просветни, педагошки и демократски работници Чернишевски, Доброљубов, Пирогов, Ушински и други.

Така солидно подготвен и вооружен со напредни педагошки и методски знаења, Ковачев доаѓа во Штип. Тој добро ја знаел положбата на школството во Македонија и единствена задача и цел му била да го реформира, осовремени и модернизира по теркот на напредните земји. Во 1869 година станува главен учител во Штип и тогаш се зафаќа со реализирањето на своите реформски замисли во образованието. Во Штип тој го основал првото класно училиште во Македонија за подготвување учители и свештеници по теркот на тогашните руски богословски училишта. Покрај општообразовните, во наставниот план на училиштето видно место заземале богословските и педагошките предмети. Ова училиште било од мешан тип, учеле и машки и женски. Во поглед на женското образование Ковачев имал напредни мислења, дури се залагал за отворање на женски институт за подготвување на народни учителки, на кои им одредувал посебна просветителска улога.

Работата и активноста на Ковачев не се исцрпува само со тоа, туку тој во штипското училиште за првпат ја применува гласовната (звучна) метода во наставата и систем на работа по часови и одделенија (класови).

Само за три години како главен учител и реформатор на училиштата во Штип (1869 – 1872) Ковачев се здобил со широка популарност во македонската јавност. Во 1871 година Ковачев имал среќа од своето училиште во Штип да ги извади првите учители, првата генерација просветни работници во Македонија, кои наставата ја следеле во едно ново, реформирано народно училиште.

Во 1872 година Ковачев бил преместен во Прилеп, но училиштето ја продолжува својата работа по трасирана насока од него. Истовремено училиштето од двокласно во осумдесеттите станало трикласно и на крај четирикласно. Во такво училиште учителствувале и Ѓорче Петров, Даме Груев и Гоце Делчев.

Штип ја имаше таа среќа во него за првпат да учителствува и директорува (во учебните 1894/1895 и 1895/1896 г.) човек кој во душата е социјал, по убедување социјал-демократ, по делата - револуционер, Гоце Делчев.

Според преданијата на некои постари староседелци на Штип, Гоце Делчев во Штип пристигнал во ноември 1894 година, а според неговиот сопатник од Софија, Туше Делииванов - во октомври 1894 година. Ако точно не може да се утврди денот и месецот на пристигнувањето на Гоце во Штип, со сигурност се знае дека веднаш бројот на ученици во Ново Село се зголемил на 400. Во градот под Исарот, брзо се раширила веста дека во Штип дошол учител од далеку, кој многу добро предава во училиштето.

Доаѓањето на Гоце Делчев во Штип означувало враќање на револуционерот во својата поробена земја, враќање што имало педагошко и социјално значење. Тој учител ќе стане предавач на деца од различни националности и средини. А тоа означувало квалитативни промени во еден училиштен систем, а училиштето добива нов третман и димензија. Сето тоа не е средина каде што се исмејувал слабиот ученик, ниту место каде што се ставале слаби оценки или само да се заврши училиште заради добивање свидетелство. Децата доаѓале за стекнување на знаења. Така реформираното училиште од современи учители, каков што бил и Делчев, прераснува во педагошка средина привлечна за многу деца.

**Педагошките погледи на Делчев**

Педагошкото дело на Делчев, како политички учител на својот народ, се совпаѓа во времето кога социјалните и училишни услови за работа во Македонија се специфични. Гоце не завршил учителска школа, па според тоа тој не бил професионален учител. Но, за разлика од многу други учители, Гоце Делчев бил академски граѓанин, зашто во Софија завршува курс на Воената академија.

Главниот мотив што го натерало Гоце да стане учител, имал политички карактер. Сакал да се најде меѓу широките народни маси заради политичка пропаганда. Сакал да го наобразува секој Македонец и секој Влав. Да ги просветува и културно да ги издигнува граѓаните.

Поседувал добра говорничка способност, толку добра особена за еден просветител. Се одликувал со строгост до граници на одмереност, се трудел да биде близок до учениците и до нивните родители. Со тоа ја покажувал својата педагошка и андрагошка способност и наклонетост. А социјалните и општествените услови му наложувале да биде борец за општонародно образование. Тој дијалектички сфатил дека за прогресот на човештвото, како и за ослободување од ропството, секому му е потребно

знаење. Со тоа сакал робот да го издигне на интелектуално ниво и да се осознае дека тој таков не се родил, зашто ропството не е наследна појава.

Затоа тој во воспитувањето на граѓаните и децата акцентот ќе го стави на моралното образование, кое како црвена нишка ќе се протега низ сите негови влијанија. Сакал да создаде колектив на рамноправни граѓани, граѓани со исти права но и задолженија. А најголемото задолжение за него било ослободувањето. Поради ова се зафаќа за превоспитување на децата, решил да ги бодри и да ги осмелува. Почнал да им дава поуки и задачи од типот: „Кој нема да ја прескокне клупата на крајот од учебната година, нема да минува во погорното одделение! – Кој ќе го наклевети својот другар на друг, јазикот ќе му го отсечам! – За вашите сторени грешки, вие сами ќе си пресудите! – Училишниот прибор да го местите така што кога ќе ви затреба и во темнина да си го наоѓате! – На сила одговарајте со сила. Клин со клин се вади од дрвото! итн“.

Неговиот социолошко-педагошки план на работа ќе го сочинуваат: принципите на народноста, патриотизмот, демократичноста и интернационализмот. Тие начела во работата на Делчев се поврзани во единство и го сочинуваат неговото филозофско учење.

Според неговата концепција за размислување и за дејствување, училиштето преставувало социјална и педагошка средина за менување на свеста на граѓаните.

Неговата умствена универзалност го доведува да биде народен просветител, а подоцна и директор на училиштата во Штип и во Банско, воедно прифаќајќи ја грижата за работата на другите учители, нивната секојдневна работа во училиштата и темелното образование на децата.

Според овој учител, воспитната и образовната функција секогаш треба да се разгледуваат во единство. Ако образованието е знаење, воспитанието е однесување во општеството врз база на тоа знаење.

Со такви филозофски убедувања на 22 години застанува со дневникот во рацете пред штипските деца.

Според  Делчев, училиштето не е само педагошка, туку и социјална средина која треба психолошки да ја измени личноста, како умствена така и идеолошка. Затоа тој народен учител упатил општ повик кон сите граѓани за масовна посета на училиштата. Таквата заложба за образование за сите граѓани ја потврдува неговата висока свест и патриотизам.

Делчев одел и уште подалеку во однос на социјалните права на човекот. Тој барал државата да води грижа за образованието. Уште првите денови кога дошол во Штип широко ги отворил вратите на училиштето за децата, за младината и за возрасните граѓани. Тоа училиште претставувало и центар за образовно и за културно издигање на широките народни маси. Тоа станува средина за будење на националната свест.

Гоце се трудел своите ученици добро да ги запознае и да проникне во нивните души. Како образован граѓанин, ги признавал индивидуалните разлики и навики кај децата. Тој подеднакво работел и со учениците во првата и со учениците во последната клупа. Учениците кои покажувале послаби резултати не ги карал ниту ги навредувал, туку им ја влевал вербата во сопствените сили дека со работа и со вежбање и тие можат да бидат добри како нивните другари.

Гоце Делчев спаѓа во учителите хуманисти. Тој ги отфрлил физичките казни како средство за воспитување. Казните ги заменил со зборови на убедување. Верувал во децата и во нивните можности. Затоа почесто ги учел да не се караат и да не развиваат омраза меѓу себе. Тој не само што знаел да ги одбере тие морални пораки за воспитното влијание на учениците, но тоа им го објаснувал на еден театрален начин. За кратко време кај децата се почувствувала промена. Тие станале повесели, поживи во однесувањето, започнале да си играат во поголеми групи, родителите поретко доаѓале во училиштето да си ги пречекаат децата. Децата добиле смелост сами да си доаѓаат и да се враќаат од училиште. Така охрабрени децата ја почувствувале сопствената емоционална слобода.

За разлика од другите учители, тој имал поспецифичен начин на работа  со децата. На часовите по неговите наставни предмети им давал текстуални задачи заради развивање на логичкото размислување. Со таквите задачи тој го проверувал детското мислење и нивната способност за критичко расудување. Во наставниот процес покажувал и голема смисла за т.н. корелација. Знаел успешно лекциите по еден предмет да ги поврзе со другиот предмет, лекциите од математика да ги поврзе со лекции од историја и на тој начин да ги распламтува и националните чувства.

Еве една од тие задачи во корелација математика - историја:

- На Турците робуваме...пет векови. Еден век има 100 години. Колку години Македонија ѝ робува на Турција?
- Одговор: 500 години.

Поука: Уште толку ќе робуваме ако седиме со скрстени раце.

Понекогаш на почетокот на часовите Делчев им поставувал невообичаени прашања на учениците од кои чекал одговор. На пример: „Деца, знаете ли да ми кажете зошто вие учите? Или, дали знаете од кај дојдоа Турците кај нас? Или, што е тоа експлоатација? Откако ќе добиел неколку одговори и тој одговарал, на пример: „Кога некој му го зема лебот на оној што си го заработил, доаѓа до експлоатација. Едниот е пчела што си го заработил лебот, а другиот е крлеж што му ја цица крвта. Работникот останува гладен, а крлежот сит. Ете, зошто јас беговите ги нарекувам крлежи“.

Во неговата педагошка работа во училиштето ќе биде забележана и групната работа на учениците. Инсистрирал децата да учат колективно распоредени во помали групи, мислејќи дека на тој начин послабите деца ќе добијат помош од подобрите, децата подобро ќе се запознаат меѓу себе, ќе си помагаат и ќе прераснат во вистински пријатели.

Во книгите останало запишано и тоа дека Делчев имал обичај пред учениците, за време на часовите, да си ги протрлува рацете како да е настинат. Тоа било знак дека бара од учениците да му раскажуват приказни за некои јунаци, особено за Крали Марко.

Како интелигентен учител, првата година како наставник тој предавал Географија, Француски јазик, Геометрија и Историја (според едно свидетелство од 25 јуни 1895 г). Сите тие наставни предмети ги предавал со подеднаков успех, што покажува дека тој совесно си ја извршувал предавачката улога, како и тоа дека ги познавал основите и на општествените и на природните науки.

Гоце Делчев бил ценет учител во Штип. Тој добро се подготвувал за часовите. Планирал и размислувал за лекциите, за начинот на работа, за нагледното објаснување, за предавањето и за извлекувањето на поуките. Тој бил против формалните знаења, да се учат формите на зборовите, без да се знае содржината. Тој бил за знаења кои ќе бидат корисни во животот на човекот.

Во националниот систем на македонското школство ќе биде забележано и отворањето на андрагошката школа во Штип. Тоа се случило во првата година од учителствувањето на Гоце во Штип. Така, во учебната 1894/1895 година група напредни учители во Штип ја отвориле таа школа. Главни организатори и иницијатори биле истакнатите народни просветители Дамјан Груев и Гоце Делчев.

Гоце Николов Делчев во историјографијата на Македонија е познат како револуционер и борец за националното ослободување на македонскиот народ, а во училишниот систем како прогресивен учител. Во историската педагогија неговото име поретко се споменува, неговиот наставнички лик не е доволно разработен, бидејќи педагошката документација и евиденција од неговото време не е сочувана. Сведоци за неговата работа се само свидетелствата на учениците потпишани од него.

Вредните штипјани за да се сеќаваат на учителот од Кукуш на спомен-релјефот во дворот на училиштето каде што учителствувал Гоце ја запишале неговата филозофска мисла – *Јас го разбирам светот, единствено, како поле за културен натпревар меѓу народите*.

УДК: 37.011.3-051”1945-”

м-р Марија Коцева
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

# ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА УЧИТЕЛИ ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Корените на образованието за учители во Штип почиваат во делото на штипјанецот Јосиф Ковачев уште пред повеќе од едно и пол столетие. Повеќе од 140 години јадрото на импулсите за растежот на хуманистичката мисија на македонското учителство зрачи од Штип и Штипско.

Тој континуитет постои до денешни дни, се разбира, со извесни успони и падови во зависност од историско-политичките услови што ги диктирало времето. Единствено по Втората светска војна може да се каже дека учителското образование доживеало повторен почеток во многу порелаксирана средина и со посилен интензитет од кога било со тенденција на растеж. Така, веднаш по пропаста на фашизмот, во ослободениот Штип започнува новиот карактер на образованието по македонски модел. Тоа претставувало голем напредок за штипското образование кое било пример за сите останати градови во Македонија.

Градот Штип на свој начин го симболизира македонското учителство во неговата најблагородна смисла.

Учителската школа „Гоце Делчев“ во Штип[1] е творба на македонскиот народ во годините на неговиот обновителен и градителен полет непосредно по Втората светска војна и по создавањето на македонската држава. Во моќен просветен, образовен и општокултурен фактор во Република Македонија израсна благодарение на домаќинството на градот Штип и на неговата поширока околина, коишто се карактеризираат со исклучително богати, многуслојни и инспиративни учителски традиции. [2]

Учителството во овој регион се напојува од благородните врутоци, чиишто сокови проникнуваат дури до IX век, кога токму овдешните македонски Словени први на Балканот го примиле христијанството од светиот учител Методиј – пред да замине за Моравија, истовремено

1) Учителската школа во Штип (и во Битола) е отворена со Решение на Владата на НР Македонија, под број 24 од 30.7.1946 г.

2) Николовски, А. Придонесот на учителската школа „Гоце Делчев“ – Штип во просветата, образованието и културата на Република Македонија, Штип, 1999, 23.

примајќи ја и писменоста како највисока цивилизациска придобивка и како генијален концентрат на поранешните духовни процеси и веќе осознаени потреби на словенството.

Во столетијата на османлиското владеење во близината на Штип дејствувал прочуениот Злетовски просветно-културен центар со препишувачко-творечко жариште на „псалтири, триоди, октоиси, евангелија, пaресиси, минеи, апостоли, патерици, житија, паренесиси“[3] и други форми на средновековно литературно творештво.

Борбата за употреба на македонскиот јазик во училиштата и во богослужбата раѓа плејада истакнати културни дејци меѓу нив и видните народни учители Павле Грозданов, Михаил Ковачев, Димитар Белајана, Коце Шеќеринов, Александар Живков, Атанас Чепреганов и др.[4]

Пиедесталот на штипското учителство сепак му припаѓа на Јосиф Ковачев (1839-1898) - основачот на првото класно, прво во Македонија педагошко-богословско училиште во 1869 г.[5] Неговите европско-руски реформаторски идеи, демократизацијата, актуализацијата на програмските содржини, успешноста во оспособувањето на домашни современи учители, првите основоположнички теоретски дела со педагошка проблематика, претставуваат нов квалитет и ново збогатување на учителските традиции во Штип и Штипско.[6]

Се посодржајниот училиштен и воопшто просветен и културен живот, и пиететот на штипјани кои учителството го воздигнуваат преку новите маркантни учителски дејци, од рангот на Ѓорче Петров, Мише Развигоров, Туше Делииванов, Даме Груев, Димитар Мирасчиев и др., кои со својата просветно-културна и револуционерна активност придонеле не само за растежот на учителските традиции, туку и заројавата на учителскиот дух и на организациските способности на идеологот на македонското ослободително движење Гоце Делчев (1894-1896).[7]

Отворањето на Учителската школа во Штип, според тоа, имало логичен и далекусежен потег, чиешто историско значење се зголемува со хуманизмот, слободарството и творечкиот дух на нејзиниот патрон-Гоце Делчев (1872-1903). Така Учителската школа во Штип со името на својот

3) Апостолов, А, Манастирот „Св. Гаврил Лесновски“, 1997,104.

4) Донев, Т., Развитокот на школството и просветата во Штип и Штипско, Штип, 1997,18-35.

5) Цветковски, Б., 100 години од првото Педагошко училиште во Штип, сп. „Историја“, Скопје, 1969, 21.

6) Кантарџиев, Р., цитираната книга, 107 и понатаму.

7) Донев, Т. Развитокот на школството и просветата во Штип и Штипско, Штип, 1997, 45-47

патрон стана природен наследник не само на благородните учителски традиции на Штип и Штипско, туку и наследник на хуманистичките и слободарските идеали на големиот син на македонскиот народ, што во новосоздадената македонска држава можеа да се оживотворуваат со млади учители кои ќе ги красат морални, стручни, работни, интелектуални, естетски и јазични особини и способности, што ќе бидат личности кои со својата душевност и култура, ученољубивост и широкоградост, креативност и издржливост, и со својата свест за потребите на татковината, ќе бидат носители на промените и преобразбата на Македонија во модерна и духовно богата држава.

Со оглед на таквата состојба и пристојните напори за понатамошното реализирање на политиката за опфаќање на сите деца со задолжително осумгодишно образование, се јавила потреба од основање на ВПШ во Штип.

Врз објективните претпоставки и потреби, иницијативата и залагањето на Народниот одбор на Општина Штип наишла на полно разбирање пред Советот за просвета и култура на НРМ и пред Народното собрание на НРМ. Со Одлука бр.53 од 29 септември 1959 година од Народното собрание на НРМ се основа Вишата педагошка школа во Штип. Школата започнала со работа на 12 ноември 1959 година.

Тоа било време кога прокламираното уставно право и обврска за задолжително осумгодишно образование на сите граѓани на СФРЈ, засновано врз јасната прогресивна политика на Програмата на СКЈ, се изразувало во практиката во еден динамичен развој на училишната мрежа. Вековната потреба за образование, особено во Македонија, потребата од стручни кадри е незамислива без стручна оспособеност и општа елементарна култура. Таа се манифестирала во едно планско, а понекаде спонтано незапирливо настојување за ширење на мрежата на училиштата од прв степен, за надградување на недоволното четиригодишно образование, за доближување на училиштето и до најоддалечените места. За таквиот забразан развиток на основното образование постоеле веќе и објективни материјални можности. За релативно краток временски период се постигнало многу, иако пред целосното реализирање на таквата наша политика стојат уште бројни нерешени прашања (материјални средства, простор, оддалеченост, превоз и сл.).

Изборот на првите наставници по конкурсот што го објави Матичниот одбор го изврши Советот за просвета и култура на НРМ, според постојните законски прописи за високото школство. Се избраа осум наставника во звањето предавач на виша школа и еден хонорарен во звањето професор

на виша школа. [8]

Вишата педагошка школа (ВПШ)[9] ја започна својата работа во дел од просториите на бившата учителска школа. Решението, при недостаток на друга зграда имаше смисла само дотолку што на тој начин се обезбедуваше една нужна соработка меѓу две педагошки установи.

Натамошната еволуција на условите во основното школство се имплицираа константно и врз нејзината внатрешна организација. Студиозните оценки на перспективниот прилив на ученици во нижите одделенија на основните училишта рефлектираа неодложни потфати кон преориентација во физичкиот обем и образовното ниво на идните одделенски наставници, за да можат целосно да одговараат на современите образовни барања. Во контекстот на училишната реформа била и начелната насока за закривање на учителските школи, односно прераснување на вишите педагошки школи во педагошки академии како единствени институции за подготвување наставнички кадар за основното училиште. Во нивниот состав се конституира Отсекот за одделенска настава, кој започна со прием на студенти и изведување настава во учебната 1961/1962.

Во својата досегашна работа, Академијата во Штип била секогаш свртена кон барањата и потребите на општеството. Академијата како институција и нејзините стручни работници беа двигатели и носители на повеќе акции во креирањето на училишната и не само на училишната политика во својот регион. Настојувањата на Академијата за подигнување и усовршување на педагошко-стручното ниво на наставничкиот кадар и на унапредувањето на школството се видливи и тоа е една потврда на нејзината работа.

Меѓутоа, со Одлука на Универзитетската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од 13 јуни 1995 год. е основан Педагошки факултет во Штип. Факултетот на повисоко наставно-образовно и научноистражувачко ниво започна нова етапа во развојот на овие дејности, чии почетоци датираат од времето на формирањето на Вишата педагошка школа во 1959 година, односно Педагошката академија од 1961 година. До септември 2007 година, Педагошкиот факултет беше во составот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Од септември 2007 година, Педагошкиот факултет влезе во состав на новоформираниот државен Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со своето богато искуство во наставно-научната дејност.

8) Поп Ефтимов, Д. Раководство за учителите од долниот курс на основните училишта во Македонија за учебната 1944/1945, Скопје, 1945, 21.

9) Вишата педагошка школа, Монографија, Штип, 1959.

Овој незапирлив растеж на штипското образование останува со тенденција на изградба на кадри со научни потенцијали кои имаат капацитет да станат креатори на современото образование.